Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ - Св. Николе

Факултет за психологија- втор циклус студии

Студиска програма клиничка и советодавна психологија

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Какви се ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај училишни деца

Ментор

Проф. д-р Ана Чучкова

Кандидат:

Стефановска Христина

M233022

Свети Николе, 2024

Апстракт

Темата на овој магистерски труд гласи „Какви се ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај училиштни деца?„ и истиот е поделен во два дела.

Во првиот дел од трудот преку четири поглавја е прикажан теоретскиот дел за поимот библиотерапија. Првото поглавје говори општо за библиотерапијата како поим и дефиниција и какви видови библиотерапија постојат. Второто поглавје ја обработува библиотерапијата низ призма на воспитно-образовниот процес во секојдневната настава, инклузивната настава, работа со надарени деца и библиотекарска дејност во училиштето. Третото поглавје ја проучува библиотерапијата како начин кој влијае врз животното сценарио на една личност. Четвртото поглавје дава теоретска основа за видови и избор на книжевно дело во библиотерапевтска дејност.

Во вториот дел од трудот е прикажано практично методолошко истражување спроведено на наставници од основни училишта во Република Северна Македонија. Цел на ова истражување е придонес во нови сознанија за примена на библиотерапијата кај деца од училишна возраст, како дел од воспитно-образовниот процес, и поттикнување на интерес кон оваа тема кај учителската популација, а воедно и поттикнување на имплементација на библиотерапијата како алатка за работа со деца. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека наставниците во одделенска настава повеќе ја применуваат библиотерапијата од наставниците во предметна настава, наставниците кои имаат стручна поддршка од стручните соработници во училиштето повеќе ја применуваат библиотерапијата во воспитно-образовниот процес од оние кои немаат.

Клучни зборови: библиотерапија, деца, наставници

Abstract

The topic of this Master's project "What are the points of view and experiences of the teachers of the subjects and grade teaching on the implementation of bibliotherapy in the educational process among school children?" and this Master's project is divided into two parts.

In the first part of the project, through four chapters, the theoretical part about the term bibliotherapy is presented. In the first chapter is written in general about bibliotherapy as a concept and definition and what kind of bibliotherapy exists. The second chapter deals with bibliotherapy through the prism of the educational process in everyday teaching, inclusive teaching, work with gifted children and librarian activity in the school. The third chapter studies the bibliotherapy as a way of influencing a person's life scenario. The fourth chapter provides a theoretical basis for types and selection of literary work in bibliotherapy activity.

In the second part of the project is shown practical methodological research conducted on teachers from primary schools in the Republic of North Macedonia. The aim of this research is to contribute to new knowledge about the implemention of bibliotherapy among school-age children, as part of the educational process, and to stimulate interest in this topic among the teaching population, and also to encourage the implementation of bibliotherapy as a work tool with children. The results of the research confirm that teachers in primary education apply bibliotherapy more than teachers in subject teaching, teachers who have professional support from professional associates in the school apply bibliotherapy more in the educational process than those who do not.

Keywords: bibliotherapy, children, teachers

СОДРЖИНА

1. **ВОВЕД**

1.1.БИБЛИОТЕРАПИЈА ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА

1.1.1 Цели на библиотерапија

1.1.2 Видови библиотерапија

1.2.БИБЛИОТЕРАПИЈА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

1.2.1. Библиотерапијата како начин на поттикнување на читањето во основното образование

1.2.2. Способности и компетенции на наставникот

1.2.3. Библиотерапија во инклузивна настава

1.2.4. Примена на библиотерапија кај надарени деца

1.2.5. Примена на развојна библиотерапија во работата на компетентен библиотекар во современа библиотека

1.2.6. Книжевноста и вредносните критериуми на книжевните текстови во списанијата за деца како библиотераписки третман

1.3. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ВЛИЈАНИЕТО НА БИБЛИОТЕРАПИЈАТА ВРЗ ФОРМИРАЊЕ НА ЖИВОТНО СЦЕНАРИО НА ЛИЧНОСТА

1.3.1. Разбирање на методот на терапија со бајки во психолошките науки

1.3.2. Успешна комуникација како предуслови за успешна библиотерапија

1.3.3. Групно поврзување и групна динамика

1.3.4. Библиотераписки активности при групни интервенции во траума и стрес кај деца

1.3.5. BASIC Ph интегративен библиотераписки модел за соочување и резилиентност

1.3.6. Избор на соодветна библиотераписка конструкција

1.3.7. Општи детерминанти на библиотерапискиот процес

1.3.8. Развој на социјални и емоционални вештини за време на библиотерапијата со драма и куклена игра

1.3.9. Примена на библиотерапијата

1.4. ИЗБОР И ВИДОВИ НА ЛИТЕРАТУРНО ДЕЛО ВО БИБЛИОТЕРАПИЈА

1.4.1. Примена на бајка-сказна

1.4.2. Сказните на браќата Грим

1.4.3. Сказните на Ханс Кристијан Андерсен

1.4.4. Сказните на Марко Цепенков

1.4.5. Примена на поезија и поетска терапија

1.4.6. Примена на новели

1.4.7. Примена на анегдоти

1.4.8. Примена на легенди и преданија

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1. Предмет, цел, задачи и хипотези

2.2. Користени податоци

2.3. Статистички методи и модели

2.4. Ограничувања

3. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА

3.1. Опис и структура на примерокот

3.2. Дескриптивна статистика и тестови за еднаквост

3.3. Корелациона анализа

ЗАКЛУЧОК

ЛИТЕРАТУРА

ПРИЛОЗИ

1. ВОВЕД

„Добрите приказни се вкоренуваат во душата на детето

и со текот на времето раѓаат доблести„

Платон

Читањето и книгите се поими со кои секој човек се среќава од своите најмладите години. Верувам во тоа дека нема човек на кому барем еднаш во животот не му е раскажана некоја приказна, или не научил нешто од книга. Во оваа магистерска теза, читањето, раскажувањето и литературата ќе биде разгледана, од поинаква перспектива, психолошка перспектива. Овој труд ќе има задача да покаже како книгата може да биде најдобар пријател, советник и помошник и терапевт за човекот. Денес, од перспектива на истражувачи можеме слободно да кажеме дека читањето квалитетна литература за деца претставува влог во иднината градена од децата, идните стожери на нашето општество. Библиотерапијата е интерактивен процес помеѓу оној кој што го чита библиотерапиското дело работа и оној којшто слуша, односно меѓу самата книга и оној за кого е таа наменета. Целта е да се поминат сите фази на библиотерапија и конечно да се дојде до решение на проблемот, што понатаму тоа би бил сосема природен и неинвазивен начин на барање решение. Примената на библиотерапијата во воспитно-образовната работа може да има исклучителен ефект и позитивно влијание за одредено дете, но и за цело одделение. Може да биде корисен метод за решавање вообичаени проблематични ситуации во секојдневниот училиштен живот како што се конфликти, исклученост или изолација од општеството, врсничко насилство, но и за многу подлабоки проблеми како на пр: развод на родителите, смрт, прифаќање деца со пречки во развојот, разбирање на надарени деца и многу други различности.

Теоретскиот дел на трудот се однесува на дефиницијата за библиотерапија,примена на библиотерапијата во образованието и во инклузивен систем и настава како и примена на истата во работа со надарени деца, терапевтска приказна како животно сценарио, опис на процесот на библиотерапија, презентација на примената на библиотерапијата и научни истражувања, селекција и видови библиотераписки книжевни дела како: списанија за деца, бајки, поезија, новели, анегдоти, преданија.

Предмет на истражување во овој магистерски труд е утврдување на ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај училиштни деца. Истиот произлегува од мојата секојдневна практика во работа со деца. Во емпириските дел на тезата се прикажани резултатите од ставовите и искуствата на наставниците од одделенска и предметна настава за примената на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес. Мислењата се однесуваат на нивната самопроценка за компетентност за примена на библиотерапија, запознавање со основните поими, употреба на литература или приказната во воспитно-образовната работа, оспособувањето на наставниците во текот на нивната едукација за спроведување библиотерапија, мотивација и подготвеност за апликација на истата.

1.1 БИБЛИОТЕРАПИЈА, ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА

Библиотерапија или буквален превод од грчки јазик „лекување преку книга“ е поим присутен во медицинскиот речник ,но и во секојдневната комуникација. Библиотерапија, англ. bibliotherapy, грчки. biblion – книга, библиотека, грчки. therapeia – лекување = лекување со книга. Денес библиотерапијата е една од гранките на уметничката терапија, латински ars, artis - уметност, знаење, наука, вештина. Таа е еден од начините на уметничка терапија, во кој основен инструмент е книжевното дело.

Скочич Михич и сор.(2017) истакнуваат дека моќта на лечење со книга е во минатото позната во многу култури, а корените на библиотерапијата потекнуваат од психоаналитичкото подрачје на работа со возрасни каде литературата првпат е користена како терапевтски алат. Моќта на зборовите и употребата на литература за подобрување на здравјето е стар метод кој се користел уште од античко време. Познато е дека античките Грци ја сфатиле моќта на книгата и неговото лековито влијание врз човекот, а своите библиотеки ги нарекувале санаториуми за души. Во Египет на пациентите им препишувале зборови како лек со цел човекот да ја врати нарушената ментална состојба на умот. Во многу африкански култури зборот или стиховите традиционално се рецитираат за лековити цели. Во доцниот среден век, болничките библиотеки се проширile, а англискиот лекар Брус Брус-Портер напишал дека болницата Калиф Ал

Мансур во Каиро обезбедува услуги за читање Куран од страна на свештеникот на болните кои беа подготвени тоа да го слушаат. Како лек за несоница се читале приказни и истовремено се пуштало музика. Во 19 век, лекарите во болниците им препишувале избрани книги на пациентите со цел подобро да ја разберат нивната болест, симптоми и третман. Првото спомнување на библиотерапијата како техника на третман е забележано во средината на 19 век. Самиот термин библиотерапија, кој е создаден со комбинирање на грчките поими библион и терапија за првпат се употребени во стручна статија во 1916 година од страна на Крот. Тој го користел овој поим за да опише како им препорачува книги на пациентите на кои им била потребна помош и разбирање за нивните здравствени проблеми. Концептот на библиотерапија во модерното време се користи интердисциплинарно и затоа е двосмислено бидејќи се користи во бројни и различни контексти. Библиотерапијата се користи како помошна техника во рамките на логотерапијата, гранка на психотерапијата која е основана од виенскиот психијатар Виктор Франкл, и која се обидува да даде одговор на прашања за егзистенцијалната празнина кај луѓето. Покрај клиничката библиотерапија спроведена од психотерапевти во болниците како помошен метод во психотерапијата, постои и библиотерапија во поширока смисла, како што е насочено и водено читање, кое може да се вклучи во програмите за читање додека се работи со различни возрасни групи. Риордан и Вилсон ја дефинираат библиотерапијата како водено читање на пишани материјали со цел да се постигне разбирање и решавање на проблеми важни за лична терапија и потребите на поединците.

Постојат многу различни дефиниции за библиотерапијата. Бери (1978) библиотерапијата ја дефинира склоп на техники за остварување на интеракција помеѓу терапевтот и клиентот која е втемелена на заедничко делување со посредство на литература. Шехтман (2010) дава дефиниција за клиничка библиотерапија според кој таа се дефинира како метод на користење на литература во третман и лекување на луѓе со емоционални и ментални пореметувања. Ајлон (1995) ја дефинира библиотерапијата како термин кој се однесува на планска употреба на книжевен текст и дело поради олеснување и поттикнување на различни начини на носење со стресот. Според Скошич Михич и Кларич (2014) библиотерапија во воспитно-образовна смисла е постапка која ја изведуваат различни професионалци кои работат со училишни деца и ја користат како помош во

секојдневните ситуации кои неизбежно се случуваат во сложениот социо-емоционално раст и развој на децата. Библиотерапија се дефинира и како институционална или социјална активност која се реализира со помош на еден или повеќе професионалци (лекар, психолог, терапевт, учител, библиотекар, родител итн) користејќи ја дидактичката употреба на литературата и книжевното дело (Bašić, 2011). Во потесна смисла библиотерапијата се дефинира како употреба на одбрани материјали за читање наменети за селективна употреба и терапевтски цели во медицината и психијатријата преку водење низ процес на читање или слушање до решавање лични проблеми (Bašić, 2011, Crothers, 1916, Garlock, 1962, Jack, Ronan, 2008, Riordan, Wilson, 1989, Shrodes, 1950, Škrbina, 2013, Dorland's Illustrated Medical Dictonary, 2000).

Исто така под поимот библиотерапија подразбираме однапред подготвена и испланирана употреба на книжевно дело како што е: проза, поезија, митови, легенди, сликовници и различни книжевни текстови кои обработуваат метафора, споредба, алеорија, рима и ритам со цел да се овозможи олеснување и поттикнување разни стратегии и вештини за емоционална регулација која е наменета за одредена група или индивидуа (возрасен или дете) за целите на потребниот третман. (Barath, Matul, Sabljak, 1996)

1.1.1.Цели на библиотерапија

Библиотерапијата има за цел да влијае на човекот и неговото психичко здравје, да го насочи, збогати и охрабри преку посредство на пишаните зборови. Библиотерапијата му овозможува на читателот или слушателот подобро да се запознае себе и да се прилагоди на одредени животни ситуации и случувања. Библиотерапијата не е психотерапија. Психотерапија претставува контакт помеѓу клиент и психотерапевт додека пак библиотерапијата е контакт на читателот или слушателот кој има контакт со текстот кој пак има улога на терапевт. Освен индивидуалното читање и слушање на книжевно дело од голема корист се работилниците со групно читање кои овозможуваат групна поддршка каде личноста не се чувствува сама во таквата ситуација или проблем (Rudež,2004). Според Башич (2011) библиотерапијата има за цел: да ја зголеми самодовербата кај личноста и самопочитта; да го зголеми чувството и кавлитетот во

интерперсоналните односи; да развие креативност и начин на самоизразување; да го охрабри позитивното размислување и креативото решавање на проблеми; да ги подобри комуникациските вештини особено вештини на активно слушање и говорење; да ја ослободи личноста од напнатост и акумулирани емоции; да пронајде нов начин на размислување низ нови увиди, идеи и информации. Улогата на литературата во библиотерапијата е развој на оптимизам кај читателот, сузбивање на депресијата и песимизмот, одржување на будноста и свесноста на човекот, потсетување на човекот за можноста да надминува, да простува и креира надежи за посветла иднина. (Lecher Švarc, Radovančević, 2015).

1.1.2. Видови библиотерапија

Според Рубин (1978) библиотерапијата се дели на:

А)**Институционална библиотерапија** која се изведува во болница за хоспитализираните пациенти од страна на лекар во соработка со библиотекар.

Б) **Клиничка библиотерапија** ја спроведуваат психотерапевти и психијатри во психијатриски здравствени установи , центри за ментално здравје и психотераписки центри кои се оспособени и обучени за примена на библиотерапија.

Б) **Развојна библиотерапија** се користи за да се превенира стрес и психопатолошки пореметувања, ослободување од емоции кај здрава популација како можност за увид и разрешување при што може да ја изведува лекар, библиотекар, социјален работник, учител со нивна заедничка конзилијарна соработка.

Според Микулетич (2010) библиотерапијата е поделена на **експлицитна** и **имплицитна** библиотерапија. Експлицитна библиотерапија се спроведува само од професионално обучен терапевт, додека имплицитното може да го спроведуваат наставници, воспитувачи, негователи и родители. Тоа и дава за право на библиотерапијата да се спроведува во медицински, образовни, едукативни центри и институции за рехабилитација. (Škrbina, 2013).

Постојат три типа на библиотерапија во однос на учесници, цели, програми и реализатори. Сепак најчестата поделба на библиотерапијата е институционална, клиничка и развојна библиотерапија. Во овој труд предмет на истражување ќе биде употребата на развојната библиотерапија и нејзино користење од страна на наставниците во рамки на воспитно-образовниот процес кај учениците. Развојната библиотерапија е наменета за здрави луѓе во текот на нивниот психофизички развој или во кризни ситуации. Помага во кризни ситуации, надминување на лични проблеми, адаптација и сл. Ја спроведува наставник, библиотекар, педагог, професор или социјален работник. Најчесто се користат техники на интроспекција како дискусија за материјалот, со акцент на реакциите на слушателите или читателите. Развојна библиотерапија се одвива во општествени простори. Примарната цел на развојната библиотерапија е нормален развој и самоактуелизација кај деца и млади. Развојната библиотерапијата има за цел да постигне интелектуална стимулација, сознание дека многу луѓе имаат сличен проблем, личен увид, раст на самопочитта, општ развој, перцепција и стекнување на вредности, реалистично анализирање на ситуации и решавање на проблеми. Детството е временски феномен и драгоцено искуство на секој човек во најраната фаза од неговиот живот. Притоа, феноменот на просторот има секундарно значење, затоа што имагинацијата има неограничена моќ. Детскиот свет не е омеѓен со просторот во кој живее детето, туку зависи од опсегот на неговата имагинација, од способноста за идентификација и од креативноста на сопствениот дух. Во тој период од животот, во чувствата на детето се кристализира една особена и помалку искривена слика на светот, условена со опсегот на неговата перцепција и нивото на интелектуалната свест. Писателот кој во своето дело ќе успее да реализира уметничка транспозиција на животот на начин кој ги задоволува критериумите на тоа ниво, продрел во волшебниот свет на детството и го нашол патот до детското срце. (Витанова А, 2020)

1.2. БИБЛИОТЕРАПИЈА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Читањето литература за деца (книга, списание или лектирно издание) не е само забава за децата и начин како да се пополни време или само наметната формалност и

обврска како дел од наставните програми во воспитно-образовниот процес.(Витанова А, 2020) Со читање на дидактички, едукативни текстови и текстови со измислена содржина, учениците се сретнуваат со предизвиците со кои се соочуваат додека растат. Вакви текстови предизвикуваат емоции кај учениците и им овозможуваат да ги слушнат искуствата на другите ученици од групата, нивните искуства и разбирање на истата содржина и ситуација им помага полесно да се поистоветуваат. Така библиотерапијата води до интелектуални, психосоцијални, интерперсонални, емоционални и бихејвиорални промени на делот личен развој кај учениците (Borovečki i sur., 2005, prema Škrbina, 2013). За време на воспитно-образовниот процес наставникот им помага на учениците во решавање на различни проблеми бидејќи некои ученици поминуваат и повеќе време со наставникот отколку со нивните родители. Неговото однесување кон учениците, разговорот, отвореноста и градење на доверба, ќе им помогне на учениците во нивните животи и нивното психичко здравје. Доколку има ученици кои имаат потешкотија да се доверат, отворат и разговараат, процесот на библиотерапија е најдоброто решение за откривање на проблемите и причините за таквата состојба. Доколку наставникот успее да допре до учениците и да ја развие нивната способност за читање, тој ученик веројатно еден ден нема да има потреба од терапевт кој ќе треба му помогне, ќе му помагаат разбирањето и толкувањето на фактите во литературното дело и ги откриваат своите длабоки емоции и искуства. (Jerkin, 2012). Секој учител треба да има вештини за импровизации со цел читањето да биде живо и драматично. Читањето започнува со израз на самодоверба, и тоа се постигнува ако се запаметат првата и последната реченица од текстот. Говорот на телото на наставникот е многу важен што ќе укаже на поединечни и важни делови од приказната. Остава впечаток кај учениците преку говорот на телото и јачината на гласот на наставникот. Гестовите треба да ја нагласат приказната, но приказната не треба да се раскажува со нагласени емоции, бидејќи тогаш учениците не можат емотивно да уживаат и да се поврзат. По читањето следува дискусија во групата која вклучува прераскажување на приказната, размислување за приказната што се заснова на она што го научиле и на нивните лични претходни и стекнати искуства, прераскажување на настани, наоѓање проблеми во работата, зборување за главните и споредни ликови, искажување впечатоци, набљудување, барање сличност со сопствениот проблем, дискутирање за одредени важни прашања, креирање заклучоци и доаѓање до

увид. На крајот решавање на проблемот после анализа и разбирање на текстот. (Шкрбина 2013) Бајката е активна естетска креативност која ги опфаќа сите сфери на духовниот живот на детето, неговиот ум, чувства, имагинација, волја.„ Оваа креативност започнува веќе во моментот на приказната, а нејзината највисока етапа е инсценирањето“ - вели Васил Сухомлински. Незаменлив атрибут на секое детство, секој човек, секоја нација и историска ера има бајка. Задача на возрасните е само да создадат услови за хармоничен и здрав развој на детето. Бајките ќе им помогнат на децата да растат не само физички, туку и како личност. Денес, бајковитата терапија активно се користи и во корективниот и развојниот процес на децата со посебни потреби како и инклузивните училишни одделенија.

Според Пардеку (1994) постојат шест образовни библиотераписки цели за примена на истата во училиште: достапност на информации, увид во посебно искуство или ситуација, можни алтернативни проблем-решенија, поттикнување дискусија околу актуелен проблем, поттикнување на нови вредности и ставови во однос на одреден проблем, помош во разбирање на ставот на учениците дека не се единствени кои го имале или се соочиле со дадениот проблем.

Бајката е многу важен естетски водич во животот на детето Во предучилишна возраст се случуваат длабоки промени во развојот и естетска перцепција. Правилно организираната естетска перцепција има големо влијание врз духовен развој на детето. Ова води не само до стекнување одредени знаења и вештини до формирање на индивидуални ментални процеси, но и промени во односот кон реалноста, придонесува за појава на нови, повисоки мотиви и иницијални активности кај детето. Така,усното народно творештво има огромен влијание врз развојот на личноста.

1.2.1. Библиотерапијата како начин на поттикнување на читањето во основното образование

Читањето е исто толку важно за растот и развојот на детето колку и потребата за храна, безбедност, здравје и љубов. Преку читањето детето ги развива говорните вештини, го збогатува својот вокабулар, развива, имагинација, размислување и расудување (Шкрбина, 2013).

Во денешно време сме свесни колку технологијата и изложеноста на екран на децата влијание штетно врз нивниот развој и појава на состојби на екранизам и зависност. Исто така, свесни сме како од година во година децата и возрасните се повеќе избегнуваат да читаат. За разлика од зборувањето, читањето не се случува спонтано и бара силна мотивација заради себе бидејќи комплексноста бара и поголема активност која треба да му се допадне на детето и која ќе го мотивира. Бројни автори се согласуваат дека постојат два типа на мотивација. Внатрешната или внатрешната мотивација која се однесува на желбата на детето да разбере одредени текстови и да ужива во нив додека ги чита. Надворешната мотивација обично се однесува на добивање добра оценка, што промовира задоволство кај учениците (Глатки, 2018). Затоа, неопходно е да се развие и внатрешна мотивација за време на растот и развојот на детето со цел почесто да посегнува по книга и читањето да го направи пријатна и секојдневна активност. Секако, во текот на растењето се менува и мотивацијата за читање, затоа е потребно мотивацијата за читање да се приспособи на потребите на учениците и нивните интереси и воедно да им се понудат теми во кои можат да се идентификуваат со ликови или настани, теми кои се интересни и важни за нив, како мотивација и желбата за читање не би ги изгубиле. Веќе беше споменато дека со читањето детето ја развива својата имагинација, го збогатува својот вокабулар и се развива преку ликовите, запознава различни емоции како и начини за справување со одредени проблеми. Ако секој час наставата по литература е идентична на претходниот час многу често ќе доведе до намалување на интересот на учениците за учество, но и за читање. Затоа, неопходно е наставниците да бидат креативни и на иновативен начин да го претстават литературно дело пред учениците тргајќи се настрана од традиционален начин на обработка на книжевно дело. Токму затоа и примената на развојната библиотерапија може да биде корисен метод бидејќи на интересен и креативен начин учениците можат да ја прочитаат и доживеат книгата,да разговараат за она што го читаат, емотивно да се поврзат со ликот и на тој начин стекнат решенија за сопствените проблеми. Преку таквиот начин на работа, учениците ќе бидат повеќе мотивирани за читање, а исто така и наставниците ќе ја поттикнат внатрешната мотивација кај учениците. Во наставата по литература се користат различни методи на работа и обработка на текстот, наставниците ќе го доближат текстот до учениците на таков начин што ќе можат да се идентификуваат со него, преку текстот можат да зборуваат за својот

живот, но и да зборуваат за сето она што текстот го поврзува ученикот со реалноста бидејќи она што е важно во литературата е тоа што на некој начин е одраз на некого и некаква реалност.

1.2.2. Способности и компетенции на наставникот

Наставничката професија е значајна за секоја општествена заедница затоа што наставниците се „огледало“ на општеството. Постојат многу причини кои можат да бидат одговор на прашањето зошто да се биде наставник. Еве неколку од нив: нуди можности да промени нечиј живот; овозможува откривање на нешто ново и креативност во континуитет. Имено, наставникот е истовремено научник и уметник, истакнува М. Стевановиќ (2003); постојано унапредување на сопствената работа; секогаш има можност за задоволство; наставникот вистински го води светот во 21-от век; силна причина да се биде наставник се децата.

Да се биде наставник е работа која бара многу вештини и енергија од личноста која е под различни влијанија, динамични извори, иновации и застарени догми кои дополнително ја отежнуваат наставничката работа. Да се биде наставник е најблагородната професија затоа што создава личност за иднината, го креира животниот пат на индивидуата, открива начин и пат некому да помогне, да го оспособи за живот. Наставниците се полни со енергија и страст и знаат да препознаат, почитуваат и да се дружат со луѓето околу себе. Тие знаат да покажат интерес и грижа. Да се биде наставник значи: да се биде несебичен и трпелив; да знае добро да комуницира; да биде одговорен; да знае да се „носи“ со секојдневните животни ситуации; да биде оптимист и да ја гледа секогаш „светлата страна“.

Размислувањата за тоа зошто да се биде наставник се водени од синтагмата „добар наставник“ за која ќе се обидам да дадам краток осврт. Имено, добриот наставник се карактеризира со: одлично познавање на подрачјето кое го предава, квалитетно ја објаснува содржината, добро управува со времето, го „слуша“ говорот на децата, учениците, родителите, колегите и останатите во заедницата; храбро се соочува со предизвиците; темелно се подготвува за настава; енергичен, динамичен и самоуверен;

достапен и подготвен за соработка; трпелив и љубезен; поттикнува креативност, творештво и оригиналност; создава топла работна атмосфера; креира чувство на припадност и заедништво. Неговата љубов, воодушевување и ентузијазам се огледуваат во работната средина и меѓучовечки односи, со почит кон сите ученици како кон посебни индивидуи. Автентично сведочи со своето однесување, секогаш подготвен да помогне и мотивира, во средина на меѓусебна почит и доверба; Пожртвуван и искрен, поттикнува на перманентен развој и раст. Со својата креативност поттикнува критичко мислење. Со смисла за хумор , води отворена комуникација. Со активно слушање стекнува доверба, со образованието, знаењето и љубезноста воодушевува, а со хуморот релаксира. Подготвен е на промени, прилагодлив, кооперативен и упорен, иновативен.

Задоволството и среќата се услов за ефективна работа и креативно творештво. Од тука и тврдењето дека да се биде наставник не е само занимање, туку професија која содржи „внатрешно“ доживување преполно со емоции. Затоа образованието на наставникот треба да биде во склад со современите научни постигања и позитивна наставна практика. Перспективата на наставникот е во свеста дека професијата бара секојдневно учење и следење на новите научни сознанија бидејќи сложената и одговорна работа на наставникот води кон „создавање“ на луѓе кои во „општеството на знаење“ ќе работат и творат. Призмата на перспективи на наставничката професија е вложување во иднината, односно вложување во наставничкиот кадар и создавање ресурси кои ќе го движат општеството во насока на прогрес и развој. Заради тоа повеќе од нужно е идните генерации да бидат активни учесници и функционално образовани личности.

Во ова поглавје ќе прикажам неколку совети на McEncroe (2007) за наставниот кадар во училиштата кои можат да бидат насоки за примена на библиотерапијата во воспитно-образвниот процес и истите се спроведуваат редоследно:

- Создавање на доверлив однос ученик-учител полн со доверба и почитување;
- Воочување на точен проблем кај ученикот;
- Барање соработка и помош со стручната служба во училиштето;
- Вклучување на родителите со цел анамнеза за проблемот да биде појасен;

- Дефинирање на целта на библиотерапијата и зошто таа ќе биде потребна;
- Дефинирање на активностите кои треба да се спроведат;
- Одбирање материјали и литература за потребите;
- Дефинирање на прашања кои ќе бидат поставени после читањето на текстот;
- Правење споредба и анализа за ученикот пред и после читањето на текстот.

1.2.3.. Библиотерапија во инклузивна настава

„Образованието станува се повеќе интердисциплинарно, а наставниците соработуваат и споделуваат улоги со зголемен број специјалисти надвор од типичното образовно поле“ (Меки и Меквин, 1998; според Maich и Kean, 2004: 2). Ваквата тимска соработка „ е предизвикувачка стратегија за професионалци кои ги вклучуваат децата во инклузивна практика“ (Кери, 1997 г Maich, 2002 година; според Maich и Kean, 2004: 2). Тарнер (2013) наведува дека употребата на библиотерапија е еден начин на учење за разликите во инклузивната настава и е пример за соработка на наставникот со експертите на другите области како дефектолози, логопеди, психолози. Понатаму, набројува многу предности од користењето на добро избрана детска литература во инклузивното одделение бидејќи литературата им дава можност на децата да го гледаат светот од различни перспективи.

Како што е веќе познато, „со повеќето училишни деца, решавањето на проблемите преку литературата е неинвазивен и пријателски пристап кон децата, а библиотерапијата може да биде ефикасна интервенција кога не може да биде достапна друга интервенција за децата со социјален или емоционален проблем или дете со развојни тешкотии итн.“ (Maich и Kean., 2004) наведуваат голем број проблеми што може да се решат со библиотерапија на час: регулација на гнев, проблеми во однесувањето, слика за себе, злоупотреба, промени во животот, развој на карактерот, културни разлики, депресија, проблеми со дисциплина, лош социо-економски статус, неуспех, семејни несогласувања, чувства, пријателство, тага, бездомништво, безнадежност, болест, осаменост, ментална болест, психолошки притисок, сиромаштија, предрасуди, способност за решавање

проблеми, религија, почит, прифаќање, самопочит, социјални вештини, посебни, злоупотреба на супстанци и секаков вид на насилство (Форган, 2002, Переира и БлуБенинг, 2000 година, Рак и Патерсон, 1996 година, Турнбул и Вернон, 1998; според Maich и Kean, 2004).

Диркс (2010:10) наведува многубројни студии кои покажуваат дека најдобриот начин да се променат одредени ставови и да се постигнат промени во однесувањето е токму преку методот на библиотерапијата“.

Истражувањата покажуваат дека тешкотиите во развојот влијаат на целокупниот развој на детето и може да влијае на доцнењето во интелектуалниот, моторниот, говорниот и социо- емоционалниот развој во недоволно развиени социјални вештини во споредба со врсниците, изложеност на социјална изолација, несоодветно однесување, што може да доведе до пониско социјално и психолошко приспособување во возрасниот живот на една личност“ (Скочиќ-Михиќ, 2018: 5).

Куртс и Гавиган (2008) наведуваат дека се спроведени бројни студии за примена на библиотерапија при работа со деца со пречки во развојот. Истите автори наведуваат како резултатите од овие студии покажуваат зголемување на чувството за продуктивност кај децата со посебни потреби, подобрување на сликата за себе и самопочит, подобрување на перцепцијата на детето за сопствената вредност и достигнувања, подобрување на однесувањето, меѓучовечките односи и прифаќање на луѓето различни од нив самите. Исто така, со примена на библиотерапија, децата без пречки во развојот полесно ги прифаќаат децата со пречки во развојот и разбираат развојни и биолошки потешкотии. Библиотерапијата може да биде начин да се прикажат примери за тоа како може да се развие сочувство и прифаќање на индивидуалната различност, тоа е особено вредно за разбирање како пречките во развојот влијаат врз животите на поединците и нивните семејства и пријатели (Kurtts и Gavigan, 2008). Затоа, библиотерапијата може да биде алатка за промена на стереотипите, а тоа е особено важно за наставниците и воспитувачите кои работат со деца со попреченост или некоја друга тешкотија како хронична болест и сл. Во библиотераписката практика за оваа намена и обработување теми за различноста и поинаквоста корисна е приказната “Осаменото дрво,, од Нина Максимова,

Avagyan, Baghdasaryan и Sargsyan (2016) спроведоа истражување за менување на стереотипите кон децата со посебни потреби со помош на библиотерапија. Нивните резултати покажаа дека библиотерапијата е ефикасна, особено ако се организира состанок и интеракција со децата со тешкотии пред да се спроведе читање односно ако индивидуално се подготват. Имено, додека читаат децата го замислуваат идеалното дете со тешкотии што може да биде проследено со разочарување при запознавањето. Средбата со децата пред читањето на книгата поттикнува емпатија и сочувство кај детето за време на читањето и се развива позитивен однос кон децата со пречки во развојот.

1.2.4.Примена на библиотерапија кај надарени деца

Во последните неколку години, наставниците и родителите станаа свесни дека кон надарените деца, покрај исполнувањето на интелектуалните потреби, важно е да се негува социјалниот и емоционален развој бидејќи се соочуваат со истите предизвици додека растат како и други деца, а феноменот н а надареност може да им го отежне растењето (Халстед, 1990). Запрен (1990) исто така наведува дека надарените поединци може да доживеат чувства на изолација, различност, па дури и инфериорност и чувство дека се погрешно разбрани од нивните соученици од одделението и дека возрасните не ги разбираат. Фрејзиер и МекКенон (1981:81) наведуваат две книги во кои главните ликови се талентирани поединци кои ги опишуваат и споделуваат со читателот нивните специфични проблеми и предизвици. Тоа се Dreams and Drummers, од Дорис Бјукенан Смит (1978) и Very Far Away from Anywhere Else од авторката Урсула К. Ле Гуин (1976). Тие наведуваат како овие и други книги содржат корисни описи и уникатни проблеми со кои се соочуваат надарените деца, тие нудат посебен пристап во помагањето на надарените деца за да се справат со ситуации кои ги носи надареноста со себе. Вити (Witty 1964) наведува дека „добро избалансиран програм по библиотерапија им дава можност на надарените деца да ги задоволат своите лични и социјалните потреби преку читање“ (Fraiser и McCannon, 1981:81). Фрејзер и МекКенон (1981:81) исто така истакнуваат дека „има многу малку библиотераписки дела кои се напишани за надарени деца, а тоа е можно поради доминантното мислење во општеството дека надареноста е олеснување и

надарените деца немаат толку проблеми како просечните поединци, со таа погрешна претпоставка се предизвикува штета на надарените поединци во однос на нивните социјални, образовни и професионалниот аспект на дејствување“. Еден од најголемите проблеми на надарените ученици е досада на училиште (Хајмс и Булок, 1975; Саливан, 1967; Зафран и Колангеро, 1977 година; според Fraiser и McCannon, 1981), недоразбирањето на кое наидуваат со наставниците (Tetrault 1965; Torrance, 1975; според Fraiser и McCannon, 1981) и неприфаќање меѓу нивните врсници (Странг, 1951; Зифран и Коланџело, 1977 година, според Фрејзер и МекКенон, 1981). „Сите овие фактори можат да доведат до негативен развој и негативна слика за себе кај надарените ученици“ (Странг, 1951; Томас, 1973, според Фрејзер и McCannon, 1981:81) и „тешкотии во воспоставувањето социјални контакти со другите ученици“ (Гован и Бруч, 1971; според Фрејзер и МекКенон, 1981:81). Фрејзер и McCannon (1981:81) заклучуваат дека „со цел превенција и навремена интервенција, неопходно е да се подигне свеста за важноста од спроведување на библиотерапија во работата со надарени ученици, преку адаптација на литературата и начинот на спроведување на самиот процес“

1.2.5. Примена на развојна библиотерапија во работата на компетентен библиотекар во современа библиотека

Во библиотекарската литература, современиот концепт на библиотеката се смета како секојдневие на локалната заедница, а потоа и како трето место (заедно со домот како прво место, а училиштето како друго место во животот на едно дете). Според Џејмс Елмборг, концептот на библиотеките како трет простор можат да им помогне на библиотекарите во развојот на начини на работа со различни популации во контекст на сè подинамични промени во современото општество. Тоа ја прави модерна библиотеката, освен нејзините традиционални задачи и услуги, таа доби нова улога како информативна, едукативна, културна и забавна установа во локалното општеството каде што се наоѓа. Реализација на библиотекарските програми наменети за деца и млади имаат за цел да развијат култура на читање и остварување на нивните потреби и права (на информации, писменост, учење, култура, забава, т.е. севкупен личен развој). Одделенија за деца и млади континуирано спроведуваат и организираат различни активности и програми за да им

обезбедат на децата и младите пристап до знаење и информации, без да се намали образовната димензија на библиотеката која може да се изведе и преку игра и забава. Извршување на образовните задачи на библиотеката зависи од компетентноста на библиотекарот за деца и младите кои преку директна работа со младите корисници на библиотеката се во неформален образовен процес. Детскиот библиотекар е во постојан контакт со децата и нивните родители и затоа со својот активен однос може да направи значајна разлика во образовното и воспитното влијание врз нив. Затоа тој мора да ја знае и разбере теоријата во насока на развој на читањето и негово промовирање, со акцентирање на уметнички и културни можности и содржини во книгите, како и во други медиуми наменети за деца. Библиотеките треба да нудат богата понуда на активности и настани за најмладите корисници со цел квалитетно и значајно да го поминуваат слободното време. Слободното време исполнето со значајни содржини е важен образовен фактор и го поттикнува севкупниот развој личноста. Тоа е огромен „простор“ за самоактуелизација и остварување на личноста на поединецот и како таков сè уште е недоволно искористен. Улогата на современиот библиотекар во овој контекст е значајна бидејќи библиотеките со програмите што ги нудат се важен фактор во креирањето на слободното време на неговите корисници, а со тоа покажуваат општествена одговорност. Тие претставуваат библиотекари наставници, советници и водичи низ интелектуалното наследство, а не само „функционери кои ги пополнуваат полиците со се што сакаат потрошувачите“. Современиот библиотекар ги препознава потребите на корисниците и препорачува соодветна литература. Тој е компетентен во неговата работа, што подразбира добро познавање на литературата што ја избира за корисниците на библиотеката. Кога се препорачува одредена книга за читање, треба да се земат в предвид потребите и карактеристиките на корисниците, што бара дополнителни компетенции. Современиот библиотекар кој работи со деца и млади луѓе, покрај неговите библиотекарски компетенции, најмногу се образува во областа на педагогија, дизајнира и реализира едукативна работа во библиотеката преку различни програми. Во исто време, библиотераписките работилници во библиотеките се одличен избор бидејќи придонесуваат за развој на социјалните и емоционалните компетенции кај децата, а исто така ги поттикнуваат да читаат и развиваат навика за читање додека во исто време ги зајакнуваат нивните комуникациски вештини. Се препорачува нивно спроведување во

рамките на работата на клубовите за читање, т.е групи за читање во рамките на кои може да се практикуваат работилници за библиотерапија прилагодени на потребите и возраста на сеопфатената група.

Фрејзер и McCannon истакнуваат дека во библиотеката треба да ја набљудуваме во однос на употребата на книга како помош и совет за деца со специфични проблеми и предизвици Во исто време, како што изјавија Лукас и Соарес, не очекуваме лек од библиотерапијата, но очекуваме просветлување, т.е. внатрешен увид кој придонесува за ослободување на чувствата, согледување можни решенија за проблемите и менување на однесувањето.

Компетентен библиотекар за деца и млади може да биде одличен менаџер за развојна библиотерапија во современите библиотеки. Покрај работата во групи за читање, може да развива и библиотераписки практики при групни посети на одделенија од одделенска и предметна настава при обработката и читања низ играта на некое книжевно дело или лектира. Тоа е библиотекарска програма за читање на поинаков начин, каде што целта е да се поттикне интересот на децата за читање и да се развие култура на читање. Ворен објаснува дека креативната терапија значи употреба на уметност (уметничко-визуелно изразување, музика, танц, драма, куклена игра, приказни) и други креативни процеси со цел да се подобри здравјето на учесниците преку подобрување на квалитетот на животот под одредени околности. На гореспоменатите работилници најпосакувана е куклената игра меѓу учениците бидејќи тоа е природна и основна животна активност на детето. Вака добиената мотивација е најефикасна за релаксација и во исто време одлична подготовка за имагинацијата на ученикот. Играта може да биде придружена со соодветна музика која ја буди потребната атмосфера. Корисни се и вежбите за релаксација, кои им помагаат на учесниците да се релаксираат и да се фокусираат . Терминот библиотерапијата во работата на библиотекарите на народните библиотеки на Балканот се споменува уште од 1994година со појавување на проектот „Чекор по чекор до закрепнување“, во чие создавање учествувале раководител на Градската библиотека на КГЗ„ Љиљана Сабљак“ во Загреб во која биле вклучени деца погодени од воени трауми, главно од области погодени од војна. Работилниците за развојна библиотерапија се стручно дизајнирани едукативни содржини прилагодени за деца и млади.

1.2.6. 1.2.6. Книжевноста и вредносните критериуми на книжевните текстови во списанијата за деца како библиотераписки третман

Творештвото за деца претставува носечки столб на секоја национална литература. Македонската литература си обезбедила свој континуитет во времето, бидејќи на своите страници отстапила место на авторите кои создаваат литература за деца. Литературата за деца е највредниот учебник од кој детето учи за светот, го запознава со сите убавини и недостатоци, го проширува хоризонтот на гледање на нештата, го поттикнува и развива когнитивниот потенцијал кој секое дете го поседува. Читањето квалитетна литература и општењето со квалитетни списанија, значи градење високи критериуми за тоа, како треба да ѝ се пристапи на литературата за деца. Да се создава литература наменета за децата, подразбира подготвеност на авторот да се соочи со еден специфичен реципиент кој бара естетско-етичката, моралната, образовната и најмногу од сè воспитната компонента, да бидат соодветно дозирани и прилагодени на неговиот светоглед. Естетските достигнувања на писателите за деца можат да бидат многу високи, а критериумот на литерарност на текстот да биде задоволен до неговите највисоки вредности. Способноста на авторот од едно анегдотско јадро да создаде текст, прилагоден на детската моќ за рецепција, води кон можноста тој текст да ги задоволува високите естетски критериуми кои детето потајно ги бара. Иако главниот фокус во овој тематски приказ се естетските критериуми по кои се создаваат книжевните текстови во списанијата за деца, нашите гледишта ќе зафатат и еден поширок простор кој се однесува на целокупната литература за деца. Создавањето книжевни текстови чиј реципиент е најмладата читателска публика, подразбира познавање и почитување на норми кои се на исто рамниште како и верифицираните норми по кои се создава литературата за возрасни. Основната поетика на која лежи целокупната литература за деца, се содржи во умешноста, како да се направи баланс меѓу стварноста и имагинарниот свет кој се создава и постои во делата создадени за децата. Тие два света егзистираат паралелно. Делото не е верна слика нареалноста, туку обликување препознатлива структура, откривање нови вистини и креирање нови убавини. Книжевноста за деца, историски гледано е со понов датум во однос на книжевноста за возрасни и е резултат на перцепцијата на авторите кои воочиле дека аголот на гледање на

нештата во литературата, не е ист кај детето и возрасниот човек. На тој начин, оваа литература го добива својот посебен идентитет кој не претендира да се преслика во нешто што е одлика на литературата за возрасни. (Ана В. Рингачева, 2020)

Литературата за деца мора да биде во дослух со вистинските естетски критериуми, бидејќи токму таа има пресудно влијание врз формирањето на светогледот на детето, идниот возрасен човек кој треба да поседува моќ за критичко размислување. Најтешката „борба“ на писателите за деца е како да ги придобијат децата на своја страна, на страна на делото и ликовите во него. Детската природа е максимално сензибилизирана да реагира на формата и содржината, на ликовите и пораките кои ги носи делото, да ги прифати или да ги отфрли. Светот на фантазијата, волшебното, играта, хуморот, отсекогаш биле теми кои го привлекуваат окото на љубопитното дете. Реалниот свет во очите на детето има второстепено значење, бидејќи детската природа лесно се приклонува кон создавање светови во сферите на имагинарното, светови кои постојат во желбите, сништата и копнежите. Моделот на идентификација на детето - читател со јунаците од делата што ги чита е модел на негово растење и созревање. Современите деца сè почесто трагаат по јунаци од светот на научната фантастика, јунаци кои храбро ги прифаќаат предизвиците, откриваат нови светови, невозможното го прават возможно. Феноменот на играта во литературата за деца недвосмислено има естетска функција и заедно со хуморот претставуваат едни од главните елементи на вистинските естетски градени текстови создадени за децата. Играта е првиот прозорец кој детето го отвора за да почне да го запознава надворешниот свет. Со посредство на хуморот, писателите ја остваруваат својата автентична визија за животот, ги карактеризираат јунаците и ги соопштуваат своите пораки. Хуморот мора да биде умерен, прилагоден на возраста на детето, разбирлив за детскиот интелект, а не, нелогичен и со истрошени фрази. За разлика од хуморот на возрасните кој најчесто е неприроден, изнуден, зајадлив, ироничен и лицемерен, кај децата смеењето е сосема природно, спонтано, искрено и не е изнудено. Неизнасиленото прелевање на естетското со морално-поучното, хуморот, играта и дидактичното кои најчесто се случуваат на границата меѓу фикцијата и реалноста, се основните карактеристики на литературата за деца.

Креативната мисла на писателот кој создава литература наменета за деца мора да биде во костец со еднообразноста, да негува постојан стремеж кон нешто ново и поинакво, пристапот да биде оригинален и несекојдневен. Детето читател луцидно умее да го разграничи еднообразното од креативното. Особено денешните деца кои имаат пристап до супер-креативни содржини, имаат изострен вид, но и слух, за да селектираат што ќе читаат или слушаат. Детето како читател во својата перцепција остварува еден посебен однос меѓу својата личност и личноста на авторот на текстот што го чита. Авторот кој искрено му се обраќа на детето, но и со почит и без потценување, знае дека ќе биде прочитан и разбран.

Според Бруно Бетелхајм, приказната треба да биде поврзана со сите аспекти на личноста на детето – и тоа без омаловажување, напротив, признавајќи ја сета сериозност на неговите проблеми, при што ќе ја поддржува неговата самодоверба и верба во иднината. Кога станува збор за книжевен текст, детето не можете да го манипулирате, што значи, не можете да му понудите неквалитетно списание или книга, а да посакате да го чита. Ако тоа не пронајде нешто што ќе ја вжари или разгори неговата љубопитност, тогаш ќе го остави списанието и ќе посегне по нешто што во моментот му е поприлечно. Децата реагираат на нелогичностите во текстовите, реагираат на изнасилената и по секоја цена употребена рима, како да знаат дека авторот пишува без да мисли на повратната информација која треба да стигне токму од детето. Децата нема да кажат дека нешто е убаво, ако не мислат така. Куртоазноста им е туѓа на децата, тие го кажуваат тоа што го мислат. Токму затоа, писателот ако се одлучил да пишува за деца, мора „да се плаши“ од детската реакција, бидејќи децата не го препознаваат моментот на лицемерна насмевка и нема куртоазно да кажат дека нешто им се допаѓа, ако навистина не го мислат тоа. Детскиот аспект и неговото запазување е основниот и најважен критериум по кој треба да се водат авторите за деца. (без разлика дали зборуваме за поезија, проза, драма) кога пишуваат текстови за детските списанија. Со воведување на детската точка на гледање (point of view) и детскиот глас, се прави еден вид револуција во литературата. Детскиот аспект или точката од која децата го набљудуваат надворешниот, но и внатрешниот свет е стожерот на литературата за деца.

Според Ана Витанова-Рингачева (2020) големината на писателот за деца се огледа во неговата умешност да се лоцира на вистинското место каде се прекршува сликата на детото, кое истовремено е и мечтател, но и реален набљудувач на околината. Да се направи соодветна проценка до каде гледаат очите на детето, а до каде очите на возрасниот е предизвик пред кој многу често се исправени авторите кои создаваат литература наменета за децата. Големите писатели умеат полека, без притисок да ја поместуваат таа точка на набљудување, до оној момент кога детето созревајќи, несвесно станува вистински критичар на реалноста . Децата бараат и посакуваат необичен пристап, несекојдневни ситуации, посакуваат да стојат на јажето кое виси, а ги поврзува реалниот и имагинарниот свет, а за тоа колку ќе биде затегнато и за балансот, одговорноста е кај писателот. Она што посебно го возбудува детето - читател е непосредниот однос меѓу него и авторот, нараторот кој на посебен начин комуницира со читателот, особено пак ако му отвора простор за интервенција во текстот, како би го променил текот на играта и на настаните, а со тоа и судбината на ликовите. Авторот треба да внимава, кај детето - читател да го развие чувството дека е соучесник во играта, да му остави простор, само да ја прими и доживее пораката што текстот ја испраќа. Прилагодеността на текстовите на возраста на читателот, значи вградување на воспитно-образовната компонента, почитување на детскиот аспект (перспективата од која детето му приоѓа на текстот), како и оградување сигурна зона во која детето ќе негува чувство на припаѓање.

Читањето литература за деца (книга, списание или лектирно издание) не е само забава за децата и начин како да се пополни време или само наметната формалност и обврска како дел од наставните програми во воспитно-образовниот процес. Идејата дека литературата за деца има исклучително воспитна функција, во современите тековi на литературата се релативизира, бидејќи таа има и своја естетска страна. Ако го имаме предвид фактот дека книжевноста за деца има специфичен реципиент и строго определена функција, тогаш неминовен е заклучокот дека таа опстанува по строго определени закони. Задоволувајќи ги основните животни потреби како знаење, информираност, трагање по сопствениот идентитет, самоостварување, забава, разонода, игра и убавината на јазикот, таа (книжевноста за деца) ги презема сите важни својства кои ја определуваат како книжевност.

Тихомир Петровиќ ја посочува базичната тријада: **естетското**, **поучното** и **забавното** како оска околу која гравитираат делата кои ѝ припаѓаат на книжевноста за деца. Откривањето на естетските, етичките и образовно-воспитните компоненти на еден текст кој претендира да општи со еден специфичен адресат – детето, подразбира специфично доживување на самиот творец на текстот, но и на читателот. Повеќе аспекти се во фокусот кога зборуваме за задоволување на естетски критериуми и литерарноста во книжевноста за деца: поставеноста на нараторот и неговата комуникација со детето (автор-наратор-читател); портретирањето на ликовите и нивните атрибути; психологизациите и психолошкото портретирање; ликовите животни и персонифицирањето како важен сегмент; детскиот аспект; еколошкиот аспект; едукативната компонента; народното творештво во функција на стекнување нови знаења од јазик и литература; хуморот; визуелното претставување (илустрациите). Во еден ваков контекст, Марија Тодорова го посочува тврдењето на Расел (Russell) дека литературата за деца е незаменлив инструмент во функција на естетскиот развој на детето, односно формирање на свест за убавото.

Општејќи со квалитетни текстови во списанијата, детето започнува да гради своја перцепција за убавото, за естетски граденото тело на еден текст. Сè што ќе се објави во детските списанија, а е надвор од рамките на вистинска и квалитетна литература, пред сè значи непочитување на личноста на детето и фрлање кал во бистрите води на детскиот свет. Кога еден текст објавен на страниците на едно списание за деца ќе го поднесе притисокот на естетската, етичка и критичка анализа, тогаш значи дека истиот ги почитува вредносните критериуми и може да изврши позитивно влијание врз личноста на детето. Со самата интерактивност, која е врвен приоритет во современото образование, списанијата отвораат простор за целосна вклученост на читателот (детето). Домашните автори кои пишуваат во списанијата за деца, мора да ги врамат своите дела во рамки на познатиот и прифатлив простор за нашето, за македонското дете, првенствено. Ликовите, местото и времето како и мотивите, треба да бидат во согласност со светогледот на нашите деца кои веќе имаат некаква слика за светот околу себе, а текстот со кој ќе се соочат во понуденото списание, ќе биде само надополнување или потврда за тоа. Основната цел на списанијата за деца е да извршат клучно влијание на воспитен, образовен, информативен и културен план. Преку рубриките, согласно возраста на

читателот, да се дадат правилни насоки кои ја градат и афирмираат личноста на детето, подоцна адолесцент и возрасен човек. Илустрациите во списанијата се исто така многу важен сегмент кога зборуваме за естетската вредност на истите. Тие претставуваат продукт на комуникацијата меѓу текстот и неговата визуелна претстава. Во време кога литературата е во постојана борба со модерната технологија, илустрациите се многу повеќе од цртежи, тие се одраз на поривот на уметникот, инспириран од текстот, да создаде уметничко дело приемчиво за детското око.

Детската природа е толку сензибилизирана кога зборуваме за визулното, што ни се чини дека децата многу повеќе општат и го разбираат јазикот на сликарската уметност, отколку која било друга форма. На тој начин ефектот на доживување кај читателот-дете постигнува висок интензитет, особено ако се има предвид фактот дека на страниците на списанијата доминираат илустрации со силни бои. Добрата илустрација е најцелисходна кога книгата се преведува на друг јазик и треба да биде разбрана од читатели кои припаѓаат на туѓо говорно подрачје, со поинаков систем на вредности и сфаќања. Според Јоланда Запатера, добрата илсутрација може да ги надмине овие бариери на начин на кој писмената комуникација никогаш не би можела. Што значи, самата ислустрација има силен ефект врз визуелното восприемање на текстот и дете кои сè уште не знае да чита, текстот го чита и разбира токму преку илустрациите. Децата на таа возраст комуницираат со илсутрациите, а не со буквите, зборовите и реченицте.

Едукативната функција што е клучна, а несомнено ја поседуваат списанијата за деца, како свој приоритет ја немаат социјалните мрежи. Списанијата имаат редакција која се грижи за квалитетот на избраните текстови, за нивните јазични и книжевни карактеристики. Станува збор за селекција која е во функција на правилниот развој на детето. Ако имаме потреба да споредуваме, тогаш несомнено стои заклучокот дека социјалните мрежи го немаат тој филтер и затоа таму децата се соочуваат со примери на насилство (вербално и физичко), но и она што е во доменот на нашиот интерес, се соочуваат со примери на насилство врз јазикот, сквернавење на литературниот јазик и сосема погрешна употреба (или непознавање) на основните правописни правила. Резултат на таквите процеси се неправилната употреба на јазикот, целосно искривена слика за правописот и правоговорот и секако, немање критериуми за квалитет на еден книжевен

текст. Книжевните текстови во списанијата треба да бидат платформа на која децата можат да воочат што значи лекториран текст, пишуван согласно нормата на македонскиот правопис (без злоупотреба на жаргонизмите, тие се употребуваат свесно со цел да се доближи текстот до читателската публика, посебно во тинејџерската возраст), да воочат лексика која е прочистена од нивните секојдневни изрази во јазикот и да восприемаат содржини со мерливи книжевни критериуми. Доминираат содржини кои се ослободени од премногу дидактика и директно посочување на воспитната компонента, бидејќи во суштина, децата ги препознаваат тие места и реагираат со одбивање (особено на поголема возраст).

Современите истражувања во книжевната наука го побиваат тврдењето дека поучноста и дидактичноста се единствените критериуми по кои треба да се вреднува книжевноста за деца. Воспитно-педагошкиот и морално-социјалниот аспект би требало да се наѕираат или да се подразбираат, а не да бидат наметнати и неприродно апострофирани. Творештвото наменето за децата и младите е сериозен потфат кој подразбира одговорен однос кон уметничкиот позив, но пред сè, одговорност кон детето, негово почитување и максимална предаденост.

Литературата со која општат децата и младите треба да ги поттикнува и развива основните чувства што водат кон емпатија, алтруизам, љубов кон другиот, пријателство, почит и чувство на одговорност, пред себе, пред другите и пред општеството во целина. Почитувањето на личноста на детето и перцепцијата дека тоа е мисловно суштество со вградени морални, етички и естетски предиспозиции, значи тенденција да се создаде дело кое пред сè ќе ги почитува хуманистичките закони. Развивањето на когнитивниот потенцијал на детето, како и неговото градење како личност со своја социјална интелигенција, оди рака под рака со литературата што тоа дете ја чита. Да му се обратите на детето со чисто срце, значи да му се обратите на детето во себе, заклучува Тихомир Петровиќ.

1.3. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ВЛИЈАНИЕТО НА БИБЛИОТЕРАПИЈАТА ВРЗ ФОРМИРАЊЕ НА ЖИВОТНО СЦЕНАРИО НА ЛИЧНОСТА

1.3.1. Разбирање на методот на терапија со бајки во психолошките науки

Во човечката цивилизација, терапијата со бајки има респектабилна вредност повеќе од еднамилениум во сите култури и цивилизации. Во моментов, се разликуваат четири фази на развој на методот терапија со бајки. Прво, фазата на развој на библиотерапијата е усната народна уметност. Таа вклучува параболи, бајки, басни, метафори, митови кои отсекогаш биле пренесувани од колено на колено, носејќи ја вековната мудрост на народот. Второ, фазата на развој на библиотерапијата е собирање и проучување на бајките и митовите. Овие студии се поврзани со името на Јунг кој изгради мостови меѓу мудреците од Истокот и психолозите од Западот. Во неговите студии е присутен симболот. Симболот, како метафора, пренесува нешто повеќе, отколку што тој самиот изгледа на прв поглед. Според него целата слика на нашиот ментален свет представува посредство на симболи – архетипови. Архетипите се вродени елементи на човечката психа, тоа се метафорични прототипови кои имаат многу фази во човековата еволуција. Постојат архетипови на татко, мајка, дете, мажественост, женственост итн. Дешифрирање на длабокиот архетип на слики од бајките овозможува да ги разберете најсложените мотиви, нагони, потреби и закони на човечкиот живот. Процесот на учење на скриеното значење на бајките и митовите продолжува до ден-денес. Третата фаза во развојот на библиотерапијата како метод во психолошките науки се сценаријата на човековиот живот. Ерик Берн забележал дека одредена бајка може да биде животно сценарио за една личност. Сценариото е животен план кој се одвива постепено. се формира во раното детство, главно под влијание на родителите. Ова е оној психолошки импулс кој ја обликува судбината на човекот без оглед на неговата слободна волја и избор, а потоа се претвора во животно сценарио кое се разгледува и проучува и во трансакционата анализа. Можете да го видите очигледното кога ги набљудувате сличностите помеѓу бајките или митовите и вистинските луѓе. Благодарение на оваа фаза со развојот на библиотерапијата, стана возможно да му се помогне на човекот да види како се развива неговото животно сценарио, понекогаш во кој ќорсокак и правец ги води луѓето, при што главната работа е да им помогнеме на луѓето да излезат од овие ќорсокаци и да ја создадат сопствената судбина. Четвртата фаза е комплексна бајковита терапија. Оваа фаза е за разбирање на библиотерапијата како комплетен образовен систем тестиран од многу генерации на нашите предци. Во својата книга „Гуру: Метафори на

еден психотерапевт“ раскажува С. Коп за спасоносната улога на бајките во неговото детство и како тој подоцна ја открил образовната моќ на легендите и бајките кои сега станаа широко распространети во педагошките и психолошките системи. Познавање на многу работи во педагогијата дадени преку бајки, метафори, параболи во кои активно се занимава педагогија и психологијата доаѓа до користење на техниката „Креирање бајка“. Во украинската психологија, психолозите Т. Зинкевич Евстигнеева, С. Чарњаева и А. Хнизда се посветија на проучувањето на бајките и собрале и обработиле огромен баснословно - метафоричен материјал, авторски и дидактички приказни, терапевтски приказни, параболи, кои ги користат не само психолозите, туку и наставниците во образовниот процес. Од горенаведеното е јасно дека терапијата со бајките е навистина повеќеслоен метод која е баран не само во психологијата. Методот на терапија со бајки е возможен со различни возрасни групи и ова е неговата предност. Ова е една од најбезбедните методи на самооткривање, дијагностицирање и корекција на личните проблеми. Ерик Берн го привлече вниманието со фактот дека животното сценарио на индивидуална личност може да личи на заплетот на која било бајка. Во литературата е забележано дека бајка е и начин на анализа на сценариото и извор на неговото формирање кај детската возраст. Задачата на терапијата е да го идентификува моменталното животно сценарио (**дијагностичка насока**), да направи евалуација на нејзината ефикасност во иднина, за дадена перспектива (**прогностичка насока**), наместо неуспешно сценарио да осознае успешна стратегија (**психокорективна насока**). Сценариото на животот е поставено во детството, истакната улога во ова сценарио играат родителите. Бајките се далеку од единствените, но еден од многуте фактори кои влијае на изборот на животниот пат.

Специфичноста на терапевтскиот (лековит) ефект на бајкотерапијата е лесно навлегување во длабочините на потсвеста и совладување на заштитните и одбранбени механизми на психата. Раскажувањето приказни може да дејствува како независен метод и исто така како техника во рамките на другите психоконсултативни методи. Спектарот на дејство на овој метод е доста широк. Тоа помага да се решат следниве проблеми: самоотфрлање, ментална слабост, тешкотии во разбирањето на сопствениот живот, инфантилизам, манифестации на агресија, осаменост, неодговорност, формација, хиерархија на вредности, недостаток на одговорност, проблеми во односите со луѓето,

разбирање и прифаќање на другите. Моќта на бајката е терапевтска сила во множеството архетипови што ја сочинуваат неговата содржина поминувајќи низ вековната еволуција и сумирање на менталното искуство на предците. Во симболична форма, бајката прикажува типични архетипови, во метафорична форма што ја запишаа историјата на човештвото. Затоа, нашата потсвест лесно реагира на јазикот на бајките, дури и ако тоа не е секогаш разбрани од сопствената свест .

Друга важна предност на бајката е тоа што не му дозволува на клиентот свесно да ги замени актуелните проблеми,да ги прикрива, да ги преувеличува или намалува, искривува. Оваа карактеристика на терапијата со бајките е сеопфатно формулирана од украинските психолози Х. Булгаков и Е. Иванов. Според авторите, „Бајката се извлекува од несвесното на личноста и се покажува како јазик на метафора, а не отворен текст“ ..

Терапевтскиот потенцијал на бајките може да се искористи за време на анализа и решавање на конкретни проблеми. Бајката содржи готова стратегија, сценарио на однесување, почнувајќи од кој можете да го развиете вашиот метод на дејствување. Свеста за животното сценарио се јавува со помош создавање на своја или анализа на готова бајка. Т. Зинкевич-Евстегнеева ги разликува следниве видови бајки: народна бајка, уметничка бајка, дидактичка бајка, медитативна бајка, психодијагностичка бајка, психокорективна и психотерапевтски бајка. Народните и уметничките бајки имаат најголема исцелителна моќ, бидејќи содржат конструктивно животно сценарио. Уметнички авторски бајки на С. Пјеро, Г. Андерсен, браќата Грим и др. бараат поголема претпазливост поради контрадикторниот развој на настаните, можен негативен резултат од постоечката ситуација, пресврт на заговор, што е предмет на имагинацијата на писателот. Исклучок се дидактичките бајки, кои имаат педагошки цели и не се создадени за анализа на животно сценарио. Последните три типа психодијагностички, психокорективни, психотерапевтски се користат за да го анализираме животниот пат и да ја оцениме ефективноста, да ги истакнат неуспешните повторливи однесувања, да најдете алтернативни начини, да ги ослободите и да ги и активирате внатрешните духовни ресурси на личноста, насочувајќи ги кон креативни, лични цели.

Когнитивни (аналитичката) компонента на терапијата со бајките добива значење во адолесценцијата возраст, пред овој период акцент се става на емотивните и креативните компоненти на бајката.

Создавањето терапевтска бајка во најширока смисла мора да ги содржи следниве правила формулирани од R. Tkach :

1. Бајката треба да разгледува сличен проблем, но не и идентичен проблем;
2 . Содржината на бајката опишува заменски начин на однесување што обезбедува независна селекција или селекција со помош на стручњак;
3. Развој на заплетот според одредена форма како на пр („еднаш одамна...“, „и наеднаш еден ден...“, „поради ова...“), кулминација, прекин;
4. Работна етика : неопходно е да се примени психотерапевтска бајка во пракса право само кај стручни лица .

План за терапевтска сесија со бајки:

1. Начинот на „влегување“ во бајката, кој вклучува било каква акција што симболизира почеток на магична приказна: читање одредена песна или слушање музика, можеби со паралелно изведување на движења.
2. Сопствено читање или раскажување бајка. Театаризација (глума) на важни моменти за клиентот.
3. Дискусија и анализа на бајката. Главниот лик е идентификуван, се анализираат неговите постапки и нивните причини, се истакнуваат настаните кои се завршени, која е активирачка функција на бајката, вредноста на оваа приказна, нејзината едукативна моќ итн.
4. Примена и комбинирање на методи на уметничка терапија: цртање, вајање, работа со песок и сл.
5. Активност за „излез“ од бајката.
6. Фаза на размислување и сумирање. Врз основа на собраните информации презентерот дава личен опис на сесијата (учесници).

Методите на терапија со бајки вклучуваат:

1. Работа со добро позната бајка.
2. Понатамошна анализа на дадена бајка.
3. Работа со заплетот на бајката користејќи техники на уметничка терапија.
4. Глумење на заплетот на бајката, нејзините поединечни епизоди.
5. Завршување на која било бајка, т.е препишување на нејзиниот крај.

Опис на практичната имплементација на терапијата со бајките во однос на специфични видови и методи на работа, како што се:

1. Запознавање со бајката која е претходно подготвена од стручњакот.
2. Раскажување омилена бајка.
3. Создавање на бајка.

Првиот тип на работа е подразбира ентузијастичко раскажување приказна, однапред подготвена од терапевтот кој додека чита внимателно го набљудува клиентот. Терапевтот мора да има карактеристично расположение додека ја чита приказната, во состојба на светлосна длабочина, што се постигнува со медитација и техники на повеќекратно повторување на приказната. Паралелно со развојот на приказната се регистрираат пантомими, ставови, допаѓања и недопаѓања, невербални реплики. Би било точно да се поврзат сите реакции со настаните од бајката, но не одделно од нив. Вториот метод на работа подразбира раскажување на омилена детска бајка која е незаборавна. Оваа бајка, по правило, во поедноставена форма содржи информации за сценарија, утврдени од родителите, наметнати од детството. Дијагностичка вредност е самоидентификација на клиентот со добар или лош лик. Третиот вид на работа е дело на сопствената бајка, која обезбедува најбогат материјал за анализа. При креирањето на бајка, клиентот актуализира три нивоа на проекција: прво, индивидуални социјални ориентации и архетипови; второ, педијатриски разлики што ја одразуваат онтогенезата на лицето; трето, вистинско искуство, што моментално му пречи на клиентот. По слушањето бајка, психотерапевтот може да направи прелиминарен заклучок за тоа на кои аспекти да се обрне внимание. Анализа на бајката (омилена или измислена) вклучува поставување прашања: „За што се работи во оваа бајка?“, „Зошто настаните се одвиваат на овој начин?“, „Какво значење има ова бајка?“, „Што сака да ти порача бајката?“, „Што ќе се случи ако главниот лик би постапил поинаку?“, „Каква врска има оваа бајка со реалноста во твојот живот?" итн.

Благодарение на компетентна примена на методот на бајковита терапија, односите меѓу клиентот и терапевтот се во насока на ослободување на емоционалната енергија насочена кон рефлексија и дискусија; се истакнуваат потиснатите епизоди на индивидуален пат; се пополнуваат информативните празнини за животните фази; се откриваат се стимулираат лични конфликти и размислување за тоа; барање на нови начини на разбирање на типичните ситуации, како и конструктивни опции за понатамошно однесување; формирање на адекватна перцепција на двосмислени ситуации, генерирање, алтернативни опции на перцепција; развој на позитивен став кон проблеми и резилиентност.

Анализата на бајката се одвива според следните параметри – детекција и проценка на главниот лик, техники на интеракција со околниот свет, очигледни и скриени мотиви на херојот, главната идеја на бајката и нејзината поврзаност со реалноста како резултат на тоа, се откриваат архетипски слики присутни во бајката; социјални поставки кои го одредуваат текот на бајката; реалните емоционални состојби на клиентот. Како резултат на тоа, станува јасно како живее клиентот во овој момент, кои прашања го засегаат; кои методи и техники би биле најмногу ефективни .

Е. Берн, креаторот на трансакциската анализа, го дефинираше животното сценарио како „Несвесен животен план“ составен во детството, како и секоја приказна сценариото на животот има почеток, средина и крај. Во него има херои, хероини, негативци и споредни ликови, како и главната тема и поединечните под приказни. Сценариото на животот може да биде комично или трагично; интересно и здодевно; инспиративно и срамно. Трансакциската анализа опишува четири ставови за себе и други луѓе: „Јас сум добро, ти си добро“; „Јас не сум во ред, ти си во ред“; „Јас сум добро ти не си во ред“;„Јас не сум добро, ти не си во ред“. Кога детето ќе прифати една од овие позиции, останатите на него го приспособува своето сценарио. Според содржината, сценаријата се делат на три групи: победник, губитник и жртва. За да се разоткрие виталното сценарио Е. Берн и неговите следбеници Џ. Стјуарт и В. Џојнс предложиле користење толкување соништа, фантазии, бајки и детски приказни.

Животното сценарио на една личност се реализира во интеракција со другите во социјална средина, а вклучува и емотивно-мотивациони и просторно-временски

компоненти. Овие сфери на манифестација на сценарија не постојат изолирано, туку имаат блиски односи и врска. Како резултат на развивање на животно сценарио (во овие области) субјектот акумулира примарни информации за себе и за својот живот. Информациите дополнително се диференцираат и се разложуваат на три компоненти кои ги содржи потребните компоненти за понатамошен развој на разбирањето на предметот карактеристични за нечие животно сценарио – когнитивни, емоционално-мотивациони и регулаторни. Првата компонента (когнитивна) го вклучува знаењето на луѓето за себе и негов живот; втората (емоционална и мотиваciска) компонента е ставот на една личност кон себе и својот живот; третата (регулаторно-волна) компонента – обезбедува реализација на животниот избор на една личност. Треба да се напомене дека животните избори се клучни во процесот на остварување на личната автономија и интегритет. Во психолошката и педагошката пракса, постојат различни ставови за влијанието на бајките врз личноста. Рускиот психолог А.Запорожец, особено го истакна значењето на бајката во морален развој на детето, нагласувајќи дека бајките промовираат активни содржина за насочување на емпатија кон ликовите од бајките. Научникот го сметал емоционалното сознание како одраз на реалноста во форма на различни емотивни слики. Кога децата слушаат бајки, се соживуваат со јунаците од бајката, кои со помош на фантазијата формираат емоционална слика на настани и врски. Како што со право истакнува А.Запорожец, емпатијата е на прво место надворешна активност, а потоа и транзиција кон внатрешен мир - емоционална имагинација. Поради ова, личните карактеристики на детето почнуваат да се менуваат, детето станува повнимателно, почувствително кон другите, станува поспособно за морални дејствија. Со оглед на моменталната криза на моралот, бајката е релевантна за работата на психолозите, наставниците, како и за семејно системската работа и образованието. В. Сухомлински беше многу сериозен во врска со бајката и нејзиното значење за децата во естетското и патриотското воспитување, како и на нејзиниот придонес кон познавање на околниот свет. „Бајката е народно духовно богатство на една култура, знаејќи дека детето го запознава својот роден народ. М.Заброцки смета дека бајките се важен фактор на човековиот развој и ја забележува потребата од примена на едукативна бајка во училишниот процес, како и можноста за толкување веќе постоечки бајки, осврнувајќи се на бајката како носител на шифрирани информации, физичко и филозофско знаење отелотворено во визуелна форма и активно

размислување. Важно е да се напомене дека бајката се користи во многу психолошки насоки во психотерапевтската практика: аналитичка психологија, трансакциска анализа, позитивна терапија, егзистенцијална психологија, логотерапија и други Психоаналитичарите беа меѓу првите кои обрнаа внимание на бајките. Во своите дела З. Фројд ретко се фокусира директно на бајките, но укажува дека имаат шифрирана содржина на длабоко човечко искуство. Лидер во имплементацијата на бајките во практиката на психотерапија е Карл Г. Јунг. Но, според научникот, бајките се колективно несвесно што го толкува искуството, се акумулира со генерации и може да даде нова, конструктивна визија.

К. Јунг, го проучувал развојот на човечката психа како појава на разидентификување на свеста од несвесното и процесот на индивидуација, свесност за личниот интегритет, знаење и пристап кон своето суштинско „јас“ - кое истражувачот го смета за главен мотив на бајката. Тој посвети посебно внимание на архетипските симболи и метафоричката содржина во бајките. Следбениците на К. Јунг продолжија со неговите научни истражувања. Конкретно, М.Л. Фон Франс нуди аналитички пристап кон толкувањето бајки, што овозможува да се смета сликата од бајките како симболичен одраз на одреден архетип. Женски и машки ликови и нивната интеракција, на пример, се смета за олицетворение на Анима и Анимус, Херојот и често неговото семејството е како олицетворение на самиот себе. Во егзистенцијалната психологија пристапот кон толкувањето на бајките е доса единствен Е. Фром го отфрла зборот „толкување“ заради зборот „разбирање“ поврзано со митовите и бајките. Друг претставник на психоаналитичката школа, Е.Берн, кој ја истражувал поврзаноста на бајката со човечката судбина не ги толкува симболите и не ги превел на разбирлив психолошки јазик. Според него, бајките играат улога како посебен предавател на животни сценарија кои се пренесуваат од генерација на генерација. Украинскиот научник О. Мазјар и неговиот колега О. Јурчак ја презедоа функцијата основата на истражувањето на Е. Берн, при проучувањето на животните сценарија на украински народни приказни Истражувачите дошле до заклучок дека постојат бајки од позитивни и негативни животни сценарија и овие сценарија ја демонстрираат ранливоста на фиксативните егоцентрични позиции кај децата. В.Проп, проучувајќи ја типологијата, структурата и составот на бајката, издвои триесет и една непроменлива функција на бајка, создавајќи мета шема на бајка.

Научниците A. Nagovitsyn и V. Ponomarev врз основа на истражувањето на В.Проп (V. Propy) формулираат пет главни задачи кои се присутни во бајката и нудат различни модели на херојско однесување: 1) мотивација за дејствување; 2) начини на правење избор; 3) акумулација на ресурси; 4) самоподобрување; 5)преобразба и трансформација

Значи, бајката е сложен психолошки феномен кој има долга историја на постоење. Во современата странска психолошка и педагошка пракса, концептот „терапија со бајки“ активно се користи во терапевтско пишување, читање бајки во работа со клиенти во врска со развој на способностите, дискусија за нови животни стратегии и модели на однесување. Пример се делата на полските научници M. Malitska, B. Woznytskyi Paruzel, кои се посветени на развојот на терапевтски и релаксирачки бајки .

Според научниците, главното средство за психолошко влијание во терапијата со бајките е метафора. Користејќи ги свесните слоеви на психата, постои метафорична алатка за изразување на симболична несвесна содржина, која овозможува: објективизација на внатрешните механизми, конструктивна или деструктивна социјална адаптација. Методите на терапија со бајки се многу ефикасни во психолошкото советување. Особено, ова се должи на фактот дека се отвора создавање креативен производ на потсвеста и им помага на луѓето да изразат скриени конфликти, потсетување на мислите и чувствата кои претходно биле скриени (Либман). Во овој случај, бајката делува како метафора за опишаните конфликти, емоции, ситуации. Им помага на луѓето конкретно да се визуелизираат себеси или нивните тешкотии да ги видат објективно. Истражувачите прават разлика помеѓу народни и авторски приказни, кои, пак, се поделени на корективни, медитативни, развојни, терапевтски. Треба да се напомене дека функцијата на библиотерапијата, како и уметничката терапија воопшто, не е во откривањето на менталните отстапувања, како што забележува научникот В. Бекер Глос, туку во актуелизирањето на внатрешниот потенцијал на една личност.

Препораки за составување на терапевтски и релаксирачки бајки за децата може да се најдат во делата на Д. Брет, Р. Вивер. Психолозите нагласуваат дека терапијата со бајките е ефикасна за енуреза, ноќни стравови, кошмарни соништа, хиперактивност, проблеми во однесувањето итн.

Значи за да изгради свое животно сценарио, едно лице може да се потпре не само на сопственото искуство, туку и на искуството на целото човештво. Истражувачите на човечката култура и оние кои им се придружиле како претставници на аналитичката психологија сметаат дека ова искуство се пренесува преку митот. Не е секој мит неразградлива и еднослоѕна семантичко-уметничка единица: тоа е резултат на голем број епохи . Секој посебен мит содржи елементи на сегашноста, нејзиниот почеток во минатото и семето на неговиот иден развој, затоа што секогаш постои вистински историски комплекс. К. Јунг верувал дека митолошкиот материјал е исто така форма на самоизразување и форма на размислување, како и форма на живот. Уметноста на митологијата е одредена од уникатноста на нејзиниот материјал кој потекнува од традицијата уште од памтивек на антиката, содржани во приказните за богови и суштества слични на богови, херојски битки и патувања во подземниот свет - приказни кои продолжуваат да служат материјал за нова креативност. Според К. Јунг, митот, од една страна, одразува особени интеракции на универзални човечки архетипови кои се генетски фиксирани во структури на неговото колективно несвесно. Од друга страна, митот е сличен на историски воспоставена традиција која го покажува патот до идентитетот и најефикасните односи со надворешниот свет. К. Јунг ги сфати архетипите како вродена способност за развивање на историја на човештвото. Тие имаат големо влијание врз личноста и формирањето на чувства, морал, визија, сигурност, односот на поединецот со другите луѓе а со тоа и целата судбина. Субјективното искуство на една личност е тесно поврзан со архетипови, тие симболично се изразуваат во одредени универзални митолошки мотиви или слики, кои се главни компоненти на сите религии, митови, легенди народни бајки. Да, К. Јунг истакна уште една важна функција на митот: тој го одредува однесувањето на архетиповите. Како што покажа G. Dickman (2000) во неговата студија за бајките, има уште една важна карактеристика. Тој ја забележа врската помеѓу омилената бајка од детството и идната судбина на една личност. Мотивите од бајките се од одлучувачко значење за формирањето на личноста, како во позитивна и негативна смисла. Овие мотиви влијаат на самопочитта, светогледот и често луѓето, без да го сфатат тоа, глумат вистински мотиви на бајките во животот. Оваа функција долго време се користи во терапевтска работа.

Структурата на животното сценарио се состои од:

1. Просторно и временска компонента: минато, сегашност, иднина.

2. Интеракција со околината: „Јас - јас“, „Јас – околината.“

3. Емоционална и мотиваciска компонента: животна положба, животни цели, ставови, верувања итн.

4. Когнитивна компонента: знаење за себе и за својот живот.

5. Регулаторно-волева компонента: избор на лични вредности.

Треба да се прави разлика помеѓу бајките напишани со терапевтска цел и бајките кои немаат терапевтска цел. Приказните од вториот тип ги напишал писателот на примери на парадигмата на народната приказна во културата. За разлика од обична бајка, терапевтска бајка во концептот содржи метафората како средство за информирање за животни феномени, животни вредности, па дури и за внатрешниот свет на авторот, ако авторска бајка. Метафората во бајката може да стане дијагностичка патека и идентификација на животното сценарио на поединец .

За да се изгради терапевтска метафора, треба да се земе предвид (прилагодено од Д. Милсом, Р. Кроули):

1. **Предмет** - која е заплетот на приказната (на пример, теми како што се патување, насилство, семејни сцени, наоѓање пријатели, мистериозни трансформации, исполнување желби и сл., се од различен интерес). Карактеристики на темата - осаменост, самоубиство, зависност од дрога, силни конфликти (тешки војни), смрт на најблиските, бесмисленост на животот, прекумерна еуфорија и др);

2. **Ликовите и нивните квалитети** - може да се толкуваат како значајни луѓе од околината на слушателот, како персонификација на неговите внатрешни стремежи;

3. **Јунакот** е лик со кој слушателот на сказната се поистоветува ;

4. **односи меѓу ликовите**, тоа може да биде ривалство, соработка, грижа, помош, домиација, конфликт, интелектуална борба итн.;

5. **типични настани од бајката** - потрага по богатства, потера, потрага по подобар живот, потрагата по лична среќа, исцелување итн.;

6. **Тешкотии во бајката** - типични емоционални проблеми на субјектот;

7. **Типични средства за решавање на тешкотии** (повлекување/напад, измама / искреност, самоконтрола / лидерство на другите, итн.);

8. **Важно е да се дознаат достапните ресурси,** нивната достапност, квалитет, капацитет колку се сигурни во психотерапијата;

9. **Недостаток на ресурси** - тоа е она што не е доволно за решавање на проблемите: квалитет и карактеристики (храброст, чесност, активност, сила, упорност, желба, одговорност, пријатели, интелигенција, технички средства, комуникација), количина, степен на недостиг, се толкува како недостаток на ресурси во реалниот живот на поединецот .

Традиционално, следните елементи се присутни во секоја бајка: **херој** или **хероина** или **ликови**, **заплет**, **конфликт** и негово **решавање**. Бајката станува лековита само кога човек се поистоветува со херојот, следејќи ја сличноста на проблемите во бајката и во неговиот живот, повлекувајќи паралели помеѓу заплетот и животот, воочување на клучната порака,откривање на моралот во приказната. Затоа, благодарение на бајката, човекот може да ги надмине своите стравови и комплекси да разбере алтернативни модели на однесување, нови пристапи за решавање, да ги погледне ситуациите од различни гледна точка.

1.3.2. Успешна комуникација како предуслови за успешна библиотерапија

Успешната комуникација со децата е силен фактор во психосоцијалниот развој и затоа е многу важна во библиотерапијата. Успешната комуникација со децата зависи од познавање на спецификите за секоја фаза од развојот, како и развојот на личноста на детето. Неопходно е целосно да се прифати дека децата во секоја фаза од нивниот развој

имаат уникатни потреби и вештини, како и нивните сопствени гласови кои заслужуваат да бидат слушнати со почит. Иако когнитивниот и јазичниот развој (особено кај децата) се тесно поврзани, треба да се запомни дека комуникацијата не се одвива само со зборови. Децата се изразуваат на различни начини, а јазикот е само една форма на детска комуникација.

Меклеод нагласува дека интеракцијата на децата со околината е клучна за комуникацијата и возрасните. Херцигоња истакнува дека секоја возрасна група има свои специфичности, па успешната комуникација се заснова не само на комуникациските вештини, туку и на познавањето на психолошката специфичност на секоја фаза од психосоматскиот развој, која бара различни пристапи модифицирани според емоционалните реакции на детето и нејзиното усогласување со вербалната комуникација и невербалната комуникација. Во исто време, овде подразбираме дека треба да обрнете внимание на тонот, на гласот и контактот со очите, активно да го слушате детето и да го охрабрувате да ги изразува чувствата со различни техники на комуникација. Комуникација со децата треба да се заснова на меѓусебно почитување. Комуникациски вештини кое детето го учи, во согласност со принципите на општественото учење, ќе влијае на начинот на кој детето ќе комуницира со целата своја животна средина. Тие вештини ќе му помогнат во преговарањето, решавањето на проблемите и учењето од другите и ќе придонесат за подобар квалитет на животот. Според Лучанин , за успешна комуникација со децата важно е возрасните да ги исполнат следниве предуслови: да ги знае и разбира спецификите во развојот на детето, да покаже почит и чесност, да покаже доверба преку искреност и доследност во однесувањето, да ги процени потребите на детето во дадена ситуација, да ја процени способноста на детето за успешно справување со промените, оценување и прилагодување на јазичниот израз и нивото на разбирање на детето, користење невербална комуникација, да му биде објаснето на детето што всушност значат неговите невербални пораки, да користат хумор и активно слушање наместо да зборуваат постојано, да користи (во зависност од возраста на детето) други техники за комуникација, како што се, на пример, раскажување приказни, цртање и креативно пишување, и „преодни предмети“, односно омилени играчки и игри за стимулација за подобро справување: креативна, неструктурирана игра, играње улоги, пантомима итн. Со исполнување на горенаведените предуслови за успешна комуникација

со децата обезбедуваме позитивни резултати од спроведената детската библиотерапија, што е најдобро е да ја започнете со интересни воведни игри во група.

1.3.3. Групно поврзување и групна динамика

За време на библиотерапијата најчесто се користи работа со помала група деца, иако понекогаш се спроведува со целото одделение. Притоа се користат интерактивни колумни кои се засноваат на односот помеѓу медиумите и децата и помеѓу сите учесници во библиотерапијата. Учесниците во процесот на библиотерапија се наредени во круг кој создава простор за интеракција едни со други. Затоа, групата има и лековито дејство на поединецот бидејќи секој поединец е почитуван и активен дел од групата. Важен предуслов за успешна работа за време на работилницата за библиотерапија е да се постигне групен успех на кохезија и поврзување. Доброто групно поврзување резултира со стабилност на групата и обратно доаѓа до распаѓање и неможност за понатамошно дејствување. Според Брус Такман, постојат четири фази на групна динамика: **создавање**, **бура**, **нормализирање** и **изведување**. Во првата фаза, членовите на групата се собират во дадениот простор, се формира група. Во исто време, нејзините членови се добро поврзани едни со други за да се оценуваат едни со други. Во текот на првата фаза членовите потребно е да ја научат целта и правилата на групата. Во втората фаза ги тестираат границите на групните правила, се натпреваруваат за позицијата лидер, што резултира со конфликти. Во таа фаза се појавуваат разлики во личносната структура на членовите што предизвикува неусогласеност. Во тие моменти најважно е да ја координираме групата бидејќи во спротивно нема понатамошно напредување. Во фазата на прилагодување, што Такман ја нарекува нормализирање, членовите на групата соработуваат меѓу себе и на тој начин ја постигнуваат фазата на заедништво во која тие се прифаќаат меѓусебно со сите нивни разлики и настануваат конфликти кои ги решаваат со дискусија. Во четвртата фаза, која Такман ја нарекува егзекуција, тој се фокусира на задачите и на односите со цел да се постигне максимум ефективност на групната работа. За успех на работилниците за библиотерапија во работата со децата, исклучително е важно да се постигне групна кохезија и внимателно да се следи динамиката на групите.

1.3.4. Библиотераписки активности при групни интервенции во траума и стрес кај деца

Во ова поглавје ќе прикажам практични библиотераписки активности кои се применуваат при интервенции на траума и стрес кај деца.

Пред да го прочитате текстот кој служи како поттик, добро е учесниците да имаат некаква активност за да се подготват и да бидат приемчиви за време на библиотераписката сесија. Во воведната активност треба ги замолите да ги затворат очите и да се сетат на детето во нив кое сакало да слуша и раскажува приказни. Нека му се јават, и нека му кажат да ја раскаже својата приказна на која во моментот може да се сети. Ако приказната што ќе ја раскажат е страшна, можете да ги замолете да го нацртаат својот страв на половина од хартијата, а потоа на другата половина она што ги штити, им дава сила и сигурност за да не се плашат. Треба да се направи овој или сличен вовед пред секое читање на приказна или песна што ќе послужи како поттик за изразување за време на библиотераписката сесија.

Случајна средба

Ова е пример за работа на интеграција на поларитети во личноста, прифаќање на своите лоши или забранети особини или чувства со цел разрешување на внатрешни конфликти.

На членовите од групата им нудиме голем број различни фигури или слики со различни ликови со различни изрази на лицето. Даваме упатство дека секој треба да си одбере слика или фигура која им се допаѓа и една која не им се допаѓа. Потоа на членовите од групата им даваме празен лист хартија кој го делиме на половина и ги поставуваме сликите секоја на своја страна. Со молив учесниците запишуваат зборови кои им доаѓаат на памет додека ја гледаат фигурата. Потоа формираме парови и во пар наизменично ги споделуваат своите асоцијации. Кога тоа ќе го сработат добиваат задача секој од нив да смисли приказна во која двете избрани слики или фигури се главени ликови во приказната.

Приказната треба да ги следи следниве чекори:

Во каков реален или имагинарен простор се јавуваат тие два лика?

Кој кого прв ќе го забележи?

Како ќе реагираат?

Можат ли еден на друг да си кажат нешто за себе?

Ако не можат можеби има некој трет лик кој може да им помогне , да ги поврзе?

Можат ли да го продолжат разговорот?

Каков е крајот на приказната?

Откако ќе ја напишат приказната ја споделуваат во парот, а потоа групата ја повикуваме гупата на впечатоци и увиди. Кога се работи индивидуално разговорот се продолжува во насока како избраниот лик е поврзан со самиот себе, кои особини ги препозна и како тие комуницираат заедно.

Дрво по дрво-шума

По вообичаениот вовед во раскажувањето на приказната, поканете ја групата да ја слуша следнава приказна.

„Еднаш одамна имаше дрво со убава крошна и плодови. Еден човек живеел на него, се одмарарал под него, се хранел со неговите плодови и уживал во него. На врвот на една голема планина живеел мудар старец кој ги собирал преостанатите плодови од дрвото и ги чувал. Затоа што никогаш не се знае...Човекот открил дека дрвото гори, па почнал да го користи за да се загрее и да зготви храна. Открил дека од него може да направи куќа и исекол неколку даски за да ја направи и да се заштити од дождот.. Открил дека може да направи орудие од дрвото. Открил дека може да направи чамец од дрвото и да плови по реката. Се повеќе и повеќе го сечел двото се додека останало само едно гранче. Тогаш разбрал дека е во неволја и седнал да размисли. Го забележал тоа мудриот човек и му донел по една семка од плодовите кои ги собирал (додека тоа го зборуваме им даваме во рака семка на членовите од групата). Човекот почнал да ги сади семките и од нив пораснале дрва за кои човекот се грижел и ги негувал знаејќи дека без него тие не можат да опстанат.“

Сега им се обраќате на членовите од групата со упатството: Земете го ова семе, стснете го во вашата рака, затворете очи, протријте го и загрејте го за да му биде топло, да се наполни со сила и да израсне. Набљудувајте како вашето дрво расте во вашата рака, земете лист хартија и нацртајте го своето дрво. Кога ќе го нацртате своето дрво залепете ја семката. Секој си одбира пар и му раскажува за своето дрво што тоа му дава на него и што тој му дава на дрвото. Кога се сите готови секој својот цртеж го лепи на sид наредени еден до друг. Секој член потребно е да се прошета низ шумата и да одговори на следниве прашања:

1. Каква е оваа шума, во кое годишно време е таа?
2. Што ми зборува оваа шума?
3. Како се чувствувам во оваа шума?
4. Каде јас би се сместил/а во оваа шума?

1.3.5. BASIC Ph интегративен библиотераписки модел за соочување и резилиентност

BASIC Ph е интегративнен мултидимезионален модел на соочување чиј автор е Muli Lahad, доктор по психологија и психотерапевт од Израел, која предлага 6 модалитети за соочување со стресот кои се засноваат на 6 различни теории на личност кои историски играле важна улога во објаснувањето на адаптацијата на личноста на стрес. Врз основа на илјадници опсервации, пронаѓа дека секоја индивидуа има единствен начин на комбинирање на овие модалитети, при што претежно користи некои од овие канали. Оваа техника користи библиотерапија (терапевтска техника која користи раскажување на приказни за запознавање на себе си) . Се смета дека преку анализа на говорот, психо-лингвистичката анализа може да се воочи кои канали на комуникација се доминантни, а кои слабо ги користи, „заборавен јазик“, многу бргу можат да се идентификуваат канали кои индивидуата ги има, а кои треба да се развиваат за да подобро се носи со стресната ситуација; Тоа е потребно заради развивање на стратегија за помош на траумaтизираната индивидуа.

Модалитети за справување со стрес или проективна техника приказна во 6 слики во која се дава следната инструкција:

Ќе раскажеме приказна без зборови. Тоа значи дека ќе нацртаме или нашараме приказна следејќи ги упатствата на едукаторите. Воопшто не е важно дали е убаво нацртано и дали некој ќе го разбере затоа што вие самите ќе го интерпретирате својот цртеж.- поделете ја хартијата на шест дела само немојте да ја сечете или кинете-замислете главен јунак или главен лик на оваа приказна. Тоа може да биде замислен лик или лик од некоја приказна или филм. Тоа може да биде човек, животно, предмет - како вие сакате. На првата слика нацртајте го главниот лик на приказната. - на вториот дел од хартијата нацртајте ја задачата (мисијата или случката во приказната на главниот лик). Во секоја приказна или бајка главниот лик мора да исполни некоја задача. Која е задачата на твојот јунак? Тоа нацртај го на втората слика.- на третата слика прикажи кој или што му помага на твојот јунак (ако некој воопшто може да му помогне), на четвртата слика нацртај кој или што е препрека односно кој го попречува извршувањето на задачата.- на петтата слика нацртај како главниот јунак се соочува со таа препрека, како се носи со неа и што прави, на крај на шестата слика нацртај што се случило со главниот јунак односно како завршува приказната и каков крај има приказната.

народното творештво, но тие, како познавачи на литературата, при објавувањето на творбите го внеле и сопствениот дух, сопствената фантазија со која и стилски и јазично интервенирале во сказните. Интересно е да се спомене дека Јакоб Грим се застапувал за додржување на верноста кон изворниот текст, додека Вилхелм Грим, водејќи грижа за естетиката, правел и компромиси со апсолутната автентичност и изворност на текстот. Збирката на браќата Грим содржи жанровски разнообразно богатство од различни сказни (приказни за животни, легенди, волшебни приказни и др.). Всушност, во неа се наоѓаат сите основни типови приказни кои се среќаваат во европската усна раскажувачка традиција. Браќата Грим запишале и сочувале од заборав повеќе од двесте приказни и сказни. Иако истакнувале дека нивната заслуга е пред сè во собирачката работа, сепак, тие стилски и уметнички ги обликувале сказните, така што многу од нив значително се разликуваат од автентичните народни форми. По содржината, формата и начинот на уметничкото обликување, сите сказни на Грим можат да се поделат во две групи: **сказни со фантастична и чудесна содржина и приказни од реалистичен тип**. Овие вториве можат понатаму да се делат на **приказни за животни и приказни за настани и јунаци од секојдневниот живот**. Главен јунак во германската усна сказна најчесто е најмладиот син, снаодлив селанец, патувачки занаетчија, или бивш војник, кој во борбата со натприродните суштества е мисионер на вистината и бестрашен победник. Злите сили го отстапуваат местото на правдата и вистината, а среќата често знае да му се насмее на борецот за правда; тој се збогатува, и се оженува со убавата принцеза (Храбриот кројач, Златниот гусок, Столче постави се). Во сказните за животните сверовите се сурови, итри и лукави, моќни и покорни, но во меѓусебните односи многу потсетуваат на на постапките на луѓето (Волкот и седумте јарињa, Мачката и глушецот, Волкот и лисицата). Во сказните од секојдневниот живот често се пресликуваат реалните јунаци и појави, со изобилство здрав хумор и смешни бесмислици. Предмет на потсмев и смеа најчесто се константните човечки мани - завист, кукавичлак, мрзливост, алчност и фалбаџиство (Остроумниот Ханс, Умната 64 Јадранка Владова, Литература за деца, Ѓурѓа, Скопје, 2001, стр.36-37. 21 Елза, Седуммина храбри). Некои сказни на браќата Грим содржат севременски, универзални теми и пораки кои се среќаваат во преданијата на многу народи... Портретот на лошата маќеа автентично е извајан во две многу популарни сказни Ивица и Марица и Пепелашка. Ивица и Марица е приказна за лошата маќеа која го

убедува мажот да ги истера децата од куќата и да ги остави во шумата каде ќе ги растргнат гладните sверови. Сказната има сосем реалистичен почеток; меѓутоа, во понатамошниот тек на дејството, преовладуваат фантастичните мотиви. Децата се среќаваат со лошата вештерка, и кога изгледа дека ќе станат жртви на злите сили, по низа неочекувани настани и пресврти, на голема радост на таткото, среќно се враќаат дома, но и на своја радост, зашто лошата маќеа веќе не била меѓу живите. Маќеата и вештерката се олицетворение на злото, а децата се пример за добрина и невиност. Триумфот на мудроста, добрината и досетливоста е победа на доброто над злото, на љубовта над омразата, правдата над неправдата, што претставува општа, лесно препознатлива вредност на сказната. Мотивот на лошата маќеа во „Пепелашка“ кој потекнува од деветтиот век од просторот на Кина, го потврдува своето присуство во усната традиција на многу народи. Различните варијанти на оваа сказна ја потврдуваат нејзината старост и го осветлуваат развојот на народните умотворби. Прв уметнички облик приказната добила во обработката на Шарл Перо, а потоа и кај браќата Грим. Во нејзината структура добро се изнијансирани реалистичкиот, нереалниот и психолошкиот слој. Портретот на лошата маќеа и невината паштерка повторно се зема не само во народната, туку и во уметничката проза, како типичен мотив во кој се отсликува и се препознава лицето на реалниот живот. Фантастичните мотиви во ликот на натприродните сили и појави, исто така се доживуваат како симболична проекција на животот во кој се води вечна и непомирлива борба меѓу доброто и злото. Грдото и убавото, доброто и злото, овде се дадени во контрастни слики и психолошка индивидуализација на ликовите. Постапките на маќеата и физичката грдотија на нејзините ќерки, ја отсликуваат конституцијата на нивниот внатрешен живот. Жената која своите мајчински чувства себично ги насочила само на иднината на своите ќерки, станала зла и неподнослива за опкружувањето во кое владеат нормални човечки односи. Злобната душа на маќеата се искажува во нејзините постапки и во нејзиниот изглед. Физичката грдотија на нејзините ќерки го покажува сиромаштвото на нивната душа, кое не може до крај да се спротивстави на добродушната убавина на Пепелашка. Тоа најдобро се гледа во епилогот на сказната – со среќната венчавка за принцот, Пепелашка ја добила заслужената награда и потврдила дека вистината, правдата и убавината не можат да се сокријат и победат.65 Истовремено, тоа е мечтателна приказна, оптимистичка приказна за вербата во сопствената вредност, приказна за сите потчинети кои живеат од надеж и

мечтаење, приказна во која желбите се гледаат како стварност – како и многу други приказни, и таа применува еден сосема поинаков пристап за разлика од оној на Шарл Перо: чудесното се прима без чудење, како нешто природно, приказната не се пресоблекува и не се парфимира, писателот е среќен што им се приближува на народните раскажувачи, што и самиот станува еден од нив.„ Пепелашка“ е народна приказна не само според основните потези, туку и во секој детал. Основниот Миомир Милинковиќ, Страни писци за децу и младе, Легенда, Чачак, 2006, стр.116-120. 22 мотив за лошата маќеа и тешкиот живот на паштерката е многу чест, приказната тече без застој, без запирање на описи, во неа стандарден е кралот и принцот кој се жени, во неа, преку птиците, мртвата мајка му помага на своето дете во неволја, во неа не изостанува типичното повторување од народната приказна (стиховите кои Пепелашка ги кажува на дрвцето, повикувањето на птиците, песната на голубицата за вистинската свршеница); приказната има среќен крај, се изрекуваат груби казни (на ќерките на маќеата, „нежните“ голубици им ги копаат очите), доброто и убавото бескомпромисно победува. Но, вистинската вредност на духот на народната приказна, треба да се бара во деталите, во атмосферата на прикажаниот живот, во целокупното однесување на јунаците. А тоа се открива на секој чекор. Пред својата смрт, мајката на својата ќерка ѝ упатува едноставни зборови: „Мило дете, биди мила и добра, така секогаш ќе ти биде добро...“. Едноставна чувствителност е присутна и во секвенцата: „Кога дојде зимата, снегот со бела прекривка го покри мајчиниот гроб, па кога на пролет сонцето ја тргна, таткото се ожени“. Исто така, кога Пепелашка го моли таткото: „Откинете го, татко, првото гранче кое ќе ви го допре шеширот...неа донесете ми ја”, таа всушност сака тој да се сети на неа. Кога за ќерките на маќеата писателот вели дека „на око биле убави и бели, но грди и црни во срцето“, тогаш размислува како човек од народот на кој белиот тен му бил бил кодекс за убавина. Домашните работи кои Пепелашка мора да ги работи се опис на секојдневните селски активности: да стане рано, да носи вода, да го запали огнот, да готви и да пере. Облеката генерално се опишува како златна или сребрена. Пепелашка се сокрива во голубарникот или се качува на дрво што не му пречи на вкусот на народниот раскажувач, како што не му пречи ни описот како паштерките си ги сечат палецот или стапалото, по што тече крв: „Отсечи дел од петата; кога ќе бидеш кралица нема да мора да одиш пеш“. 66 Исконскиот нагон на човекот да се спротивстави на минливоста на животот и да ги сочува од заборав трајните вредности,

поетски е вообличен во алегориската приказна„Трнорушка“. Магиската моќ на наречниците кои го согледуваат и одредуваат животот на поединецот при раѓањето, исто така е одраз на човековата желба да ја открие мистиката на живеењето и да стане актер на сопствената судбина. Стогодишниот сон на Трнорушка е метафорична слика на современоста на човековите проблеми, прашања, илузии и желби. Дури и кога времето е запрено, како во стогодишниот период колку што трае дејството на оваа сказна, зелената жива ограда околу маѓепсаниот дворец во кој е заробена заспаната убавица е метафорична слика на животот која добива ознака на вечноста. Од позиција на обичниот човек, животот е несовршен, непредвидлив и несогледлив – тоа е еклатантната порака на оваа приказна. Убавината и добрината се безвременски и неуништливи, бидејќи се засновани на човековото одрекување во вечната борба за егзистенција, вистина и правда. За обичниот смртник, сто години е долг временски период, но во однос на вечноста, претставува само еден момент. Осуда на човековата егоцентричност и женската нарцисоидност, браќата Грим дале во сказната Снежана, која може да се дефинира и како апологија на добрината, манифестирана во природното однесување и едноставноста на незаштитеното девојче. Во борбата против лошата и зла кралица на Снежана ѝ помагаат натприродни суштества – џуџиња, кои симболизираат примерни обрасци на човековото однесување, а на страната на арогантната кралица се волшебното огледало, чешелот и јаболкото. Во особините и дејствувањето на маѓепсаните предмети, се истакнува илузорноста на физичката убавина ако е лишена од духовен шарм и топлина, додека џуџињата, со своите постапки демонстрираат труд и ред, како критериум и мерило за човековите вредности. Сказната Црвенкапа ја содржи старата приказна за крвожедниот волк кој ги проголтал бабата и девојчето, како и севременската порака за сеприсутното око на правдата која не дозволува злото да остане неказнето. Црвенкапа е олицетворение на детската наивност и невиност. Во нејзиното однесување доминира љубовта и љубопитноста, водена од исконскиот нагон на човекот за спознавање на светот. хедонистичката склоност за убавото и непознатото, малата хероина ја доведува во состојба на екстатичен заборав, кога не се забележуваат опасностите и многубројните искушенија. Волкот е олицетворение на злото кое на крајот ќе настрада во прангите на сопственото лицемерие. Популарната„ Црвенкапа“ е приказна од новелистички тип, во неа се преплетуваат реалното и чудесното, на начин од кој се препознава стварноста на човековиот живот и цената на човековата егзистенција. Она по

што се препознатливи сказните на браќата Грим, а што е карактеристично за сказната воопшто, тоа е нивниот епилог во кој секој го добива она што го заслужил: доброто ликува над злото, правдата над неправдата; сиромашните заслужуваат богатство, принцовите ги освојуваат срцата на своите избранички, а лошата маќеа и другите јунаци како олицетворение на злото, се соодветно казнети. Сè се завршува така што главниот јунак по низа препреки кои му ги создаваат натприродните суштества, триумфално ги остварува своите желби. Фантастичното и чудесното, само на прв поглед нереално и бесмислено, ја кријат исконската желба на човекот да ѝ се спротивстави на секоја сила, зло и тиранија. Реалноста на живеењето недвосмислено го потврдува ставот дека секој поединец сака нешто повеќе, нешто поубаво и поправедно од она што веќе му е дадено. Многу сказни на браќата Грим се блиски до новелите, бидејќи во нив често се препознава и се осветлува човековиот внатрешен живот. Таквите приказни се доживуваат како илустративни слики за здравото расудување на обичниот човек кој успешно се снаоѓа во неочекувани ситуации и наоѓа ефикасни решенија во тешките животни ситуации. Понекогаш, тие се на границата на реалното и ирealното (Мачорот во чизми), а често имаат карактер на типични реалистични модели (Мудрата ќерка на селанецот, За мудриот мал кројач). Меѓутоа, во овие приказни најчесто се исмеани мрзливците, измамниците, лажливците или приглупите и наивни селани, слуги и други типични јунаци од пониските општествени слоеви како бајките „Среќниот Иво“, „Мрзливиот Хајнц“„ Умната Лиза“, „Досетливата Грета“ итн.

Сказните претставуваат една од најдолговечните литературни творби и ден- денес се толку омилени, пред сè, меѓу децата. Очигледно, во нив има нешто што одговара на некоја длабока потврда и на децата и на луѓето, воопшто: тоа е уметноста со која тие се раскажани, уметноста на чии привлечности секогаш доброволно ѝ се предаваме. Оваа уметност има најмалку три основни црти и тие се заеднички за сите добри сказни. Тоа се:

-**Уживање во раскажувањето:** изобилство настани, најразновидни заплети, најнеобични случувања кои се испреплетуваат во несопирливиот тек на дејството;

-**Фантазија:** сè е можно во сказната; и најнеобичните настани ги примаме како нешто што може да се случи. Навистина, свесни сме дека тоа е „само сказна“, но додека трае сказната, ние веруваме во сè што исплела фантазијата околу нешто за кое не се знае

кога и каде се случило: во вештерки и самовили, во џуџиња и во немуштиот јазик, во Палче и во волшебната светилка. Со својата смелост, свежина и бујност, таа фантазија не престанува да го плени читателот: истовремено таа ја задоволува и вечната човекова жед за необичното и невозможното и во самата сказна помага за остварување на нашите желби;

-**Едноставно и ненаметливо искажан морал**: во сказната добриот секогаш го победува лошиот, сиромашниот ликува над богатиот, храбриот принц ја добива својата принцеза, а лошата маќеа ја дочекува заслужената казна. Всушност, ова е најважната црта на сказната, на неа ѝ се подредени останатите: настаните се заплеткуваат за конечната победа на главниот јунак да биде уште позначајна, а фантазијата служи за на патот на главниот јунак да му се стават најфантастични препреки, но во исто време во раце му дава и волшебни средства со кои ќе ги совлада тие препреки. Така, во сказната народот го изразил она што го сака и посакува, покажал што мисли дека е добро, а што лошо, а, за да го стекне она што го посакува и да му помогне на оној кој е добар, во фантазијата создал безброј чудесни нешта со кои, во ликот на главниот херој или хероина, ѝ се спротивставувал на природата, судбината и злото околу себе. Така, на неочекуван начин, најнереалните појави во сказната, како по правило, се во служба на многу реални потреби, надежи и мисли.

Се разбира, сите овие особини не мора да бидат подеднакво изразени во сите сказни; но, ги има во секоја сказна. Од друга страна, сказните не се единствен облик на прозното народно творештво: и во оваа збирка се наоѓаат такви кои - како некои меѓу приказните за животни - се приближуваат на басните; а, има и такви приказни во оваа книга кои никако не можат да се наречат сказни, туку спаѓаат во хумористичните народни приказни - таков е голем дел од приказните за селаните. Образувани и вредни, вистински истражувачи и научници, браќата Грим позитивно влијаеле на многу собирачи на народни сказни од своето време. Нивното познанство со Јернеј Копитар, а потоа и со Вук Караџиќ во Виена, во голема мера било корисно за нашето културно и литературно наследство и углед.

1.4.3. Сказните на Ханс Кристијан Андерсен

Ханс Кристијан Андерсен е познат по тоа што во неговите сказни разните предмети оживуваат, се персонифицираат разни животни и растенија. Кај данскиот писател, повеќето од овие олицетворени „јунаци“ копнеат по некаков поинаков живот, посакуваат да бидат некој друг, како на пример, неговите јадења, иглата за шиење или Снешкото Белчо. Некои, пак, по уништувањето продолжуваат да ги живеат своите животи во некој друг облик, на пример ленот и крпите. А понекогаш, тие знаат да бидат арогантни и вообразени и мислат дека се центар на светот. Доволно е само да го споменеме неговиот превртувалко, кој од перспективата на царската штала од високо гледа на останатите живи суштества. Инспирација за своите приказни, Андерсен наоѓал во секојдневните настани и обични детали и предмети, а јунаците ги наоѓал во светот на флората и фауната и на тој начин полека ги кршел скаменетите клишеа на фолклорната сказна. Меѓутоа, тој и самиот велел дека светот е полн со секакви чудеса на кои толку сме навикнале „што ги нарекуваме секојдневни работи“. За тоа колку неговите приказни се одраз на реалниот живот и колку по судбината на главните јунаци се разликуваат од фолклорните модели, најдобро зборува дилемата на книжевните историчари и критичари, кои често се прашуваат дали овој голем писател навистина пишува приказни или сказни. Прашањето за жанровската класификација на неговите сказни и денес е предмет на многу дискусии, па и дисонантни ставови. Причината за тоа можеби треба да се гледа и во фактот што при уметничкото обликување на своите приказни, Андерсен често се служел со различни техники на раскажување и неочекувани епилози, по кои се препознава автентичноста и особеноста на неговото раскажување. Животниот пат на Андерсен бил многу динамичен и необичен, полн со непредвидливи пресврти, успони и падови. Како син на сиромашен столар, необразован и презиран, станал најславниот дански писател и еден од најголемите сказнописци на светската книжевност.

Сказната„ Грдото пајче“ е метафорична приказна за неговиот живот. Овој став го поткрепува фактот дека писателот со својата упорност, работа и талент, а не со магијата на волшебните сили, ги победил сите неволји на својот трновит животен пат, дочекувајќи го денот кога ќе биде славен и фален ширум Данска, па и пошироко, па дури и да присуствува на седницата на Одборот кој донел одлука уште за време на животот да му се подигне споменик за животно дело. Напишал 156 сказни кои се преведени на над 60 светски јазици. Сказните му донеле слава и богатство. Освен сказните пишувал и драми,

романи, песни и патеписи, ги обиколува големите европски градови и земји, а стигнува и до Азија. Бил пријател со Хајне, Дикенс, Иго и други великани на европската литература, станува редовен професор и човек со голем углед, кој во 1842 година, алудирајќи на сопствената судбина, во сказната„ Грдото пајче“, ќе напише: „Ништо не пречи што некој се родил во гнездо на патки, ако се извел од лебедово јајце“. Содржината на сказните на Андерсен одговара на читателскиот афинитет на сите генерации – деца, млади и возрасни. Сите ги читаат со чувство дека се напишани токму за нив, бидејќи во нивната содржина се отсликува менталитетот на човековото битие во сите фази од неговиот живот. Но, според уверението на писателот, среќата и комплетниот душевен мир, човекот може да ги достигне само доколку во себе ја сочувал природниот и здрав детски карактер.

Во сказната„ Снежната кралица“, поетска повест за девојчето Герда и момчето Кај, кои судбината ги разделува и ги води на различни животни патишта, за со упорноста на девојчето Герда повторно да се најдат како „возрасни, а сепак деца – деца по срце“, авторот се повикува на Библијата за да ги предупреди возрасните на потребата од чистота со која зрачи нерасипаниот свет на детството: „Ако не бидете како децата, нема да влезете во кралството небеско“. Инспирација и мотиви Андерсен наоѓал во фолклорната сказна и другите модели на усната традиција, во делата на Хофман и други писатели, во природата и природните појави, во растителниот и животинскиот свет, во настаните од својот живот и разговорите со пријателите и другите писатели, но како што забележува Милан Црнковиќ, „не ги крадел“. Од неговото перо излегле најубавите сказни кои го обиколиле целиот свет. или, како што рекол Црнковиќ: „Како во некоја приказна, сѐ што ќе допрел со својата рака, се претворало во злато“. Во неговите приказни нема премногу место за вештерките, ламјите, змејовите и останатите натприродни суштества; наместо нив, доминираат предмети, суштества и растенија кои во секојдневниот живот скоро никој и не ги забележува. Така, може да се случи, во говорот на растенијата и животните да се препознае говорот и карактерите на луѓето. Својот нов и за читателот непознат свет, Андерсен го создавал од 1835 година, кога ги објавил првите сказни и романот „Импровизатор“ по кој станал славен и надвор од границите на својата земја. Иако во неговите сказни се случуваат чуда кои во животот не можат да се случат, за која тема и да се зборува, Андерсен секогаш зборува за луѓето, за нивните доблести и пороци. Притоа, треба да се знае дека неговата сказна всушност не е чиста сказна, туку се преплетува со

приказната и параболата; некои сказни се симболични, други се фиксирани за нешто, а некои, пак, изнесуваат некаква животна вистина или поетовото гледање на светот. Посебен квалитет на неговите сказни се хуморот и иронијата, кои се доживуваат како естетски феномен и средство за осуда и потсмев на човековата злоба, несфатливата лажливост на карактерот и однесувањето како и на пороците на малограѓанскиот менталитет. По тие својства, овие приказни не се само за децата, туку и за возрасните, кои, исто така, можат да слушнат некаква критика за човековата глупост и разновидната извештаченост. Во нив авторот ги афирмира вистинските вредности на човекот, не криејќи го својот отпор кон сè што е конзервативно, неправедно и лажно. Тежишен мотив на сите негови сказни е прашањето на доброто и злото, а негово животно определување е приврзаноста на добрината и правдата.

Некои сказни Андерсен ги напишал под влијание на данските народни сказни (Огнилото, Малата сирена, Снежната кралица), но многу повеќе ги има оние ја искажал смислата за реалистично сликање на луѓето и нивните карактери (Маргаритка, Свињар, Леќа, Славејот, Девојчето со кибритчињата и др.). Но, без оглед на формата, структурата и раскажувачката техника, сите негови сказни и приказни ја откриваат горката страна на животот, во која се препознаваат менталитетот и карактерот на разните класни групации и ја отсликуваат индивидуалната и колективна свест на човекот – современик на писателот. Во некои приказни е искажана надежта за победата на доброто над злото, во каков било облик да се покажува тоа, во достижноста на правдата и верувањето дека светот може да се сочува само со добрина и љубов. Содржината на овие приказни е поблиска на реалното отколку на сказновидното; во нив се дава реалистична инсценијација на животот, во која сите предмети, растенија и суштества го покажуваат своето вистинско лице. По тоа, овие сказни добиваат форма на севременска вистина, која ги надминува рамките на временските и просторни релации. Иако на прв поглед изгледа дека одделни приказни се во функција на забава и хумор, тие секогаш носат некоја универзална порака во форма на остроумна и алегорична, а понекогаш и хумористична максима.

Сказната„ Малата сирена“ е инспиративна, метафорична поема за бесцелноста на жртвувањето, за несовршеноста и немоќта на индивидуата пред неумоливите закони на натприродните сили. Тоа е автентична сага за суровоста на животот, за кој сепак, вреди да

се бориме и несебично да се жртвуваме. Посебно внимание во оваа приказна плени драматичниот момент на изборот на сирената меѓу својот и животот на принцот: „Малечката сирена ја тргна пурпурната завеса на влезот на шаторот и ја виде убавата невеста која спиеше со главата навалена на градите на принцот. Таа им пријде, се наведна и го бакна во челото оној што го сакаше толку многу. Потоа погледна кон исток, каде зората светеше сè посилно и посилно, го погледна остриот нож и пак го втренчи погледот во принцот кој го шепотеше во сонот името на својата млада жена. Таа го крена ножот со растреперената рака и... го фрли далеку во брановите што беа осветлени од црвена утринска светлина“. Сатисфакција за невозвратената љубов кон младиот принц, за кого жртвувала сè, па дури и животот, малата сирена нашла во друштвото на невидливите, имагинарни убавици – воздушни самовили кои лебдат во домовите каде има деца, за да им причинуваат радост и да заслужат вечност во божјото царство.„ Малата сирена“ е поетска приказна за убавината на жртвувањето за некоја хумана цел и возвишен идеал. Елементите на народната сказна се расеани низ целата приказна: ликот на морската девица, кралскиот дворец во „долниот“ и „горниот“ свет, принцот, вештерката, волшебна напивка исл. Воедно, тоа е сè она што оваа приказна ја поврзува со народната сказна, ништо од тоа во приказната не е важно. Тие само помагаат да се истакнат и развијат двата мотиви, кои се симболично испреплетени: магијата на таинственото море и неодоливата сила на љубовта. Колку што писателот се обидува да продре во морските длабочини и да го опфати широкото морско пространство, толку се обидува да продре и во длабочината на вљубеното срце и да ги опфати пространствата на среќа и страдање поради љубов. Основната тема – љубовта се јавува во три варијации:

1. Незапирлива љубов заради која се напушта сопствениот свет;

2. Невозвратена љубов;

3. Љубов која облагородува.

Вљубувајќи се, малата сирена го напушта својот изграден свет во кој има обезбедено место, таа скоро го предава тој свет додека ја влече магнетската сила на љубовта во еден потполно нов свет, кој ѝ е туѓ, во кој нема привилегирано место и во кој како странец мора да се избори сама за сè. Таа е сонувач, незадоволна со обичното и секојдневното, која става сè на коцка – го жртвува и гласот, па дури подоцна ќе стане

свесна за утехата која би можела да ѝ ја даде нејзиниот свет како и трагиката затоа што таа можна утеха ја прокоцкала. Љубовта на Малата сирена го има сиот интензитет и сета тага на невозвратената љубов. Колку и да се обидува, таа не може да ја искаже и докаже својата љубов и вредност, па заради трагичната вина на саканиот, мора да присуствува на призорите во кои друга жена ја доживува среќата по која таа копнее. Таа е нема, затоа што саканиот не може да ја слушне, не сфаќа, не забележува, па затоа е виновен без вина, како што таа е заслужна без награда. На тие главни јазли на приказната почива и надворешното дејство: немири, страдања, бури, движења се случуваат во внатрешноста. А последната жртва на Малата сирена, кога го одбива стереотипното решение од народната сказна – со смртта на принцот да го врати својот свет - ја облагородува нејзината љубов и ја издигнува во повисок ред, што се гледа од крајот на приказната, со претворањето на Малата сирена во воздушна самовила; по неуспехот таа не паѓа во претходната состојба, туку се издигнува во повисоки сфери. Во оваа приказна сè му е подредено на еден единствен лик - Малата сирена и тој лик богато се развива. Веќе во почетните потези таа се разликува од останатите по своите особини: таа копнее за нешто ново, необично, за она за што се зборува. И додека нејзините сестри бргу ги забораваат новостите кои ги одушевиле, нејзините наклоности се трајни и сериозни. Обземена од љубовта, таа е подготвена на жртва, мора да го прифати страдањето не повлекувајќи се од борбата до последен миг, се издигнува до изгорување. Ваква, таа им е поблиска на романтичарските јунаци, како Вертер, отколку на било која друга принцеза од народните сказни.

Во сказната„ Палешка“ доминираат два константни човечки мотиви – човековата дилема пред животните искушенија и неговата желба преку потомство да си осигура вечен живот. За кој принцип да се определи и по кој животен пат да се зачекори? Палешка, која решила да го напушти домот на богатиот крт во кој го имала сето изобилство на светот, наместо до крај на животот да остане под земја, во мрак, својата дилема ја разрешила на најдобар можен начин и го покажала вистинскиот пат по кој треба да се тргне. Ако човекот е свесен за моментот во кој се наоѓа, тој секогаш ќе пронајде начин успешно да го разреши проблемот. Мотивот на малиот човек, џуџето, упатува на заклучокот дека за големи дела секогаш не се пресудни физичките, туку моралните доблести на главните јунаци.

Во сказната„ Грдото пајче“, за која Исидора Секулиќ рекла дека „сигурно е една од најоригиналните автобиографии на светот“, во длабинскиот слој на уметничката структура, ги нуди непроменливите законитости на животот, начинот на кој се препознава и открива вистинската убавина и со интерес се следи созревањето на писателовата свест за сопствената вредност. Сè додека грдото пајче, како и својата мајка –патка, размислувало дека „светот се протега далеку од другата страна на градината, сè до нивата на свештеникот“, каде што тоа никогаш не било, не можело да ги оствари своите соништа, ниту да стане голем, бел лебед. Од оној момент кога се решило да се прости со средината во која никнало и храбро да зачекори во непознатиот свет, пајчето ја надраснало прозаичната реалност на зачмаената средина и покажало способност да се загледа во длабочината на својата психа, за на крајот од приказната, која завршува среќно, да стане свесно за својата убавина и вредност. Големиот бел лебед, кој меѓу патките бил само грдо пајче, можел да стане убавец дури кога дошол во светот на кој му припаѓа. Следејќи ја преобразбата на грдото пајче во убав лебед, во оваа сказна, можеби и несвесно, Андерсен се занимавал со проблемот на убавината како естетска категорија. Врз основа на содржината на оваа приказна би можело да се каже дека писателот е поблизок на естетичарите кои не ја гледаат убавината надвор од конкретните појави, суштества и предмети, односно надвор од конкретно уметничко дело. Во оваа, како и во многу други приказни, како што забележува и Исидора Секулиќ, Андерсен покажал дека сите грди работи на овој свет можат „да се покријат со љубов; можат да се намалат со љубов; можат да се победат со љубов“.

Во сказната Царевата нова облека сè е истовремено и измислено и реално. Невидливото платно кое го ткаат ткајачите-измамници, навистина припаѓа на сферата на чистата фантастика, но настаните кои следат, предизвикани од човековата подготвеност за преправање, несфатливата ерозија на моралот, личната суета, и стравот од неуспех, го инспирирале писателот да ја напише најубавата приказна за човековото нископоклонство, за слепилото на целата нација која послушно ги затвора очите пред вистината, но и приказна за тоа како вистината сепак не може да се сокрие. Во оваа приказна, детето, кое е ненавикнато на полтронство, секогаш подготвено да ја каже вистината, извикнува: „Царот е гол! “. Во оваа сказна Андерсен отвора нова интересна тема која подоцна ќе стане скоро доминантна во книжевноста за деца: темата на супериорното дете. Не оддалечувајќи се

многу од реквизитариумот на народната приказна, а врз основа на познатиот мотив, Андерсен создал приказна со теза, приказна која е хумористична илустрација на неприродното однесување на луѓето. И кралот, и дворјаните, па и на самите ткајачи-измамници, сите тие се робови и жртви на правилата на игра на општеството на кое му припаѓаат. Вистина е она што сите мислат дека е вистина. Издвојувањето е опасно, опасно е да се размислува со сопствена глава, не смееш да бидеш црна овца, бидејќи тогаш стануваш смешен, достоен за сожалување, те прогласуваат за глупав, ги губиш позициите, нема да просперираш. Од големиот страв да не се биде прогласен за глупав, а тоа значи поинаков, во тоа царство без бунтовници, секој, од царот до војникот се уверува себе дека ги гледа прекрасните шари, бои и кројот на непостоечката царева облека. Единствено детето изјавува дека царот е гол. А детето сè уште слободно од општествените конвенции, природно е и наивно, гледа со сопствени очи. Па така, се спротивставуваат два света: едниот е извештачен, изорганизиран, сопнат од правилата за однесување, интересите и меѓусебните односи, а другиот е природен, искрен, наивен. Тие два света, Андерсен сè уште не ги нарекува: свет на возрасните и свет на децата, како Егзипери, но детето во таа приказна веќе не е нежно, слабичко суштество, зависно од љубовта на возрасните и од нивната грижа – тоа е супериорно во тоа кажување на вистината во лицето на возрасните, тоа го разобличува мудриот свет на возрасните. Оваа приказна повеќе зборува за возрасните отколку за детето и повеќе им зборува на возрасните отколку на детето, но сепак, може да биде многу интересна за детето заради самото раскажување и заради улогата која детето ја има во неа. Приказната има приглуп цар, ткајачи кои нудат нешто ново и невидено, очекување што ќе се изработи и очекување што ќе се случи кога ќе се види дека не изработиле ништо, има лукавци и измамници, има церемонии, и на крај, го има детето како некој кој е попаметен од сите големи, возрасни луѓе. А приказните кои малите ги победуваат големите секогаш им се добредојдени на децата.

Приказната„ Маргаритка“ е интересно размислување за обичните, ретко добри поединци, кои обично никој не ги забележува и кои скоро целиот живот го минуваат во сенката на горделивите и нарцисоидни луѓе. Но, и животот во сенката на другите, ако чесно и достоинствено се живее, претставува вредност за која вреди да се бориме. Цвеќето на малата Ида е сказновидна поема за животот на цвеќињата кои зборуваат, сакаат, размислуваат и чувствуваат како човечко суштество. Во светот на цвеќињата, како и во

светот на луѓето, се организираат отмени балови на кои меѓу угледните гости понекогаш се појавува и самиот крал со госпоѓата кралица. Обидувајќи се да проникне во немуштиот јазик на тревите, Андерсен ја брише границата меѓу реалното и ирealното и открива нова, подлабока димензија на животот. Во однесувањето на цвеќињата Андерсен ги препознава суштинските ознаки на животот и потсвесните предели на човековата индивидуа. Живите суштества не се она што ние го знаеме за нив, туку она што е скриено од нас во длабинскиот слој на нивната природа. Според тоа, идентитетот на човекот е одреден со нивото на неговото самоспознавање и сознанието кое другите го имаат за него.

Сказните на Андерсен, колку и да изгледа тоа апсурдно на прв поглед, носат во себе јасна црта на реалноста исполнета со обични настани, суштества и појави. Борбата за правда и добрина честопати бара жртвување и одрекување кои главниот јунак го доведуваат пред дилемата по кој пат да се тргне, за кој метод на борба да се определи.

Една од најубавите сказни на Андерсен во која нема ништо сказновидно, Девојчето со кибритчињата, ги открива многубројните суровости на животот кои се рушат врз судбината на кутрото, недолжно девојче. Боса, измрзната и гладна, ова девојче без детство се бори за егзистенција, сонувајќи топол дом и повесел живот. Она што на некои им е едноставно и лесно достапно, за неа ќе остане само желба и неостварен сон. Во пламенот кибритчињата кои ги продава за да преживее, се покажуваат волшебствата на оностраниот живот, а светлиот траг на ѕвездата која паѓа симболично го наговестува нејзиниот понатамошен живот. Сатисфакција за сите страдања и болка, таа гледа во некој друг живот, во некој подобар и поправеден свет во кој веќе се населила нејзината баба. Девојчето со кибритчињата е горко предупредување на луѓето да не ги затвораат очите пред бедата и сиромаштијата на малиот, немоќен човек.

Приказните на Андерсен се одликуваат со богатство на мотиви и тоа толку разновидни што може да се зборува за богато и разновидно структуирање на приказната. Варирањето на митолошките мотиви, поетското сликање на природата, оживувањето на предметите, антропоморфното прикажување на животните и растенијата се карактеристични постапки за Андерсен. Една од постапките која се користи во,, Девојчето со кибритчињата“ е создавањето на ирealни светови од пореметената свест заради сон, претсмртна состојба или халуцинација. Овде нема вистинско чудесно. Девојчето

замрзнува, па описот на топлината, ситоста и душевната топлина покрај ликот на бабата, всушност е процес на постепено замирање на мозочните центри, што е медицински опис на сосема реално замрзнување (во медицинската литература се споменуваат халуцинации на вториот степен на замрзнување). Сиот живот на несреќното сиромашно девојче, сета беда и лишувања, впечатливо се покажуваат во реално-ирealни слики. Бидејќи најмногу ја мачи студот, првата халуцинација создава слика на топла печка. Со задоволувањето на топлината се јавува чувството на глад кое се задоволува во претставата на богатата празнична маса, па дури потоа се задоволуваат повредените чувства: се слика празнична атмосфера на среќен топол дом со средишниот лик на бабата, единствената личност кое некогаш го сакала девојчето. Овие слики заземаат најмногу простор во приказната и делуваат најсилно, па токму по нив најмногу се разликува приказната на Андерсен од подоцнежните компилации. Оваа приказна е една од неговите најтажни приказни, иако има „среќен“ крај, според последните зборови на приказната, девојчето се ослободува од бедата и „со својата бабичка влегла во новогодишната радост“, но авторот не дозволува неговата сентименталност да прејде во плачливост. Нема плачење над несреќата, на читателот не му се доловува вистинскиот лик на смрзнатото девојче, туку во прв план останува палењето на кибритчињата и излегувањето на прекрасните слики од малите пламенчиња во студената, мрачна ноќ. Во оваа, како и во други сказни на Андерсен, се појавува социјалната тематика, но без никаква револуционерност, туку само како импресија. Темата на несреќното дете, толку честа во книжевноста на XIX век, во оваа приказна е донесена на особен начин. Приказната делувала силно и донела еден мотив на кој писателите често му се враќале за време на празници.

Пораките од сказните на Андерсен му помагаат на детето да ја долови смислата на животот и да се види себе во улога на некој јунак кој им помага на луѓето во неволја – во фантазијата, а можеби и во реалноста, „во некој иден момент“, како што вели Бруно Бетелхајм во „Значењето на сказната“, кој потсетува на Фројдовиот рецепт според кој „единствено со храбра борба против она што изгледа како огромна надмоќ, човекот може да успее да ја долови смислата на своето постоење“. Од судбината на главните јунаци во многуте негови приказни, може да се види смислата на човековото постоење и неговите вредности наоѓаат постојана потврда во постојаната борба со неволјите и волшебните сили кои му ја загрозуваат егзистенцијата. Во непрестаното надраснување на неволјите,

тој го челичи својот физички и морален лик, подготвувајќи се за некакво големо дело. Во уметничките сказни на Х.К.Андерсен има мотиви и јунаци како во народните сказни. Прегледот на неговите книги упатува на заклучокот дека тој постепено се ослободувал од влијанието на народната сказна и се приближувал кон расказот.

Мотивот на лошата маќеа е присутен во сказната„ Диви лебеди“. Маќеата им вели на децата на нејзиниот сопруг да одлетаат како големи птици, по што децата се преобразуваат во диви лебеди. Потоа се опишани дејствата кои се повторуваат три пати кога маќеата им зборува на жабите: „Кога ќе дојде Елиза во бањата, ти седни ѝ на главата за да стане глупава како тебе. На втората ѝ рече: „Ти седни ѝ на челото, за да стане грда како тебе и да не може татко ѝ да ја познае“. На третата ѝ шепна: „А ти легни ѝ на срцето, за да стане лоша и да страда поради тоа“.82 Кога маќеата ја нагрдува посвоената ќерка Елиза толку многу што ни таткото не ја препознава, Елиза заминува во шумата, но не за да некоја задача. Во шумата Елиза ќе се напие вода од животворниот извор, како во народната сказна. Потоа се појавуваат два различни мотиви: христијанскиот –на Елиза ѝ се чини дека бог ја гледа, и фантастичниот: Кога се разбуди утрото, не знаеше дали само го сонуваше тоа или навистина се случи така. И тогаш се појавува мотивот за кој не знае народната сказна; Елиза се поучува самата и заклучува дека треба да биде неуморна како водата. Потоа следува уште една преобразба; А, кога сонцето зарони во водата, од лебедите одеднаш паднаа пердувите и се покажаа единаесетте принцови. Наредната ноќ, лебедите плетат мрежа од ликеа, ја стават сестрата во мрежата, ја фаќаат со клуновите и ја понесуваат. Така стануваат нејзини помошници. Во оваа сказна се појавува самовилата и уште еден мошне стар мотив: забраната за зборување. Самовилата станува помошник, а Елиза ја потсетила на старицата која во шумата ѝ дава јагоди. И мотивот за принцот на лов е познат во народната сказна. Следи уште една преобразба. Сестрата ги преобразува лебедите во принцови, бидејќи преку нив ги префрлила кошулите кои ги ткаела од коприва. Задачата да се исплетат кошулите си ја поставила самата Елиза, но како и во народната сказна, не успеала до крај да ја исплете единаесетата кошула. Преобразбата на лебедите во принцови е доказ дека Елиза не е вештерка. Сказната „Рајска градина“ е интересна бидејќи во неа се појавуваат повеќе мотиви. Заминувањето во шумата на принцот му причинува најголемо задоволство, а не е место за извршување на задачата. Главниот јунак на ова дело доаѓа пред пештерата на ветровите, а ветровите сами ги

раскажуваат приказните. Кога јунакот на сказната влегува во пештерата со ветровите, како помошник се појавува самовилата и го предупредува принцот што треба да прави ако сака да остане во таа рајска градина. Потоа го предупредува дека не треба да го послуша кога ќе го повика.

Повеќето сказни на Андерсен започнуваат како и во народната сказна: „Далеку одовде...си живееше еден крал кој имаше единаесет синови...; Беше еднаш еден трговец...; Беше еднаш еден принц...; Си живееше еднаш еден стар поет...; Во едно село живеела...“ Во сказните на Андерсен има многу отстапувања од народните сказни, бидејќи за Андерсен реалноста е извор на сказни. Во повеќе негови сказни е присутен бројот три, но има повторувања и појавување на броевите два, четири, шест, осум, единаесет и дванаесет. Некои дејства се одигруваат два пати, а не три пати како во народната сказна. Најголемо отстапување има во описите на природата, именувањето на јунаците и нивното опишување. Творбите кои настанале подоцна бележат ослободување од влијанието на народната сказна и се приближуваат кон расказите.

1.4.4. Сказните на Марко Цепенков

Исклучителноста на творечката личност на Марко Цепенков не се состои само во тоа што тој во историјата на македонската литература е неодминлив како собирач на народни умотворби. Таа исклучителност се состои во тоа што тој во своето собирачко творештво внесува нешто многу повеќе од обичното, механичко запишување на граѓата. Марко Цепенков е познат како собирач којшто го стилизирал собраниот материјал. Таква постапка историјата на литературата бележи во дејноста и на други собирачи важни за светската литература, воопшто. За Марко Цепенков, Блаже Конески ќе рече: ,,Тој беше раскажувач по душа. Тој спаѓа меѓу оние собирачи на народните сказни што покрај свеста за важноста на таа работа - до која можат мнозина да дојдат - имаат во себе дарба на зборот и потреба да се изживуваат преку зборот - што им е на малцина делено. Оние сто и педесет приказни што ги знаел Марко уште пред да видел дека некаде и такви работи се

печателе, чекале само на надворешната побуда, па да побараат да бидат фиксирани. Тој не е човек што влегува во народното творештво некако отстрана, како патник, намерник; тој самиот бил роден да прикажува (па дали некој ќе му ги бележел зборовите или не, сеедно), и уште - не помалку важно и заправо неразделно сврзано со тоа - во прикажувањето да создава.

Најправилно ќе го одредиме односот спрема него, ако зборуваме - за прозата на Цепенкова, разбирајќи под тоа нешто што се разликува од обичната запишувачка работа". „Силјан штркот" е наша најдолга (народна) приказна. Должината на приказната (и нејзината естетска вредност) е аргумент за мајсторството на Цепенков. Нејзината композиција, во која требало да се води сметка за многу фабулативни нишки, го покажува раскажувачкото умеење на Цепенков. Фабулата на Силјан Штркот, како што вели Конески, е мошне разгранета, но истовремено доследно спроведена до складна целост, затоа што тој умеел да одбере сродни мотиви и да ги сврзе во посилно единство со кое ќе ја илустрира својата идеја. Мотивот за непослушноста на детето, Цепенков го посочува трипати: на почетокот на приказната (Силјан е непослушен), во вметнатата приказна за Сиве и Чуле која му ја раскажува таткото и во вметнатата приказна Аџи Кљак-Кљак за наследеното проклетство поради истиот мотив - непочитувањето на постарите. Овие три варијации на истиот мотив ја прават основата на приказната во кој Силјан со сите посочени атрибути, раскошно предадени на почетокот на приказната со живиот стил на Цепенков (со наведување на речта која го индивидуализира ликот), мора да ја доживее истата казна: не е случајно тоа што поучната приказна на татко му говори за птици. Таа ја навестува, ја антиципира силјановата метаморфоза во птица (штрк): „Верувај, синко, оти секој син и ќерка што не ги слушале татко си и мајка си ги снашла голема казна од Господ. Слушај, синко, да ти кажам нешто што ми текна: за Сивета и Чулета. Тие две пилиња и ти самиот ги имаш видено и чуено в поле, како стојат во шипјето и си пеат; едното си пее сиве, сиве, а другото - чуле, чуле. Ете тие две пилиња, синко, некогаш си биле брат и сестра. Многу биле здрднати и разгалени, не ги слушале татко си и мајка си, па кога ќе се разлутеле родителите им, многу ги колнеле. Така, еднаш мајка им вака ги проколнала: „Синко Сиве и ти, ќерко Чуле! Пилци да се сторите и од куќава наша да летнете, в поле да појдете, по трњето да стоите и еден со друг да се барате, та никогаш да не можете да се најдете. Така да се спасиме од вас и од макиве што ни ги правите! " И

навистина, синко Силјане, тие пилци се сториле и си пошле в поле да живеат по трњето и ката ден еден со друг да се бараат и да не можат да се најдат и да се видат. Жими бога чедо, ова за тебе можеби е лага, ама за мене е вистина, оти ми е прекажано од деда-прадеда, а во старо време, синко, луѓето не лажеа како што сега лажат младите. Оти многу те милувам, синко Силјане, ти ја кажувам приказната, да се свестиш и да се тргнеш од непрокопсаните другари што те учат на лошо, оти може да те стигне наказ од Бога. Најпосле, чедо, не знам што да ти кажам друго од она што сум го чул од татко ми. Бог да го прости. Тој многупати велеше: кој оди од кол на кол, еден ќе му влезе... Ти, синко, не го слушаш ова што ти го велам сега. Но, ќе дојде време кога моиве зборови ќе те чукнат по глава и тогаш ќе ми поверуваш. Арно ама, како што рекле: ќе ти дојде умот, ама ќе си појде кумот. Толку знам сега, Силјане, толку ти велам. Прави што ќе правиш, слушај ги мајка си и татко си за да не добиеш некоја клетва во некој лош час, та да тргаш мака“. Спојот на чудесното и реалистичното во оваа приказна дава извонредни естетски резултат. Приказната започнува сосем реалистично. Се наведуваат имињата на селото и ликовите - одбегнувајќи го стереотипниот почеток за еден друг вид сказни (волшебните) кои ги користат исто така првите два збора од почетокот на оваа сказна, но со поголема несигурност во однос на времето и без никакви податоци за местото. (Волшебните сказни, на пример, започнуваат со зборовите: Си бил некогаш...; Некогаш, многу одамна, си живееше...). Топонимот и личните имиња треба да го сугерираат реалистичниот код. „Многу одамна, во прилепското село Мало Коњари, си живеел еден кроток и чесен човек, по име Божин. Си имал тој син Силјан и ќерка - Босилка. Силјан бил гален и од татка си и од мајка си, бидејќи од многуте божинови синови само тој беше останал жив. Силјан го беа ожениле уште на шеснаесет години, а кога ја наполнил седумнаесеттата, му се родило машко дете кое го крстиле Велко“. Оддалечувањето на Силјан од домот, неговото бегство е мотивирано со неговата мрзливост и со неприфаќањето на селските обврски кои, за да преживее, морал редовно да ги извршува: „Бидејќи Силјан бил многу разгален, никако не му лежеле на срце селските работи: орањето на нивјето, пасењето на овците, па сето тоа го правеле Божин и Божиница“. Средбата со божјиот човек кој собира прилози за црквата, е убаво пронајден елемент со кој расказот се збогатува со уште еден мотив: христијанскиот патријархален морал подразбира почитување на родителскиот авторитет (и Бог е претставен како татковска фигура која мора да се почитува), па средбата со духовникот ја

поттикнува и таа асоцијација. Инаку, основната функција на духовникот во приказната е да го придвижи од родната средина, тој е средството со чија помош Силјан ќе го напушти домот. Но, секако дека авторот на приказната (Цепенков или некој друг) можел, на пример, да одбере и трговец, туѓинец кому му е потребен водач низ пределите кои Силјан ги познавал. А тоа не е сторено и е одбран токму духовник за да се искористи и неговото значење и асоцијациите на христијанскиот морал во функција на идејата на приказната. (Силјан посакува да оди на Божји гроб, а не да си ги почитува родителите - и во оваа епизода можеме да ја согледаме причината зошто тој таму не стигнал, туку му била дадена можност да го откупи тој грев). Морето преку кое патуваат Силјан и духовникот е ненадминливата пречка Силјан да се врати дома. Гемијата е уништена, тој е на пуст остров и дефинитивно е одделен од оние кои му се блиски, и кои сега, тој во новонастанатата ситуација ги чувствува мошне драги: „- Ах, мајко! Ах, татко! Ах, мое мило синче Велко, и ти, моја мила сестро! И ти, мила ми домаќинко! Ќе видите ли вечерва на соне дека се избавив од споулавеното море што ќе ме удавеше? Ќе видите ли на соне оти јас сум во една пуста земја каде што петел не пее! Барем од пушка да бев убиен, мајче, и таму, во нашите гробишта да ме закопаа, за да можеше ти, мајко, да ми идеш на гробот, да ми палиш свеќа и да раздаваш за душа. Ами тука, мајко, ќе умрам во оваа пустелија, и орли и врани месата ќе ми ги јадат. Ах, татко, татко, оти толку лошо ме проколна та да се најдам во оваа пустелија!“ Нараторот со многу иронија му ги впишува овие зборови на Силјан, кој по своја волја оддалечен од најблиските одеднаш ја повикува телепатската врска, го повикува сонот кој како своевиден медиум е познат во сите култури и има необично важна улога, најчесто во антиципацијата на настаните во фабулата. За Силјан, сонот е екран на кој неговите ќе ја видат неговата несреќа. Со ова каење, тој веќе отплатил дел од заслужената казна. Средбата со луѓето-штркови го воведува чудесното во сказната. Тоа што единствено Силјан се спасил од гемијата е можно (настани од тој тип секојдневно се случуваат), но невозможното е она што се случува во светот на луѓето-штркови - нивната трансформација, метаморфоза од луѓе во животни и обратно, во зависност од потребата да се прелета од еден крај во друг. Само птица може да ја прелета огромната вода на морето, па Силјан ќе ја добие таа можност. Нараторот го воведува и волшебното средство - живата вода, која е познат елемент од волшебните сказни. Со нејзина помош метаморфозата е можна. Во приказната на Аџи Кљак-Кљак нараторот ја вметнува истата

идеја од приказната за Сиве и Чуле. Не е случајно тоа што нараторот инсистира на параболите со птици, бидејќи на Силјан токму со метаморфозата, со преторувањето во птица, иако таа преобразба е во функција на враќањето 43 дома, всушност, ќе му се случи навестената казна за непослушноста, за непочитувањето на авторитетот на родителите: „Многу одамна имало некој старец што бил како светец во оваа земја. Во тоа време децата од дедо-прадедо ни биле многу лоши: не ги слушале татковците и мајките си, туку чинеле триста лошотии. Само тој старец ги учел и децата и мајките и татковците да не прават така, за да не ги снајде големо зло. Еднаш, старецот беше скарал неколку деца, што биле собрани онде на крај село, по едно дрво јаворово. Бидејќи децата биле многу лоши, го удриле старецот одземи и в часот нему му пукнала жолчката. Тогаш, старецот го проколнал целиот народ што се наоѓал во нашава земја: „Оф, деца, Господ да ви плати“, им рекол, „што ме отепавте на правдина! Да даде Господ една сипаница лоша да дојде и сите вас да ве собере, та после довека никој овде да не пркне. Татковците ви и мајките да препливаат Бело и Црно Море за да ја одгледаат челадта таму. А откако ќе ја одгледаат челадта, Господ нека им суди, а јас, еве, си умирам“. Средството за враќање дома е пронајдено. Силјан нема вечно да остане на островот, излез има. Но, талентираниот раскажувач го одложува враќањето. Каењето треба да биде уште посилно и да му соодветствува на прекршокот, па Силјан првиот пат ќе се врати дома во форма на штрк, без можност да остане со своите домашни, без можност да им се покаже, бидејќи меѓу суштествата од различен ранг - нема комуникација. Раскажувачот брилијантно ги користи епизодите во кои Силјан ги гледа оддалеку своите домашни немоќен да биде со нив. Сите тие епизоди (на нивата, со ѓерданот, со клопчето) нараторот ги вметнува за да ги искористи како докази во натамошната нарација, поточно при разврската. Раскажувачката уметност на Цепенков со многу хумор ги обојува ироничките искази на Силјана. Особено се успешни оние што го искажуваат односот на Силјан кон храната. Како штрк, тој мора да се храни со соодветна храна, но неговата свест е човечка, па згнасеноста пред жабите и змиите што треба да ги јаде за да преживее, предизвикуваат смеа. И овој елемент не е неважен за откривање на атрибутите на ликот на Силјан, бидејќи нараторот уште на почетокот на приказната наведе дека тој повеќе сака да јаде сомун од Прилеп, отколку селски ’ржан леб. „Прошетал по сето Коњарско Поле и слегол дури во Врбјанско, крај блатото, та си се најал жаби, калуѓерки, скакулци и гуштери. Ах, кутриот јас, - си рекол-

вака ли ми било пишано, наместо од прасе месо, како порано, сега жаби да јадам. Наместо јагули и риби што јадев по ладните меани, сега гушетри и калуѓерки да јадам. Нека ми е за памет: за таква глава - таков брич, арно велеше татко ми, а имаше и право, зашто сѐ што ме учеше и ми зборуваше, еве, по глава ме чукна. Гледајќи во браздите, видел како мрдаат црвени црвја во земјата. -Ја чекај да си каснам некој црв, и така ми се јаде, - си рекол Силјан и рекол во браздите. Одел по браздите и си колвал црвје...“ Следната година, Силјан го повторува обичајот да се врати дома и при ова враќање, нараторот ја вметнува епизодата со бојот на штрковите и орлите. Во овој бој, Силјан не се вклучува. Нараторот спомнува дека тоа било така затоа што Силјан бил гостин. Оваа причина за македонскиот патријархален морал не е неважна и неможна, но во тоа апстинирање од бојот можеме да прочитаме и претпазливост, една нова особина на Силјан што ја родило искуството, претпазливост од стравот дека повторно нема да му успее да се врати дома. Оваа епизода со бојот кој траел три дни и три ноќи (бројот три е важен и типичен за сказните) всушност, значи одложување на исполнувањето на желбата на Силјан, повторно во функција на казната за стореният прекршок. При враќањето дома во човечка форма, Силјана прво ќе го поздрави кучката, а потоа сите домашни. Радоста што ја опишува, нараторот ја комбинира со приказната за детекција на претходните настани во функција на докажување на неверојатната приказна на Силјан - дека бил штрк. Нараторот виртуозно ќе ги повлече сите аргументи што претходно убаво ги распоредил во расказот, па блиските и соседите на Силјан ќе имаат докази дека тој и пред тоа ги посетил. Но, не е така лесно да се поверува во вистинитоста на таа приказна. И самиот татко на Силјан - Божин, кој ја употребил приказната за Сиве и Чуле за да го опомене својот син, не верувал во неа. „Јас овде штрк дојдов не оти сакав да дојдам штрк, туку оти ме фати клетвата од татка и од мајка што не ги слушав, како врапчињата Сиве и Чуле. - Море, колку за нив знаеме оти од брат и сестра се сториле две пилиња, - му рекле тие, - ама тој век бил друг, кога шетал Господ по земи со светниците, па слушал што зборувале луѓето, а пак сега повеќе шета ѓаволот по земи, та затоа не ти веруваме оти си бил штрк. -Ами за Сивета и Чулета како веруваш, бре татко, а за мене не веруваш? - Му рекол Силјан и ја собул десната нога, та му ја покажал лузната. -Еве татко, кај ми ја скрши ногата и кај ми зарасна“. Раскажувачкото мајсторство на Цепенков повторно се движи меѓу можното и невозможното. По доказите на Силјан, неговите соселани реагираат речиси сказнолико и наивно: „ Сполај ти,

Господи, сполај ти, што не било да биде, човек штрк да се стори! Сите рекле вака и му поверувале на Силјана, па затоа до ден денешен се прикажува за штрковите оти се луѓе“. Со таа идеја за веројатноста - неверојатноста, за можното - неможното, Цепенков ја завршува приказната со реченица типична за сказните: „- Ете вака, синко Марко, се сторило со Силјан од Мало Коњари! Знам оти тебе ти е лага, арно ама мене ми е вистина, зашто од татко ми е прекажана оваа приказна, - вака ми рече татко ми кога првпат ми ја раскажа“. Во таквите реченици раскажувачот, обично, гарантира дека е вистина она што го кажал со тврдењето дека нему така му било раскажано. Оваа приказна-расказ завршува со посочување на зборовите на таткото на нараторот кој му ја раскажал оваа приказна за Силјан од Мало Коњари. И овој завршеток на приказната со метаописот не е бесмислен. Појавата на татковската фигура која ја раскажува оваа поучна приказна е начинот со уште еден раскажувачки слој да се потенцира идејата на сказната и нејзината дидактичност. Раскажувањето на Цепенков укажува на раскошен талент. На талент кој умее да ги компонира епизодите интересно, во целост која го држи во напнатост својот читател (слушател). Еве, во оваа приказна тој имал место и 45 повод да ги повтори обидите за враќањето на Силјан до три пати - тоа би била вообичаената постапка во фолклорот. Но Цепенков не го прави тоа, бидејќи функцијата на одолжувањето, на развлекувањето на дејството е исполнета со првиот неуспешен обид и секое повторување само би ја оптоварило приказната и би ја намалило нејзината естетска вредност.

Раскажувањето на Цепенков е живо, духовито, со мера збогатено со готови конструкции што ги создала народната мудрост, со многу соодветно употребувани поговорки, кои го збогатуваат текстот. Дидактичноста на текстот е видлива, но не е невкусно директна, туку таа е затскриена низ алегориите на вметнатите приказни во приказната и со тоа се постигнува вистинскиот уметнички ефект.

Во сказните е присутна географската (просторна) недетерминираност, временската недетерминираност, динамични пејзажи, метаморфози, сукцесивност на дејството, внатрешен монолог, дијалозите се сведени на минимум, темата е универзална, измислени и натприродни суштества и места. Темата во сказните е борба за надвладување на некоја тешка ситуација, сиромаштија или некој природен недостаток, борба за лична афирмација, а тоа во сказната е богатство, лична среќа, или раката на убава девојка или момче ...Во

мноштвото тешкотии и искушенија низ кои мора да помине, на главниот јунак му е обезбедена помош од типизиран помошник. Јунаците во бајката се градени на принципот добро - зло, без никакво психологизирање. И во доброто и злото постојат одредени варијанти: добро - наивно, добро - умно, добро - итро, добро - глупаво, добро - снаодливо ; злопакосно, зло- желба за физичко елиминирање на противникот, зло - итро, зло снаодливо, зло - силно, зло - натприродно (со волшебни атрибути). Во македонската сказна, како и во сказната воопшто, се разликуваат два типа на главни јунаци: првиот, кој веќе со своето раѓање, носи во себе необична сила, и способности; вториот, кој дури по совладувањето на многубројни препреки и искушенија, преку своевидна иницијација, доаѓа до голема сила и моќ. Времето во сказната е неопределено (временска недетерминираност), што е и основна карактеристика на сказните.

Според Томе Саздов, постојат два вида на пејзажи во сказните. Во сказните малку се развиени пејзажите како слики на природата. Почести се т.н. динамични пејзажи кои развиваат дејство и ги појаснуваат случките и настаните, и во кои природата не останува декоративна рамка на дејството, туку како активна сила, која се вплетува во раскажувањето. Друга особина е антропоморфозирањето на природна појава – олицетворување на Сонцето, Месечината, ѕвездите, ветрот, молњата. Карактеристично е дека овие олицетворувања на небесните тела и природните појави сказната ги претставува како пријатели на трудовиот човек, што е во согласност со неговата секојдневна зависност од сончевата топлина, неопходна за просперитетот на неговиот земјоделски труд. Можностите на волшебните предмети се големи: со нивна помош може да се оживее, да се убие противникот, да се добие што се сака... Дејствувањето на волшебните предмети е магиски процес, чие активирање (и престанок) бара познавање на точно определени знаци (движења, зборови).

Денес во теоријата на литературата за деца и млади, главно, се споменуваат четири типа на фантастика:

- **Фолклорен тип** на фантастика е онаа фантастика која се јавува во народната поезија и проза со бројни застрашувачки морбидни сцени;

- **Колодиевски тип** на фантастика е оној вид фантастика која антропоморфно и персонифицирано го толкува светот на живите и неживите појави;

- **Кероловски тип** на фантастика, близок кон шаховската, ирационално несвесната претстава за светот, предметите и луѓето;

- **Жилверновски тип** на фантастика кој е потикнат од научните достигнувања на современата технолошка цивилизација

1.4.5. Примена на поезија и поетска терапија

Поезијата е одговор на нашата најдлабока екстаза,
Агонија и се што е мистерија на животот.
Sharles Angoff

Поетската терапија е дел од библиотераппијата и представува интерактивен процес со три битни компоненти: литература, трениран фацилитатор и клиент. Трениранот фацилитатор ги селектира поетските творби или други форми на пишан текст кој претставува катализатор кој евоцира чувства што претставуваат одговор на дискусијата. Интерактивниот процес му помага на субјектот да развие одредено емоционално, когнитивно и социјално ниво во својата свест. Фокусот е во реакцијата на личноста кон литературата, никогаш неодалечувајќи се од примарниот објективен здравствен проблем или од благососојбата на клиентот. Преку читање на класични или современи творби , учесниците со помош на нивниот потенцијал и можности навчегуваат длабоко во суштината на проблемот. Поетскиот терапевт креира нежна, незаканувачка атмосфера во која луѓето се чувствуваат сигурнии и се повикани да ги споделат сопствените искуства отворено и искрено. Фацилитаторот избира литература што ќе биде тераписки ефективна и затоа е неопходен тренинг, знаење за литературата и клинички вештини и знаење.. Групите за поетска терапија се формираат од писатели, фацилитатори, психолози, психијатри, социјални работници, медицински и здравствени работници и учители. Поетската терапија може да се изведе во индивидуални и групни услови.

Целите на поетската терапија се:

- Развивање прецизност во себеразбирање и разбирање на другите;

- Развивање креативност, самоекспресија и поголемо самопочитување;

- Проширување на интерперсоналните и комуникациските вештини;

- Ослободување од насобрани или потиснати емоции;

- Пронаоѓање на нови знаења преку нови идеи и информации;

- Стимулирање промени, зајакнување на системите за справување и на адаптивни функции

Поезијата сепак не е полезна кај сите и во сите можни ситуации. Таа има моќ да излекува, но исто така може да нанесе и штета. Затоа е многу важно времето во кое се применува и неопходна е стручна подготвеност за работа.

Поезијата создадена од адолеценти во ситуации на безнадежност може да ги открие разните знаци за самоубиствени намери. На тој начин таа може да биде од голема помош на професионалците. Кога ќе се анализира поезијата на адолесцентите со суицидални идеи и ќе се спореди со онаа на здрави адолесценти, може да се најдат семантички разлики. Рзликите главно се однесуваат на силината и горчината на употребените зборови кај суицидалната група. (Sharlin SA, Shenhar A., 1986).

Библиотерапијата и експресивното пишување се динамични терапии што може да се користат на различни начини и комбинирани со цртање, пеење, музика, психодрама, поезија итн. Читањето и пишувањето се двата столба на секој едукативен воспитно-образовен систем кој лесно може да се користи во училишни услови.

Компоненти на поетска терапија

Поетската терапија главно може да содржи три основни компоненти:

1. **Рецептивно/прескриптивна компонента** која содржи вовед во литературата, поезијата или песните во терапевтскиот процес. Една од најзначајните техники во поетската терапија е читањето поетски творби или пеењето песни од групата што има за цел да предизвика некаква емоција или реакција кај секој поединец. Воведот во поетската творба или песната во групата може да биде поврзан со содржината на сесијата или едноставно да дозволи членовите на групата да се поврзат емоционално. Копии од

поетските творби или песните се дисеминираат меѓу членовите, за да имаат тие визуелен приод.

2. **Експресивно/креативна компонента** која подразбира користење на креативно пишување. Користењето на креативно пишување се изведува под раководство на фацилитатор. Креативното пишување му овозможува на клиентот да ги изрази своите емоции, да добие чувство на стабилност и самосвесност. Фацилитаторите можат да користат слободни или преструктурирани форми на пишување. Пишувањето поезија или приказни ја намалува анксиозноста и открива многу повеќе од самото зборување. Пишувањето им помага на луѓето да се чувствуваат помалку вулнерабилни, но не директно. Фокусот во тој случај е ставен на трето лице.

3. **Симболична/церемонијална компонента** која користи метафори, ритуали или разскажување приказни во текот на терапевтскиот процес. Метафорите во литературата и во креативното пишување се користат многу често. Тие се базични форми, нешто што стои зад нешто друго, да биде замена за емоциите, акциите или верувањата. Фацилитаторите обично ги користат метафорите за да им помогнат на клиентите да ги изразат и да ги разберат поврзаностите помеѓу внатрешните конфликти и надворешната реалност.

Стихови од нашиот најголем поет Блаже Конески кои според академик проф. Нада Поп- Јорданова би биле сосема адекватни за поетска терапија.

Успивање на болно дете

Заспи ми, мило, смири се веќе,

Болно си, мое сине.

На сон ќе видиш јагне и цвеќе,

Болката на сон ќе мине.

„Мајчице, саноќ над мене биди,

Чувај ме, страшно ми е:

На пајажинана онаму види

Жолт пајак крв што пие! “

Не, сине, тоа месецот грее

И ѕвезди в небесни страни.

Не бој се, мајка саноќ ќе бдее,

Нани ми, нанкај, нани.

Ревматизам

Едан анѓел бие со глето во моето десно колено:

— Јас удирам не да те закрепнам —

Вели тој —

Јас удирам дека ми е наредено, заповедано.

Мене ми е речено да удирам, да мавам, да чукам,

сѐ на исто место со денови и со години.

Јас сум заморен од таа еднолична работа.

Прости ми, те молам, ако боли.

Кобење

Немој да кобиш ни со мимолетна мисла,

зашто ти имаш голема сила на кобење,

и ако сетиш несреќа – таа ќе се случи.

Та поарно да си заспан, поарно да си пијан,

да си замајан,

зашто од тебе зависи многу, –

поарно да не си ни свесен ти за својата моќ,

зашто знам веќе: не можеш да се радуваш.

На секој миг пристапи му со чувство на изненада,

со чувство на вчудоневидување,

да немаш ниту нокте време за размислување, –

зашто само така ти наоѓаш спокојствие,

и го создаваш,

само така си на починка создател,

човек, не кобник.

Смртта на синот

Што страшен ден, што страшни мигови

на очекување,

во другиот двор, во другиот двор една мајчичка

чека синова смрт.

Сѐ довде се распнати, по сите гранки, како пајажина

невидливи жици

да зајачат со плач.

Сѐ е оптегнато, сѐ е до бесмисленост прецизно

напнато;

и децата во овој простор се уплашени,

со зинати устиња,

неми

да не го нарушат очекуваниот звук,

и птиците се прибрани подалеку,

надвор од овој круг,

да молат:

Господи, одложи ја до утре оваа смрт.

Во поезијата и сказните честопати се опишува и опејува загубата. Заради таквите искуства во психологијата се инсистира на правилен и неискривен начин на обжалување на некоја загуба, зашто потиснатите емоции кога било излегуваат како симптом на некое ментално или телесно страдање. Токму затоа смртта на близок не треба да се крие од децата при што треба да им се овозможи процес на жалење и надминување на загубата, на тој начин се соочуваат со умирањето и смртта како неизбежен дел од самата егзистенција.

Истата тема ја обработува и мојата авторска терапевтска приказна за деца „Кога Летко е тажен не сака да јаде“ од прирачникот за емоции “Кога Летко е тажен„ во издание на Арс Ламина која ја обработува смртта и загубата како тема. Приказната има терапевтски карактер и ги воведува децата во терапевтски процес. Истата може да се користи селективно во индивидуални услови или во група на деца кои доживеале загуба обезбедувајќи групна поддршка. После читањето на приказната децата се воведуваат во дијалог и интроспективни прашања, а потоа секој има задача да креира и изработи кутија во која ќе ги стави сите омилени и заеднички нешта кои ги споделувал со личноста која ја загубил. На тој начин детето останува поврзано со таа личност без разлика на физичкото отсуство. На истата тема во библиотераписките сесии ја вклучувам и приказната на шпанската авторка Ана Лијенс „Празнина“.

За библиотераписка употреба ја имаме и *Детски терапевтски приказни и игри* (Ана Чучкова, 2018) Оваа книга не поседува магично упатство за тоа како да станете најдобар родител во десет чекори, туку сосема спротивното. Ви помага да се присетите на тоа повторно да се биде дете и низ таа призма да се почувствуваат тие исти пулсирања, надежи и проблеми со кои се соочува едно дете и во исто време да успеете да ги совладате препреките со мудроста и мислата на возрасен.

1.4.6. Примена на новели

Новелите (познати и како и реалистични приказни) го сочинуваат најголемиот дел од вкупниот фонд од македонските народни приказни. Во основата на својата содржина тие имаат некој вистинит, односно можен настан или факт од реалната стварност. Своите мотиви новелите ги црпат од секојдневниот живот, образувајќи ги социјално - класните и битовите односи меѓу луѓето. Хронолошки новелите преставуваат понови народни умотворби. Тие настанале во епохата на феудалното општество разоткривајќи ги длабоките внатрешни социјални противречности на тогашната стварност и постојните неправедни општествени норми. Новелистичката тематика е разновидна: таа се однесува речиси на секоја покарактеристична животна појава, речиси на сите страни на човековата трудова егзистенција. Пред сè, новелите го вообличиле народниот однос спрема секојдневниот труд, како врховен животен критериум, па затоа и толку честото жигосување на мрзеливоста во овие приказни. Особено популарен е мотивот за мрзеливоста кај жените; мрзливоста кај момите е вообличена како најголема нивна грдотија, која им ја попречува и семејната иднина. Нашиот народ ја презира мрзливоста. Таа може да му нанесе на човекот огромна загуба. Во новелата „Двете врапчиња и мрзливиот човек“ на духовит начин е покажано како неработењето причинува неизбежна штета: нетрудољубивиот човек ќе си го изгори сопственото лозје поради мрзливост. Овде спаѓаат и новелите за борчот и печалбарството. Во условите на крајна социјална зависност од своите господари сиромашниот човек често се задолжувал кај поимотните чорбаџии. Борчот преставувал една од позабележливите животни незгоди на сиромашните слоеви. Затоа и се споредувал дури и со најстрашната болест каква што била треската- во новелата „Треската и борчот“ (Цепенк., бр.235). Во оваа приказна описот на треската ги изразува честите болести од кои нашиот народ страдал во минатото. Во светлината на ваквиот

сиромашен живот на нашиот народ во минатото, македонските новели содржат многу мотиви за касметот, за касметлии односно односно за некасметлии луѓе. Тие приказни се непосреден одраз на природниот, обичен, секојдневен копнеж за поимотна, посигурна животна егзистенција. Вербата во касметот преставува симболизирање на народниот оптимизам, па затоа најчесто расплетот на новелистичката содржина за касметот донесува збогатување на сиромавиот, односно толкување на сиромаштијата со немање касмет. Меѓутоа, карактеристична појава кај нашите народни новели за касметот е што тој најчесто е во релација со умот (Умот и к'сметот - СкСт., стр.190 -197). Поентата на споредбата меѓу умот и касметот е недвосмислена: без умност и најголемиот касмет не може да се реализира. Македонската народна новела одразува критички однос кон поодделни социјално - општествени класи, особено кон богатите трговци, свештенството и судиите. Многубројни се приказните за богатите чорбаџии и нивните измеќари. Богатите чорбаџии се вообличени како мошне нескромни, надуени, разгордеани господари, кои секое свое добро дело го користат за безмерно самофалење. Во приказната „Богатио чорбаџија што му ја кортулисал раката на некој човек да не му ја сечат на судо за некоја грешка што беше ја направил" (Цепенк. бр.205) се жигосува горделивото фалење на чорбаџијата за сторената добрина; човекот кому му ја спасил раката, подоцна, самиот си ја пресекол, за да се спаси од чорбаџиските фалби пред луѓето! Особено популарни се новелите за свештенството. Новелата ги вообличува неморалните ликови на поповите и нивните егоистични, користољубиви постапки. Со голема саркастичност народниот новелист ги исмеал лицемерните поповски ликови и постапки, нивната алчност; тој ги преставил како горди, а неуки, дрски, но површни, и глупави, алчни и безобѕирни, па и неморални. Во приказната „Кртот е попски син" (Цепенк., бр.171) попот настојува и успева да присвои неколку бразди од нивата на својата сосетка, сиромашна вдовица, но се разбира, за тоа е луто казнет од народниот раскажувач. Со не помалку јад народниот новелист ги оцртал и ликовите на судиите (кадиите). Народните приказни за судските услови во минатото многу уверливо зборуваат за неправдите и страданијата што на народот му ги создавале пристрасните и подмитливи кадии. Неукоста и кај кадиите често се жигосува како и нивната нечесност. Некои од нашите народни новели мошне конкретно го сликаат несносниот живот на македонскиот народ во ропството; така приказната „Сиромавиот што носеше илјада јајца во Стамбол му и зедоа баждарџиите" (Цепенк.,

бр.137) претставува жестока сатира на безвластието во Турската империја од која страдал поробениот Македонец. Покрај општествените односи, новелите го сликаат и семејниот живот: брачните односи, верноста, односно неверноста на сопрузите, односот помеѓу родителите и децата, завидливоста и љубомората на свекрвата кон снаата, работливоста и умноста на невестата, односно нејзината лакомост и зборливост, родоскрвната љубов, како и пријателската солидарност меѓу луѓето. Како и во сказните, така и во новелите, претставницитге на широките народни слоеви, со својата природна интелигенција, снаодливост и нештедење напори, достигаат и до општествените врвови. Обичниот, сиромав човек претставник на широките народни слоеви, секогаш ги надминува по ум, мудрост и способности претставниците на повисоките општествени класи, отелотворени во ликовите на царевите, чорбаџиите и поповите.

1.4.7. Примена на анегдоти

Помеѓу народните новели и анегдоти речиси и не постои идејно-тематска разлика; нивната меѓа е од формален карактер: анегдотите се пократки, поконцизни, иако има ретки примери кога тие пројавуваат и поразличен обем. Всушност, по своите мотиви, по содржината, анегдотите се најблиску до новелите, но можат да се идентификуваат и со басните, сказните и легендите. Што се однесува, до хронологијата на потеклото на македонските анегдоти, може да се констатира дека, наспроти фактот оти смеата е стара колку човекот, овие народни приказни се создадени во временскиот интервал кога настанале и новелите, односно во епохата на феудализмот. Анегдотите низ комични аспекти ги третирале негативностите на семејниот и општествениот живот. Тие покрај тоа, жигосувале и некој индивидуални, но типизирани, недостатоци кај луѓето, како склоноста кон лажењето и алкохолот, страшливоста и сл. Анегдотите ја одразувале и истакнувале народната духовност, остроумност и досетливост, а ја исмејувале глупавоста, површноста, умствената ограниченост кај луѓето. Затоа, надлажувањето и досетливоста се чести мотиви во нив. Се разбира, како актери на надлажувањето најчесто се јавуваат Настрадин-оџа и Итар Пејо, при што победник секогаш излегува итриот Мариовец. Некои од човековите недостатоци, исто така, сатирично се жигосуваат во овие народни умотворби. Така страшливоста и фалењето кај мажите прилично остро се исмејува во

анегдотата „Страшливецот“ (Шапк., бр. 172). Семејните мотиви во народните анегдоти најчесто ги третираат односите меѓу сопрузите. При тоа, иронизирањето почесто се однесува на жената, кај која се исмејува мрзливоста, лакомоста, зборливоста, склоноста кон алкохолот, неумеењето на готвењето итн. Како и во новелите, владиците, поповите и калуѓерите се чести јунаци и во анегдотите. Со остар сарказам нашата народна анегдота ги регистрира недопусливите пороци на претставниците на свештенството какви што се склоноста кон коцкањето и пиењето, скржавоста, алчноста и неукоста. Многу анегдоти се однесуваат на населението на пооделни места, краишта како на Мариово и дебарското село Стеблево при што најчесто се исмејува глупавоста. Овие анегдоти се резултат на месниот, локалниот ривалитет помеѓу некои наши населени подрачја. Низ ненавредлив хумор се откриваат некои недостатоци на односното население, како неговата лесновернос, наивност и заостанатост, примитивност („Желката и Мариовците“ - Цепенк. бр.234). Кај нас постојат и доста анегдоти за одделни народности - за Турците, за Власите, Циганите и други и при тоа со не многу остар хумор, се откриваат некој особености на овие народности. Така анегдотата Еѓуптинот цар и Еѓупката царица (Шапк. бр. 63) Како мошне оригинални народни умотворби, анегдотите се карактеризираат со голем уметнички реализам; тие се уверливо сведоштво за секогаш будното, критичко око на народниот творец. Во овој жанр се овековечило колективното животно искуство, типизирано вообличено со најконцизен хумористичен израз.

1.4.8. Примена на легенди и преданија

Меѓу најстарите наши народни умотворби спаѓаат легендите и преданијата. Додека легендата преставува зрно рационализам обвиткано со најфантастични народни толкувања и претпоставки на некои појави во животот и природата, преданието зборува за настани и личности кои одиграле значајна улога во животот на населението од определено регионално подрачје или на целиот народ воопшто. Така, кај легендите се разликуваат: космогониски (оние што обработуваат мотиви за создавањето на животот и светот), етногенетички (кои го објаснуваат потеклото на човекот и на пооделни народи), митолошки (за змејови, самовили, русалки, наречници и други натприродни суштества), верски (за пооделни библиски личности) и легенди за потеклото на некои растенија и животни и за природни појави (ветар, молња, грмотевица и сл). Преданијата пак можат да

се разграничат на две основни групи: историски (за настани и личности познати во историјата) и етиолошки (што го објаснуваат името или потеклото на некое место, река, езеро, планина, крепост, град итн.). Најстари се, несомнено, космогониските и етногенетичките легенди. Се смета дека тие потекнуваат од времето помеѓу II-V век, а својот процут го доживеале во периодот на богомилството, за што сведочи обилно застапениот дуализам (на ликот на Бога му се спротиставува ликот на ѓаволот) во нив. Директен одраз на народната вера во натприродни суштества се митолошките легенди, кои зборуваат за змејови, ламји, вампири, самовили, таласами, наречници и сл. И во овие народни умотворби суеверието е присутно. Суштествена нивна одлука е претставувањето на митолошките суштества во човеколика форма. Верските легенди се создадени подоцна, во поново време, под влијание на средновековната, црковна книжевност. Како јунаци во овие народни легедни се јавуваат ликовите на најпознатите библиски личности Адам и Ева, Каин и Авел, Богородица и Христос, архангел Михаил, св. Никола, св. Илија, ангелите и сатаната кои се претставени како обични луѓе и поставени во непосредни, секојдневни врски со човекот. Од апокрифната книжевност го влечат своето потекло и легендите за потеклото на растенијата, животните и појавите во природата.

Преданијата, исто така, спаѓаат меѓу постарите народни умотворби; постои мислење дека нивното потекло го влече својот корен од родовско- 120 племенските преданија кои зборувале за појавата на пооделни племиња. За народните преданија се карактеристични историзацијата (поврзување на раскажувачкото дејство со некој историски настан, односно личност) и локализацијата (раскажувањето се однесува на конкретно детерминирана територија). Забележлива одлика на преданијата е постоењето на многубројни архаизми како и контаминации заради заборавањето на околностите во кои се одиграл односниот настан како и на заменувањето на имињата на личностите за кои се зборува. Историските преданија можат да претрпат своја внатрешна поделба - преданија за историски настани и преданија за историски личности. Историските преданија се создавани претежно од XIV век наваму, т.е. од паѓањето на нашиот народ под турска власт. Голем број од нив зборуваат токму за тие пресудни моменти од историјата на балканските Словени, за последните решавачки борби против турските освојувачи. Дел од преданијата за историски личности се интегрално поврзани со преданијата за историски настани, како оние што зборуваат за Момчил Војвода, Марко Крале,

Александар Велики, Давид и Соломон, Јустијан, Константин и др. Најмногу бројни се етиолошките преданија, кои најчесто зборуваат за името, односно основањето на некој град, село, манастир, за изградбата на патишта, мостови, крепости и сл. Од македонските космогониски легенди најпопуларни се оние што зборуваат за тоа како настанале светот и животот, како и одделни небески тела (За сонцето и месечината - Шапк. бр.41). Нашите етногенетички легенди, покрај тоа што го „објаснуваат“создавањето на човекот, зборуваат и за потеклото на одделни народи и народности како:Турци, Грци, Власи, Евреи, Цигани и други, при што тие најчесто зборуваат за некоја карактеристична особеност на поодделни народи како што е тоа случај со легендата Цар Фараон и Циганите - (Цепенк., бр.10), која појаснува како припадниците на оваа народност ги загубиле своите материјални богатства што ги имале во минатото. Легендите за потеклото на растенијата, животните и некои појави во природата, зборуваат дека нивното настанување се случило како резултат на делото на Господ, Богородица, ѓаволот итн. Грмежот и молњата, според овие легенди, се дело на св. Илија кои ги создава кога ја гони ламјата за оваа да не го јаде бериќетот. Адам, според легендата, им дал имиња на сите животни раководејќи се од нивниот глас. Митолошките легенди ги опишуваат и сите оние митолошки сознанија кои често се застапени во нашата народна песна, како и во другите жанрови на народните приказни. Додека вештерките се јавуваат во вид на оган, вампирите како непричестени мртовци кои оживуваат ноќе и излегувајќи од гробовите им ја пијат крвта на другите луѓе, наречниците како три жени од различна возраст, дотогаш таласамите се животни- волови, кучки и сл. Овие легенди ги опфаќаат и олицетворенијата на некои болести од кои чумата е во центарот на раскажувањето. Таа се јавува како жена со страшно лице, растурена коса, како мачка или јаре.

Македонските народни преданија се претежно кратки состави кои се создадени за некој историски настан, односно личност или пак за некој локалитет: за Марко Крале, Свети Климент, Свети Наум, преземањето на Битола од страна на турските освојувачи, за Румена Војвода, за цркви, планини, езера, манастири (Охридско Езеро - Мил. стр.480, Марко во Кале наХисара в Штип - СбНУ. XII, стр.201)... Македонските народни легенди и преданија се прекрасно сведоштво за постојано активниот народен дух и интелект. Тие ја илустрираат вечната народна љубопитност да проникне во секоја животна појава, во секој природен или општествен феномен, при што давала своја оценка и толкување Во

минатото тие имале огромно значење; чувајќи го споменот за значајни пресудни историски настани, проткаени со борби и противставување на поробувачите- туѓинци, легендите и преданијата го освежувале и одржувале сознанието за националната самобитност.

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1.Предмет, цел, задачи и хипотези

Предмет на овој магистерски труд претставуваат ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата на училишна возраст. Предметот произлегува од искуството на авторот и практичната работа како психолог во создавање на авторски и примена на библиотераписки приказни и техники за деца со цел подобрување на нивна ментална состојба и здравје.

Главната цел на ова истражување е придонес во нови сознанија за примена на библиотерапијата кај деца од училишна возраст, како дел од воспитно-образовниот процес, и поттикнување на интерес кон оваа тема кај учителската популација, а воедно и поттикнување на имплементација на библиотерапијата како алатка за работа со деца.

Како **подцели** на предметното истражувањето се:

1) Опис на ставовите на наставниците, односно испитување и утврдување дали наставниците ја користат библиотерапијата и за каква цел;
2) Анализа на поврзаноста на работниот стаж на наставниците со примената на библиотерапија;
3) Анализа на поврзаноста на работното место со примена на библиотерапијата.

Во согласност со поставените цели, **задачи** на ова истражување се следниве:

1) Утврдување на ставовите на наставниците од предметна и одделенска настава во врска со употреба на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес;
2) Испитување и утврдување дали наставниците ја користат библиотерапијата и за каква цел;
3) Утврдување на степенот на познавање на поими поврзани со библиотерапија кај наставниците од одделенска и предметна настава;
4) Утврдување на степенот на самопроценка на компетенциите во врска со поими поврзани со библиотерапија кај наставниците од одделенска и предметна настава;
5) Утврдување дали постојат разлики во степенот на познавање на поимите и само-проценката на компетенциите помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава;

6) Утврдување дали постојат разлики во примената на библиотерапијата помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава;
7) Утврдување дали постојат разлики во примената на библиотерапијата во зависност од работниот стаж на наставниците;
8) Утврдување на начините и степенот на стекнување на искуства кај наставниците за примена на библиотерапија.

Согласно горенаведеното, **генералната истражувачка хипотеза** на ова истражување е дека наставниците во одделенска настава повеќе ја применуваат библиотерапијата од наставниците во предметна настава.

Дополнително, **посебни субхипотези** се следниве:

1) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и примената на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата;
2) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и степенот на познавање на поимите за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата;
3) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и степенот на компетентност за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес;
4) Наставниците од одделенска настава имаат попозитивен став за примена на библиотерапијата од наставниците во предметна настава;
5) Наставниците кои имаат стручна поддршка од стручните соработници во училиштето повеќе ја применуваат библиотерапијата во воспитно-образовниот процес од оние кои немаат.

2.2. Користени податоци

За потребите на ова истражување, спроведена е анкета на примерок од вкупно 102 наставници од одделенска и предметна настава од основните училишта ширум Републиката. Анкетата беше спроведена по електронски пат, преку испраќање линк од анкетниот прашалник до платформи, социјални мрежи и меилови до наставниците. За оваа цел, беа искористени и контактите на наставниците-членови на ЗОН учители и ЗОН координатори (Здружение на одделенски наставници), како и наставници членови на

вибер-групата МОН-наставници ментори. Следствено, популацијата на ова истражување ја чинат наставниците од основните училишта во Република Северна Македонија.

За потребите на анкетата користен е анкетен прашалник со скала на проценка за наставници, кој се состои од осум дескриптивни прашања и пет скали на проценка. Дескриптивните прашања се однесуваат на: полот на наставниците, работниот стаж, областа во која предаваат, како и 5 прашања поврзани со примената на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес. Дополнително, скапите за проценка се однесуваат на зависните променливи во моделот, како на пример:

1) Тежина на учителската професија (едно прашање на скала од 1 до 10);
2) Ставовите на наставниците за библиотерапијата (11 искази на скала од 1 до 5);
3) Познавање на поими поврзани со библиотерапија (4 искази на скала од 1 до 5);
4) Компетенции поврзани со библиотерапија (4 искази на скала од 1 до 5);
5) Место и начин на компетенциите поврзани со библиотерапијата (5 искази на скала од 1 до 5).

Табела 1: Преглед на зависните променливи и скалите користени во анкетниот прашалник

Исказ / Променлива	Ознака
1. Тежина на учителската професија	**Tezina**
2. Ставови на наставниците за библиотерапијата	**S_avg**
Сметам дека библиотерапијата поттикнува читање книги	S1
Сметам дека библиотерапијата влијае на способностите на ученикот во решавање на проблеми	S2
Сметам дека библиотерапијата идентификува социјално прифатливо однесување	S3
Сметам дека библиотерапијата поттикнува прифаќање на различности	S4
Сметам дека библиотерапијата го подобрува емоционалниот развој на ученикот	S5
Сметам дека библиотерапијата го подобрува когнитивниот развој на ученикот	S6
Сметам дека библиотерапијата го подобрува социјалниот развој на ученикот	S7
Сметам дека библиотерапијата овозможува увид во сопствени искуства	S8
Сметам дека библиотерапијата поттикнува морални вредности и ставови	S9
Сметам дека библиотерапијата му помага на ученикот да разбере дека сите имаат некој проблем и дека е можно да се пронајде алтернативно решение за истиот	S10
Сметам дека библиотерапијата треба да ја користам во мојата работа со учениците	S11

3. Познавање на поими поврзани со библиотерапијата	**P_avg**
Развојна библиотерапија	P1
Сликовница со селективна примена	P2
Терапевтска приказна	P3
Приказна која помага	P4
4. Компетенции во врска со библиотерапијата	**K_avg**
Развојна библиотерапија	K1
Сликовница со селективна примена	K2
Терапевтска приказна	K3
Приказна која помага	K4
5. Искуство во врска со библиотерапијата	**I_avg**
Искуство во преддипломски студии	I1
Искуство во дипломски студии	I2
Искуство во стручно усовршување	I3
Искуство во самостојно читање стручна литература	I4
Искуство во учество на едукации за влијание на приказни врз развој кај децата	I5

Извор: Приказ на авторот

Целиот Прашалник е даден како Прилог 1 на крајот од овој магистерски труд. Прашалникот е самостојно прилагоден и преведен од две странски истражувања: дипломски труд на тема „Можностите на библиотерапијата во работа со деца од рана училишна возраст“ на кандидатката Моника Јукич и дипломски труд на хрватски јазик на тема „Мислењето на учителите за примена на библиотерапијата во инклузивни одделенија“ на кандидатката Маја Крунич.

Во врска со променливите користени во анализата, согласно прикажаното во Табела 1, истите се пресметани како просек од сите искази во рамки на соодветната скала, и како такви се користени во натамошната анализа.

Согласно поставените цели и хипотези, како независни променливи во анализата се земени: полот на наставниците, работниот стаж, областа во која работат (предметен или одделенски наставник), дали користи библиотерапија во воспитно-образовниот процес или не, како и дали има поддршка од стручни лица во училиштето.

2.3.Статистички методи и модели

Со цел реализација на поставените истражувачки цели, како и тестирање на поставените хипотези, анализата на податоците добиени од спроведената анкета се состои од дескриптивна и инференцијална статистика. Дескриптивната статистика се однесува на зависните променливи и истата опфаќа пресметка на мерките за централна тенденција и мерките за дисперзија, на ниво на променлива, но и на ниво на поединечен исказ. Од друга страна пак, инференцијалната статистика опфаќа пресметка на коефициенти на корелација, како и спроведување на тестови за еднаквост на променливите помеѓу различни групи на испитаници. Со оглед на тоа што кај дел од променливите не се исполнети условите потребни за спроведување на параметарски тестови, односно АНОВА тест, конкретно условот за нормален распоред и условот за хомогеност на податоците (Kenton, 2024), во анализата е користен непараметарскиот Крускал-Валис тест кој претставува ранг- тест и алтернатива за еднонасочната АНОВА. За разлика од АНОВА тестот и генерално од параметарските тестови, Крускал-Валис тестот се базира на полиберални претпоставки, при што нормалниот распоред на податоците не е една од нив. Претпоставките кај овој тест се дека: 1) зависната променлива треба да биде изразена на ординална, интервална, или скала на сооднос; 2) независната променлива треба да има најмалку две различни, меѓусебно независни, групи категорични; и 3) податоците (испитаниците) во рамки на секоја група се меѓусебно независни. Нултата хипотеза кај Крускал-Валис тестот гласи дека помеѓу групите во рамки на независната променлива нема статистички значајни разлики во медијаната за зависната променлива, наспроти алтернативната хипотеза која гласи дека медијаната кај барем една од групите се разликува од оние кај останатите групи. Тестот има Хи-квадрат распоред, за К-1 степени на слобода, при што К е бројот на групи во рамки на независната променлива (Corder & Foreman, 2009).

Дополнително, кај корелационата анализа, користен е Спирмановиот коефициент на корелација, кој исто така претставува ранг- тест и се смета за непараметарска алтернатива на Пирсоновиот коефициент на корелација (Lehman, et al., 2005).

Анализата на податоците е спроведена со примена на статистичкиот софтвер СПСС, за ниво на значајност од 0,05, односно со 95% сигурност во тврдењата.

2.4.Ограничувања

Иако овој магистерски труд се базира на издржана и јасно поставена методологија, постојат одредени ограничувања кои треба да се истакнат. Најпрво, ограничувачки фактор при целата анализа е примерокот на испитаници, односно малиот број на наставници опфатени со истражувањето. Имено, со цел да се намали маргината на грешка, потребен е поголем примерок на испитаници, односно учесници кои би учествувале во истражувањето, при што оптималниот број би бил околу 1.000 испитаници. Ваквиот број на учесници би резултирал со маргина на грешка од околу 3%, што е универзално прифатливо ниво за ваков тип на истражувања.

Дополнително, во контекст на примерокот, ограничување претставува и неговата структура, односно репрезентативност. Со цел да може да се изведат генерални заклучоци кои би се однесувале на целата популација, структурата на примерокот потребно е да соодветствува со онаа на популацијата. Па така, при селекција на примерокот треба да се обрне внимание на неколку битни аспекти, како на пример, средината (урбана или рурална), полот и возраста на наставниците, етничката припадност, големината на училиштето (број на ученици или друг сличен индикатор), застапеноста на одделенските наспроти предметните наставници, т.н. наставниците вклучени во примерокот треба да бидат сразмерно застапени, согласно структурата на целокупната популација. Сепак, во пракса ова е релативно тешко за се изведе и истото бара ангажирање на значителни ресурси, најпрво поради недостатокот на потребните податоци, а второ, поради ограничувачките канали на комуникација.

Конечно, како своевидно ограничување може да се сметаат и самите променливи, односно начинот на проценка на променливите. Имено, анкетниот прашалник користен при истражувањето се базира на самопроценка, така што наставниците имаат можност по свое убедување да одберат на одредена скала колкави се нивните познавања во врска со одредени поими, или колкави се нивните компетенции и искуство, или пак кој е нивниот став по однос на одреден исказ. Притоа, проценката на еден наставник не е воедначена со онаа на останатите наставници, бидејќи истата се базира на личните перцепции.

Дополнително, скалите кои се користат за проценка се ординални, односно помеѓу користените вредности на скалата не постои еднаква разлика. На пример, разликата од 1 до 2 поени на скалата, не нужно е еднаква на онаа помеѓу 4 и 5 поени, и сл. Во таков случај, вреднувањето може значително да отстапува од реалноста, бидејќи на пример некој наставник кој има помала самодоверба, а има одредени компетенции, може истите да ги процени дека се на помало ниво од реалното, за разлика од некој кој поради поголема самодоверба може да ги прецени своите многу помали компетенции. Оттука, како простор за натамошна анализа, може да се размислува за примена на одреден објективен механизам за проценка и мерење на променливите користени во анализата.

3. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНАЛИЗА

3.1.Опис и структура на примерокот

Во врска со примерокот на испитаници, од аспект на демографските карактеристики, примерокот се состои од вкупно 102 испитаници, наставници од основните училишта во Република Северна Македонија, при што 85 од нив се жени, наспроти 17 мажи. Нешто над половина од испитаниците, односно вкупно 56 наставници, се од одделенска настава, додека пак 46 се од предметна настава. Од аспект на работниот стаж, примерокот опфаќа наставници со по неколку месеци работно искуство, па се до наставници со по 40 години работно искуство. Најголемиот дел, вкупно 32 наставници, се со работен стаж од 11 до 15 години, додека пак во останатите категории опфаќаат по 16 до 20 испитаници.


Табела 2: Структура на примерокот

Променлива	Категорија	Број на испитаници
Пол	Женски	85
	Машки	17
Работен стаж	до 5 години	17
	6 - 10 години	16
	11 - 15 години	32
	16 - 20 години	17
	над 20 години	20
Област	одделенски наставник	56
	предметен наставник	46
Вкупно		**102**

Извор: Пресметка на авторот

Од наставниците од предметна настава, најбројни се оние кои предаваат англиски јазик, вкупно 8 наставници и македонски јазик, вкупно 7 наставници. По 4 наставници има од предметите математика и географија, додека пак историја предаваат 3 наставници опфатени со примерокот. Останатите 20 наставници од предметна настава предаваат други различни предмети, или пак и по неколку сродни предмети (на пример биологија, хемија и природни науки; македонски и англиски јазик; и сл.).


Графикон 1: Предмети кои ги предаваат предметните наставници



Извор: Пресметка на авторот

Нешто над 85% од наставниците опфатени со истражувањето, односно вкупно 87 испитаници, за време на своите студии не слушале теми од областа на библиотерапијата. Дополнително, нешто помалку од половина, односно 49 испитаници, во својата работа не користат библиотерапија, наспроти 53 наставници кои се изјасниле дека користат библиотерапија во воспитно-образовниот процес.

Графикон 2: Запознаеност на наставниците со библиотерапијата и нејзина примена



Извор: Пресметка на авторот

Графикон 3: Цел за која се применува библиотерапијата



Извор: Пресметка на авторот

Најголемиот дел од наставниците кои се изјасниле дека во својата работа користат библиотерапија, односно нешто помалку од половина (47%), истата најчесто ја применуваат со цел поттикнување на читачките способности кај учениците. Други 24% библиотерапијата ја применуваат за решавање на проблеми во одделението, додека пак

речиси исто толкав број од наставниците кои применуваат библиотерапија истото го прават за одредени емоционални и социјални цели.

Наставниците кои користат библиотерапија во својата работа посочиле различни типови на проблеми за чие решавање ја користат истата. Сепак, како најчести проблеми за кои се користи библиотерапијата се решавање на конфликти и конфликтни ситуации, проблематично однесување и врсничко насилство, како и проблеми со комуникација и социјализација.

Од аспект на користената литература, наставниците користат литература од сите жанрови, вклучително и стручна литература и енциклопедии, но сепак се чини дека басните и сказните се омилени и најчесто користени при библиотерапијата.

Табела 3: Најчести проблеми за чие решавање се користи библиотерапијата

Проблем	Број на испитаници
За конфликтни ситуации	2
За проблематично однесување	2
Врсничко насилство	1
За страв, самодоверба, лутина, тага…	1
Културно однесување. Решавање на проблемски ситуации од секојдневието. Унапредување на вештини за изразување и творење. Читање со разбирање.	1
Прифаќање на ново другарче во одделението, развивање на емпатија кон децата со потешкотии во развојот, решавање на конфликтни ситуации и сл.	1
Проблем во комуникација	1
Разбирање на однесувањето- ученик- ученик, ученик- наставник, дете- родител	1
Решавање на конфликти	1
Социјализација, детски расправии, проблеми во дружењето	1
Културно однесување	1

Извор: Пресметка на авторот


Табела 4: Најчесто користена литература

Литература	Број на испитаници
Басни	7
Од сите жанрови	3
Англиска литература	1
Бајките на Х. К. Андресен	1
Девојчето со ќибритчиња	1
Италијански сказни	1
„Кога Ушко се плаши“, „Кога Летко е тажен“	1
Лектира- „Мојот звук“ од Оливера Николова	1
Литература за деца	1
Најчесто текстови во кои е разработен сличен проблем, на пр. текстот „Различни, а сепак исти“, но често ми се случува и сама да напишам литературен текст соодветен на ситуацијата.	1
Приказни / текстови кои имаат содржина во која се решаваат конфликтите со убав збор и добро дело	1
Секогаш различни. ,,Кошулата на Видек" Басни. ,,Книга на тајните" ,,Тајната на Сината Самовила"	1
Стари читанки по македонски јазик, енциклопедии	1
Стручна литература	1
Филозофски приказни	1

Извор: Пресметка на авторот

Нешто над 90% од испитаниците, односно 92 од вкупно 102 наставници, се изјасниле дека имаат поддршка од стручните соработници во училиштето за примена на библиотерапијата. Во овој контекст, наставниците најчесто добиваат поддршка од педагогот во училиштето, за што се изјасниле вкупно 42 наставници, додека пак нешто помалку, односно 39 наставници, се изјасниле дека најголема стручна поддршка за примена на библиотерапија добиваат од училишниот психолог.

Графикон 4: Поддршка на наставниците од страна на стручните соработници во училиштето за примена на библиотерапија



Извор: Пресметка на авторот

3.2.Дескриптивна статистика и тестови за еднаквост

Согласно добиените резултати, наставниците генерално сметаат дека учителската професија е „тешка“ професија. Имено, на скала од 1 до 10, просечниот одговор на наставниците опфатени со истражувањето во врска со тежината на учителската професија изнесува 8,1. Нешто над 75% од наставниците на ова прашање одговориле со 8 или над 8 поени, иако има и такви кои не се согласуваат со тоа.

Во врска со библиотерапијата, наставниците опфатени со истражувањето генерално имаат позитивен став, при што просечниот одговор на скала од 1 до 5 изнесува 4,1, додека пак медијалниот одговор е 4,3 поени. Опсегот на вредности за променливата став се движи помеѓу 2 и 5 поени, со стандардна девијација од 0,8 поени.

По однос на познавањето на поими од областа на библиотерапијата, како и компетенциите на наставниците во овој контекст, на скала од 1 до 5, просечниот одговор за познавањето на поимите е 3 поени, додека пак за компетенциите на наставниците е 2,9 поени. Опсегот на вредности за двете променливи е широк и се движи од минималните 1 до максималните 5 поени, при што стандардната девијација изнесува 1,1 поен и во двата случаи.

Во врска со искуството на наставниците со библиотерапијата, односно начинот на нивна едукација и стекнување искуство, на скала од 1 до 5, просечното ниво на оваа променлива е 3,1 поен, со стандардна девијација од 1,1 поен.

Од аспект на распоредот на дистрибуција на променливите, согласно спроведените тестови, дел од променливите се нормално распоредени (поими, компетенции и искуство), додека пак дел немаат нормален распоред (тежина и став). Имено, Жарк-Бера тестот за нормален распоред кај првите три променливи има Хи-квадрат статистика на тест во распон од 1,3 до 3,2 поени за секоја од трите променливи, со п-вредности поголеми од 0,05, што значи дека истите следат нормален распоред на дистрибуција. Од друга страна пак, кај променливите Тежина и Став Жарк-Бера статистиката изнесува 75,1 и 8,2 поени соодветно, со п-вредноси помали од 0,05, што значи дека овие две променливи немаат нормален распоред на дистрибуција. Во Прилог 3 на овој магистерски труд е прикажана дистрибуцијата за секоја од овие 5 променливи, од каде јасно се гледа горенаведената констатација.

Нормалниот распоред на податоците е особено важен од аспект на статистичката анализа, од причина што истиот претставува услов за спроведување на одредени тестови и тестирање на хипотези, како што се на пример параметарските тестови за еднаквост АНОВА и Т-тестот. Од причина што дел од променливите не го исполнуваат условот за спроведување на наведените параметарски тестови, а со цел задржување на конзистентноста во пристапот, анализата се базира на непараметарската алтернатива на АНОВА тестот, односно Крускал-Валис тестот, за кој стана збор погоре во текстот.

Табела 5: Дескриптивна статистика на зависните променливите

Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Просек	8.1	4.1	3.0	2.9	3.1
Медијана	8	4.3	3	3	3
Минимум	1	2	1	1	1
Максимум	10	5	5	5	5
Ст. Девијација	2.1	0.8	1.1	1.1	1.1
Асиметричност	-1.60	-0.40	-0.01	0.11	0.08

Сплоснатост	5.74	1.87	2.23	2.48	2.15
Жарк-Бера тест	75.1	8.2	2.5	1.3	3.2
п-вредност	0.000	0.017	0.280	0.512	0.205


Извор: Пресметка на авторот

На ниво на поединечен исказ, Графиконот 5 во продолжение дава преглед на фреквенциите на добиени одговори. При тоа, од приложеното јасно се гледа позитивниот став на наставниците во врска со корисноста на библиотерапијата, каде со 1 или 2 одговориле само неколкумина од наставниците или пак ниту еден од нив. Од друга страна пак, сликата е обратна кај исказите од групата познавање на поими и компетенции од областа на библиотерапијата, каде како што може да се види од прикажаното, и до 40% од наставниците на наведените искази одговориле со 1 или 2.

По однос на начинот на стекнување на своето искуство, речиси 50% од наставниците опфатени со истражувањето одговориле дека истото го стекнале надвор од формалното високо образование, додека пак најголемиот дел истото го стекнале самостојно, со читање на стручна литература.

Дескриптивната статистика за променливите на ниво на поединечен исказ, како и фреквенциите на добиени одговори во табеларна форма, се прикажани во Прилог 2 на крајот од овој труд.


Графикон 5: Фреквенции на добиените одговори на ниво на исказ



Извор: Пресметка на авторот

Како продолжение на дескриптивната анализа на податоците и променливите, во рамки на истражувањето направена е анализа во врска со тоа дали помеѓу различни групи на испитаници, во зависност од одредена независна променлива, постојат одредени разлики во просечните, односно медијалните вредности на променливите. Така, анализата започнува со полот на испитаниците, но истата покажува дека помеѓу наставниците од различен пол нема статистички значајни разлики за ниту една зависна променлива. Имено, медијалните вредности кај речиси сите променливи се исти за машките и женските наставници, со мали разлики кај ставот во врска со библиотерапијата и познавањето на поими од областа на библиотерапија, каде медијалните вредности за мажите се незначително повисоки. Конкретно, медијалните вредности за променливата тежина на учителската професија, и кај мажите и кај жените, изнесува 8 поени од вкупно 10, додека пак кај компетенциите и искуството, медијалната вредност кај двете групи на наставници изнесува 3 од максимални 5 поени. Кај ставот во врска со библиотерапијата, медијалната вредност за машките наставници е 4,4 поени, наспроти 4,3 за женските, додека пак кај познавањето на поими од областа на библиотерапијата, мажите имаат медијална вредност од 3,3 поени, а жените 3 поени. Сепак, спроведениот Крускал-Валис тест за еднаквост (Табела 6) има вредности за статистиката на тестот помеѓу 0 и 1, односно п-вредности значително повисоки од 0,05, за сите зависни променливи, што значи дека помеѓу мажите и жените не постојат статистички значајни разлики во медијалните вредности на променливите, односно помеѓу мажите и жените нема разлика во перцепциите, односно ставот за тежината на учителската професија, ставот за библиотерапијата, познавањето на поими од областа на библиотерапијата, степенот на компетенции и стекнатото искуство.

Графикон 6: Медијални вредности на променливите според полот на наставниците



Извор: Пресметка на авторот


Табела 6: Крускал-Валис тест според полот на наставниците

Крускал - Валис	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Статистика на тест	0.169	0.074	0.710	0.000	1.016
п - вредност	0.681	0.786	0.399	0.989	0.313

Извор: Пресметка на авторот

Слични резултати како за полот на наставниците се добиваат и кога е во прашање работниот стаж. Иако одредени разлики се забележуваат кај тежината на учителската професија, каде поискусните наставници генерално имаат повисоки медијални вредности, анализата покажа дека истите се статистички незначајни на ниво на значајност од 0,05. Конкретно, медијалните вредности на оваа променлива за наставниците со работен стаж до 15 години изнесуваат 8 поени, за оние со работен стаж помеѓу 16 и 20 години медијалната вредност е 9 поени, додека пак кај најискусните, оние со преку 20 години работно искуство, медијалната вредност за оваа променлива изнесува 9,5 поени, од максимални 10.

Графикон 7: Медијални вредности на променливите според стажот на наставниците



Извор: Пресметка на авторот

Во врска со ставовите на наставниците во врска со библиотерапијата, најпозитивен став имаат наставниците со работен стаж до 5 години, чија медијална вредност изнесува 4,5 поени. Кај останатите групи, медијалната вредност изнесува 4,2 поени, со исклучок на наставниците со работен стаж помеѓу 16 и 20 години, кои имаат најниска медијална вредност за оваа променлива од 4 поени.

Во врска со познавањето на поими и компетенции од областа на библиотерапијата, како и стекнатото искуство, медијалните вредности на различните групи на наставници според нивниот работен стаж се движат во распон од 2,8 до 3,1 поени, при што не се видливи одредени логични законитости.

Табела 7 дава преглед на добиените резултати од спроведениот Крускал-Валис тест за независната променлива работен стаж, за секоја од 5-те зависни променливи поединечно. Резултатите, односно добиените тест статистики се ниски (пониски од соодветните критични вредности), што резултира со п-вредности поголеми од утврденото ниво на доверба од 0,05. Ваквите резултати претставуваат потврда дека работниот стаж на

наставниците не претставува фактор кој би можел да доведе до одредени разлики кај наставниците во врска со набљудуваните зависни променливи.

Табела 7: Крускал-Валис тест според стажот на наставниците

Крускал - Валис	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Статистика на тест	3.045	1.778	0.979	0.451	0.707
п - вредност	0.550	0.777	0.913	0.978	0.951


Извор: Пресметка на авторот

Според областа во која работат наставниците, односно во зависност од тоа дали се предметни или одделенски наставници, анализата покажа одредени статистички значајни разлики за набљудуваните променливи, иако слабо изразени. Така на пример, може да се каже дека одделенските наставници повеќе ја ценат учителската професија од предметните наставници, така што медијалната вредност за оваа променлива кај првите изнесува 9 поени, наспроти 8 кај вторите. Дополнително, одделенските наставници имаат генерално повисоки медијални вредности за променливите поврзани со библиотерапијата од предметните наставници, иако не станува збор за изразени разлики. Така на пример, медијалната вредност за ставот во врска со библиотерапијата кај одделенските наставници изнесува 4,3 поени, наспроти 4,2 кај предметните наставници. Понатаму, медијалната вредност кај променливата познавање на поими од областа на библиотерапијата е 3 поени за одделенските наставници, наспроти 2,8 за предметните. Нешто слично е и кај стекнатото искуство, каде одделенските наставници имаат медијална вредност од 3,1 поени, наспроти 3 поени за наставниците од предметна настава.

Најизразени разлики помеѓу наставниците од одделенска и од предметна настава има кај степенот на компетенции во врска со библиотерапијата, при што кај наставниците од одделенска настава медијалната вредност на оваа променлива изнесува 3 поени, додека пак за наставниците од предметна настава медијалната вредност на променливата компетенции е 2,5 поени. Статистиката на спроведениот Крускал-Валис тест за оваа

променлива изнесува нешто на 4, со п-вредност од 0,043 (помала од 0,05). Ваквиот резултат покажува дека утврдените разлики во степенот на компетенции помеѓу предметните и одделенските наставници се статистички значајни.

Графикон 8: Медијални вредности на променливите според областа



Извор: Пресметка на авторот

Табела 8: Крускал-Валис тест според областа


Крускал - Валис	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Статистика на тест	0.966	0.536	1.294	**4.090**	1.392
п - вредност	0.326	0.464	0.255	**0.043**	0.238

Извор: Пресметка на авторот

Потврда за гореизнесениот став гледаме и во продолжение на Графиконот 9 , каде се прикажани медијалните вредности и дистрибуцијата на променливата, компетенции помеѓу одделенските и предметните наставници. Како што може да се види од прикажаното, наставниците од одделенска настава имаат систематски повисоки вредности за оваа променлива, споредено со оние од предметна настава, што резултира со статистички значаен тест за еднаквост. Спротивно на ова, поради изразени варијации во

рамки на секоја група за останатите променливи, Крускал-Валис тестот резултира со статистички незначајни резултати.

Графикон 9: „Бокс-плот“ на променливата компетенции според областа



Извор: Пресметка на авторот


Сепак, сликата е поинаква доколку се направи споредба помеѓу наставниците кои користат библиотерапија во нивната работа и оние кои не користат. Па така, општата констатација би била дека наставниците кои користат библиотерапија во својата работа, во просек имаат попозитивен став за истата; имаат поголемо познавање на поими од областа на библиотерапијата и поседуваат повисок степен на компетенции; а имаат стекнато и повисоко искуство во врска со библиотерапијата од наставниците кои не ја применуваат истата. Конкретно, медијалната вредност на ставот кај наставниците кои применуваат библиотерапија во својата работа изнесува 4,5 поени, наспроти 3,9 поени кај оние наставници кои не ја применуваат. Понатаму, медијалната вредност за променливите познавање на поими и компетенции од областа на библиотерапијата за наставниците кои истата ја применуваат изнесува 3,5, односно 3,3 поени соодветно, наспроти 2,5 поени кај наставниците кои не ја применуваат истата. Конечно, медијална вредност од 3,4 поени за

оние наставници кои применуваат библиотерапија, наспроти 2,6 поени кај за оние кои не применуваат, имаме кога станува збор за стекнатото искуство.

Спроведениот Крускал-Валис тест покажа дека ваквите разлики се статистички значајни, односно, пресметаните статистики на тест се во принцип високи (помеѓу 8,4 и 14,1), односно повисоки од соодветните критични вредности, што резултира со п-вредности пониски од 0,05.

Разликите во распоредот на дистрибуција за променливите поврзани со библиотерапијата, помеѓу наставниците кои ја користат и оние кои не ја користат истата во воспитно-образовниот процес, се прикажани на Графиконот 11 во продолжение. Од истиот практично може да се забележат систематските разлики помеѓу вие две групи на испитаници, при што разликите се најизразени кај променливата компетенции.

Графикон 10: Медијални вредности на променливите според тоа дали наставниците користат библиотерапија во воспитно-образовниот процес или не користат.



Извор: Пресметка на авторот

Во врска со ставот околу тежината на учителската професија, се чини дека и во овој поглед наставниците кои ја применуваат библиотерапијата во својата работа имаат попозитивен став од оние кои не ја применуваат. Имено, медијалната вредност на оваа


променлива кај првата група изнесува 9 поени, наспроти 8 поени кај втората. Сепак, Крускал-Валис тестот во овој случај покажа дека идентификуваните разлики се статистички незначајни, при што статистиката на тестот изнесува 0,2, со п-вредност еднаква на 0,654 (повисока од 0,05).

Табела 9: Крускал-Валис тест според тоа дали наставниците користат библиотерапија во воспитно-образовниот процес или не

Крускал - Валис	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Статистика на тест	0.201	**8.434**	**14.634**	**14.079**	**8.726**
п - вредност	0.654	**0.004**	**0.000**	**0.000**	**0.003**

Извор: Пресметка на авторот

Графикон 11: „Бокс-плот“ на променливите став, поими, компетенции и искуство според




тоа дали наставниците користат библиотерапија во воспитно-образовниот процес или не користат.

Извор: Пресметка на авторот

Конечно, доколку се набљудува од аспект на тоа дали постојат разлики во променливите помеѓу наставниците кои имаат поддршка од стручните соработници во училиштата и оние кои немаат, спроведената анализа покажа отсуство на статистички значајни разлики. Имено, иако одредени разлики помеѓу овие две групи на наставници се забележуваат од аспект на познавањето на поими поврзани со библиотерапијата, спроведениот Крускал-Валис тест има вредности помали од 1 за сите променливи, што резултира со п-вредности поголеми од 0,05.

Графикон 12: Медијални вредности на променливите според тоа дали наставниците имаат поддршка од стручните соработници во училиштето за примена на библиотерапија



Извор: Пресметка на авторот

Табела 10: Крускал-Валис тест според тоа дали наставниците имаат поддршка од стручните соработници во училиштето за примена на библиотерапија

Крускал - Валис	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Статистика на тест	0.071	0.397	0.475	0.148	0.337
п - вредност	0.790	0.529	0.491	0.700	0.561

Извор: Пресметка на авторот

3.3.Корелациона анализа

Како резиме на целата анализа, во рамки на ова истражување спроведена е и корелациона анализа помеѓу годините на работен стаж на наставниците и независните променливи, проследена со вкрстување на добиените одговори во врска со примената на библиотерапијата и оние за стажот на наставниците, областа и тоа дали истите имаат поддршка од стручните соработници во училиштата.


По однос на корелационата анализа, пресметани се Спирмановите коефициенти на корелација помеѓу работниот стаж на наставниците и секоја од набљудуваните зависни променливи. Согласно прикажаното во Табела 11, може да се забележи дека работниот стаж нема корелација со ниту една од набљудуваните променливи, односно пресметаните коефициенти се речиси еднакви на нула. На ниво на значајност од 0,05, ниту еден од пресметаните коефициенти не е статистички значаен.

Табела 11: Коефициенти на корелација

Променлива	Стаж
Тежина	0.13
Став	-0.07
Поими	0.05
Компетенции	0.01
Искуство	0.00

Извор: Пресметка на авторот

Ваквиот резултат се забележува и доколку се погледне Графиконот 13 во продолжение, каде може да се види дека во рамки на утврдените групи според должината на работниот стаж на наставниците, речиси и да нема систематски разлики во процентот на наставници кои применуваат библиотерапија во своето работење. Така на пример, процентот на наставници кои во своето работење применуваат библиотерапија се движи помеѓу 47% и 56%, за различни групи на работен стаж, при што не може да се изведе логичен заклучок дека поискусните наставници генерално повеќе применуваат библиотерапија од оние со помало работно искуство, или пак обратно.




Графикон 13: Примена на библиотерапијата според работниот стаж на наставниците

Извор: Пресметка на авторот

Состојбата е различна доколку се набљудува од аспект на областа на наставниците. Имено, како што може да се види од Графиконот 14, од вкупно 53 наставници кои применуваат библиотерапија во своето работење, 36 се од одделенска настава, а 17 од предметна. Гледано во проценти, 64% од наставниците во одделенска настава применуваат библиотерапија во своето работење, наспроти 37% од предметните наставници.

Имајќи го предвид горенаведеното, може да се констатира дека наставниците од одделенска настава во просек повеќе ја применуваат библиотерапијата од наставниците во предметна настава.




Графикон 14: Примена на библиотерапијата според областа на наставниците

Извор: Пресметка на авторот

Слично како и за областа, иако со нешто помала изразеност, разлики во примената на библиотерапијата постојат и помеѓу наставниците во зависност од поддршката која ја имаат од стручните лица во училиштата. Па така, анализата покажа дека 49 наставници, од вкупно 53 кои применуваат библиотерапија, имаат поддршка од стручните лица во училиштата. Или низ проценти, од вкупниот број на наставници кои имаат поддршка од стручните служби 53% применуваат библиотерапија во својата работа, наспроти 40% кои применуваат библиотерапија, а за истото немаат никаква поддршка.

Со други зборови, заклучокот е дека наставниците кои имаат поддршка од стручните служби во училиштата генерално повеќе применуваат библиотерапија во својата работа, односно во воспитно-образовниот процес на учениците, во споредба со оние наставници кои немаат поддршка за тоа.

Графикон 15: Примена на библиотерапијата според тоа дали наставниците имаа поддршка



од стручните соработници во училиштето за примена на библиотерапија

Извор: Пресметка на авторот

Во продолжение е табеларен преглед на поставените хипотези, односно дали истите се прифаќаат или не, со соодветно појаснување во врска со резултатот.

Табела 12: Преглед на резултатите во контекст на поставените хипотези

Хипотеза	Образложение	Одлука
Генерална хипотеза: Наставниците во одделенска настава повеќе ја применуваат библиотерапијата од наставниците во предметна настава.	64% од наставниците во одделенска настава применуваат библиотерапија, наспроти 37% од наставниците во предметна настава	Се прифаќа
1) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и примената на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата;	Нема видлив тренд на зголемување на примената на библиотерапија според работниот стаж на наставниците.	Се отфрла
2) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и степенот на познавање на поимите за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата;	Резултатите од спроведениот Крускал-Валис тест покажуваат дека во зависност од работниот стаж помеѓу наставниците нема разлика во степенот на познавање на поимите за примена на библиотерапија во воспитно-образовниот процес.	Се отфрла
3) Со зголемување на работниот стаж на наставникот се зголемува и степенот на компетентност за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес;	Резултатите од спроведениот Крускал-Валис тест покажуваат дека во зависност од работниот стаж помеѓу наставниците нема разлика во степенот на компетентност за примена на библиотерапија во воспитно-образовниот процес.	Се отфрла
4) Наставниците од одделенска настава имаат попозитивен став за примена на библиотерапијата од наставниците во предметна настава;	Резултатите од спроведениот Крускал-Валис тест покажуваат дека во зависност од областа, помеѓу наставниците од предметна и одделенска настава нема разлика во ставот за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес.	Се отфрла
5) Наставниците кои имаат стручна поддршка од стручните соработници во училиштето повеќе ја применуваат библиотерапијата во воспитно-образовниот процес од оние кои немаат.	53% од наставниците кои имаат стручна поддршка применуваат библиотерапија, наспроти 40% од оние кои немаат.	Се прифаќа

Извор: Преглед на авторот

ЗАКЛУЧОК

Библиотерапијата која воедно е тема на овој научен труд подразбира однапред подготвена и испланирана употреба на книжевно дело како што се: приказни, бајки, легенди, новели, преданија, проза, поезија, митови, легенди, сликовници и различни книжевни текстови кои обработуваат: метафора, споредба, алеорија, рима и ритам со цел да се овозможи олеснување и поттикнување разни стратегии и вештини за психо-емоционална регулација која е наменета за одредена група или индивидуа (возрасен или дете) за целите на потребниот третман.

Согласно поставената методологија и дизајнот на ова истражување, предмет на овој магистерски труд беа ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата на училишна возраст. Генералната хипотеза беше дека наставниците во одделенска настава повеќе ја применуваат библиотерапијата од наставниците во предметна настава. Дополнително, посебните хипотези ги земаат предвид работниот стаж на наставниците и стручната поддршка која истите ја имаат во училиштето, односно го испитуваат влијанието на овие фактори врз примената на библиотерапијата и ставот кој наставниците го имаат по однос на истата.

Со цел тестирање на поставените хипотези, спроведено е истражување, односно електронска анкета, на примерок од вкупно 102 испитаника, наставници од основните училишта во Република Северна Македонија. Прашалникот содржеше неколку демографски и дескриптивни прашања, како и 5 мерни скали за самопроцена на зависните променливи: тежина на учителската професија, став во врска со библиотерапијата, познавање на поими од областа на библиотерапијата, компетенции од областа на библиотерапијата, како и стекнување на искуство поврзано со библиотерапијата.

Од аспект на статистичката обработка и анализа на податоците од истражувањето, истата се базира на дескриптивна и инференцијална статистика, односно примена на тестови за еднаквост на применливите за различни групи на испитаници.

Согласно добиените резултати, нешто над половина од наставниците опфатени со истражувањето во својата работа користат библиотерапија, при што истите најчесто ја применуваат со цел поттикнување на читачките способности кај децата, за решавање на

одредени проблеми во одделението, како и за емоционални и социјални цели. Решавањето на одредени конфликтни ситуации, како и проблеми во комуникацијата и социјализацијата помеѓу децата, се најчестите проблеми кои наставниците настојуваат да ги решаваат со помош на библиотерапија, притоа користејќи широк спектар на литература, а најчесто басни и сказни.

Најголемиот дел од наставниците, нешто над 90%, се изјасниле дека во своите училишта имаат поддршка за примена на библиотерапијата од стручните лица, првенствено педагог и психолог.

Спроведената анализа покажа дека наставниците кои во своето работење применуваат библиотерапија во просек имаат попозитивен став кон истата, имаат поголемо познавање на поими од областа на библиотерапијата, поголеми компетенции, и стекнато поголемо искуство во врска со библиотерапијата. На скала од 1 до 5, медијалната вредност кај ставот во врска со библиотерапијата за наставниците кои ја применуваат истата во својата работа изнесува 4,5 поени, наспроти 3,9 поени за оние кои не ја применуваат. Дополнително, разликата помеѓу оние кои применуваат библиотерапија и оние кои не применуваат е околу 1 поен кога се во прашање познавањето на поими, степенот на компетенции, како и стекнатото искуство. Имено, медијалните вредности за овие променливи кај наставниците кои применуваат библиотерапија изнесуваат околу 3,5 поени, наспроти 2,5 поени кај оние кои не применуваат.

Покрај ова, анализата покажа и дека наставници од одделенска настава и наставниците кои имаат поддршка од стручните лица во училиштето, во просек повеќе ја применуваат библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај децата. Имено, 64% од наставниците во одделенска настава применуваат библиотерапија, наспроти 37% од предметните наставници. Дополнително, 53% од наставниците кои имаат поддршка од стручните лица применуваат библиотерапија, наспроти 40% од оние кои немаат стручна поддршка.

Резултатите од спроведеното истражување во рамки на овој магистерски труд треба да поттикнат натамошен интерес во врска со библиотерапијата и нејзина примена кај децата од училишна возраст.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. **Витанова., Р. А.** (2020). *Премостени соништа*. Скопје: Силсонс, стр 63-70.
2. **Владова., J.** (2001). *Литература за деца.* Скопје: Ѓурѓа, стр.92-103.

3. **Денкова., Ј.** (2011). *Книжевност за деца*. Штип: Универзитет "Гоце Делчев", Филолошки факултет, стр 20-40.

4. **Димова., В.** (2011). *Методика на наставата по книжевност*. Штип: Универзитет "Гоце Делчев", Филолошки факултет

5. **Јорданова ., П. Н.** (2018). *Поезијата и медицината*. Скопје: Матица македонска, стр. 83-93.

6. Кузманоска., В, (2024). Професионалниот развој на наставниците за соработка со родителите. Битола: Универзитет "Св. Климент Охридски", Педагошки факултет, стр

7. **Прокопиев., А.** (1999). *Од народното кон уметничкото чудесно*. Скопје: Современост, стр.119 - 120.

8. **Саздов., Т.** (1997). *Усна народна книжевност.* Скопје: Детска радост, стр. 173.

9. **Тодорова., М.** (2011). *Литературата за деца и културната разноликост.* Скопје: Вермилион, стр 33-39

10. **Ќимова., Ѓ.** (2019). *Базична методологија на истражување*. Свети Николе: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета

11. **Чучкова., А.** (2018). *Детски терапевтски приказни*. Свети Николе: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета

12. Afolayan., J.A. (1992). *Documentary Perspective of Bibliotherapy in Education.* Reading Horizons, 33(2), 137-147.

13. Андерсен., Х. К. (1990). Дивите лебеди, Одбрани сказни. Скопје: Детска радост, стр.68. 38

14. Андерсен., Х. К. (1990). Малата сирена, Одбрани сказни. Скопје: Детска радост, стр.33

15. Avagyan, A., Baghdasaryan, L., Sargsyan, K. (2016). *Changing Stereotypes With Regard To Special Needs Through Children Literature*, Wisdom, 2(7), 156-161.

16. **Ayalon., O**. (1995). *Spasimo djecu: priručnik grupnih aktivnosti za pomoć djeci u stresu*. Zagreb: Školska knjiga

17. **Bašić., I**. (2012). *Tematski osvrti: Biblioterapija - liječenje knjigom*. Hrčak: Glasilo Hrvatskog čitateljskog društva, стр. 46-47, стр. 12-14.

18. **Bašić., I**. (2011*). Biblioterapija i poetska terapija: priručnik za početnike*. Zagreb: Balans centar

19. **Beatty., W. K.** (1962). *A Historical review of Bibliotherapy*. University of Illinois at Urbana-Champaign: Graduate School of Library and Information Science.

20. Boillet, D., Bukvić, Z. (2015*). Razlike u mišljenjima studenata i zaposlenih učitelja o obrazovnoj inkluziji učenika s teškoćama*. Zagreb: Hrvatska revija za rehabilitacijska istraživanja, 51(1), 9-23.

21. Corder, G. W. & Foreman, D. I., 2009. Nonparametric Statistics for Non-Statisticians: A Step-by-Step Approach. s.l.:John Wiley & Sons, Inc..

22. Crnković., M. (1987). *Sto lica priče.* Zagreb: Školska knjiga, str.64, 90-91.

23. Divinyi., J.E. (1995). Storytelling: An Enjoyable and Effective Therapeutic Tool. Contemporary Family Therapy, 17(1), 27-30.

24. Гајић., Д. (2008). Андерсенова бајка – народна бајка,. Детињство, бр.3, Змајеве дечје игре, Нови Сад, стр.87-92.

25. Jukić., M. (2017). Mogućnost biblioterapije u radu s djecom mlađe školske dobi: Diplomski rad. Osijek: Fakultet za odgojne i obrazovne znanosti u Osijeku.

26. Kapović Vidmar, P., Lacovich, M. (2017). *7 putovanja-Terapeutske priče za djecu*. Zagreb: Naklada Uliks.

27. Kenton, W., 2024. What Is Analysis of Variance (ANOVA)?. [Online] Available at: https://www.investopedia.com/terms/a/anova.asp[Accessed 28 08 2024].

28. Kranjčec Mlinarić, J., Žic Ralić, A., Lisak, N. (2016). Promišljanje učitelja o izazovima i barijerama inkluzije učenika s poteškoćama u razvoju. Školski vijesnik: časopis za pedagogijsku teoriju, 233-249.

29. Krpan. K, I. Klak Mršić, V. Cej. (2018). Primena razvojne biblioterapije u radu s djecom I mladima u narodnoj knjiznici.Vjesnik bibliotekara Hrvatske, Zagreb 61, 1345-361

30. Kudek Mirošević, J., Jurčević Lozančić, A. (2014). Stavovi odgojitelja i učitelja o provedbi inkluzije u redovitim predškolskim ustanovama i osnovnim školama. Hrvatska revija za rehabilitacijska istraživanja, 50(2), 17-29.

31. Kurtts., S.A., Gavigan., K.W. (2008). Understanding (Dis)abilities through children ' s literature. Education Libraries: Childrens Resources, 31(1), 23-33.

32. Lehman, A., O'Rourke, N., Hatcher, L. & Stepanski, E., 2005. Jmp For Basic Univariate And Multivariate Statistics: Methods for Researchers and Social Scientists. 2nd ed. s.l.:SAS Press.

33. Лихачов., Д. С. (1978). *Народна бајка у модерној књижевности*. Београд: Нолит, стр. 63-64.

34. Maich, K., Kean, S. (2004). Read Two Books and Write Me in the Morning! Bibliotherapy for social emotional intervention in the inclusive classroom. TEACHING Exceptional Children Plus, 1(2), 1-13.

35. Malloy, J., M.N. (2006). Bibliotherapy Revisited: Issues In Classroom Management. Mangilao, USA: M-m-mauleg Publishing.

36. Маус.,М. Д. и Рејнолдс., Д. (2017). *Ефективна настава истражувања и практика.* Скопје: АРС Ламина

37. McEncroe, M. (2007). Incorporating Bibliotherapy Into the Classroom: A Handbook for Educators. All Regis University These, 74.

38. Mikuletič, N**.** (2010). Biblioterapija u školskoj knjižnici ili razgovor o knjizi. Vjesnik bibliotekara Hrvatske, 53(2), 133-140.

39. Милинковић., М. (2004) Реално и фантастично у структури Андерсенових бајки, Детињство, Змајеве дечје игре, Нови Сад, бр.3-4, стр. 85-90.

40. Moy, J.D. (2017). Reading and Writing Ones Way to Wellness: The History of Bibliotherapy and Scriptotherapy. Saint Louis: Saint Louis University.24. Morawski, C.M. (1997). A Role for Bibliotheapy in Teacher Education. Reading Horizons, 37(3), 243-259.

41. Ogrenir, B. (2013). Teachers' Adequacy In Applications Of Bibliotherapy In Classrooms. New York: Department of Education and Language Acquisition La Guardia Community College.

42. Ouzts, D.T., Laboard Brown, K. (2000). Practical Applications for the Classroom Teacher: A Bibliotherapeutic Approach. Indianapolis: International Reading Association.

43. Pregrad. , J. (1996). *Stres, trauma, oporavak*. Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

44. Pardeck., J. A. (2013). *Using Books in Clinical Social Work Practice: A Guide to Bibliotherapy*. London and New York: Routledge.

45. Pehrsson., D.E., McMillen, P. (2007). *Bibliotherapy : Overview and Implications for counselors*. USA: American Counseling Association.

46. Perrow., S. (2010). *Bajke i priče za laku noć-Terapeutske priče za djecu*. Velika Mlaka: Ostvarenje.

47. Perrow., S. (2013). *Iscjeljujuće priče II: 101 terapeutska priča za djecu*. Velika Mlaka: Ostvarenje.

48. Петровиќ. Б. Т. (2015) *Естетске законитости књижевности за децу.* Ниш: Детињство, 1 / (XLI) стр. 22-29

49. Петровиќ., Т. Б. (2013). Књижевност за децу и њена улога у васпитавању и образовању деце школског узраста, тематски зборник, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању, Врање, стр. 260

50. Прокопиев., А. (1985). Едно можно табеларно претставување на фантастичните елементи во македонската сказна. Скопје: Македонски фолклор, бр.35, стр.207

51. Pregrad., J. (1996). Stres, trauma, oporavak "Osnove psihosocijalne trauma I oporavka", Zagreb

52. Radanović, M**.** (2015). Biblioterapija kao edukativna i terapijska alatka i prikaz portretisanja psihopatoloških fenomena u jednom književnom delu, sa posebnim osvrtom na depresiju. Timočki medicinski glasnik, 40(2), 106-110

53. Renić, Z. (2012). Biblioterapija i muzikoterapija: Prikaz projekta Medicinske škole Bjelovar. Hrčak: Glasilo Hrvatskog čitateljskog društva, 46-47, 24-25.

54. Rudež, J. (2005). Bibilioterapija. Hrvatski časopis za teoriju i praksu nastave hrvatskoga jezika, književnosti, govornoga i pismenoga izražavanja te medijske kulture, 3(1-2), 99-121.

55. Savitri. , S. N. (2006). *Duhovno tumacenje bajki*. Beograd: Kamgraf

56. Silverberg, L. (2003). Bibliotherapy: The therapeutic use of didactic and literary texts in treatment, diagnosis, prevention and training. The Journal of the American Osteopathic Association, 103(3), 131-135.

57. Skočić-Mihić, S., Klarić,M. (2014). Biblioterapija u inkluzivnoj praksi. Dijete, vrtić, obitelj: časopis za odgoj i obrazovanje djece rane školske dobi namijenjen stručnjacima i roditeljima, 20(75), 30-31.

58. Skočić-Mihić, S., Riman, K., Zoričić, T. (2016). The role of problem picture books in the formation of inclusive values. Međunarodni stručnoznanstveni skup, „Suvremeni modeli rada u dječjem vrtiću i kompetencije odgojitelja". Medulin, Hrvatska.

59. Skočić-Mihić, S., Maich, K., Belcher, C., Perrow, S., Barišić, A., NovakRamić, N. (2017). The Role of Bibliotherapy and Therapeutic Storytelling in Creating Inclusive Classroom Communities. U Curran i Petersen (ur.), Handbook of Research on Classroom Diversity and Inclusive Education Practice (str. 375-398). USA: IGI Global.

60. Shechtman. Z. (2010). *Treating Child and Adolescent Agression Through Bibliotherapy.* New York: Springer.

61. Turner, N.D. (2013). Bibliotherapy and Autism Spectrum Disorder: Making Inclusion Work. Electronic Journal for Inclusive Education, 3(1), 1-20.

62. Уташи, А. (2004). Најмлађа вештица, Детињство, Змајеве дечје игре, Нови Сад, бр.3-4, стр.95.

63. Velički., V. (2013). *Bajka ili put do djeteta*. Zagreb: Alfa

64. Виготски., Л. (1980). Психологија на уметноста. Скопје: Македонска книга, стр. 196-208.

65. Škrbina, D. (2013). *Art terapija i kreativnost*. Zagreb: Veble commerce.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Анкетен прашалник

ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

Овој прашалник се користи за потребите на магистерски труд на тема "/Какви се ставовите и искуствата на наставниците од предметна и одделенска настава за примена на библиотерапијата во воспитно-образовниот процес кај училишни деца?„ Анкетирањето е доброволно и во потполност анонимно. Било кој момент од анкетирањето вие можете да го прекинете и да се откажете од истото. Вашите одговори и мислења се многу важни, затоа би Ве замолила искрено да одговорите на сите прашања. Нема точни и неточни одговори.

1. Пол: а) машки б)женски
2. Години работен стаж како учител/наставник_____
3. Означете во која област предавате: а) одделенски нас. б)предметен нас.

Ако сте предметен нас. запишете го предметот по кој предавате_____

4. Дали за време на студиите слушавте теми за „Библиотерапија„? а)Да б)Не

Дали во својата работа користите библиотерапија? а)Да б)Не

5. Ако на претходното прашање одговоривте со ДА, за каква цел ја користите библиотерапијата? (може да заокружите повеќе одговори)
   а) поттикнување на читачки способности
   б) за емоционални цели
   в) социјални цели
   г) работа со деца со потешкотии и атипичен развој
   д) решавање на проблеми во одделението
   ѓ) _____
6. Ако на претходното прашање го заокружите одговорот под д), наведете за какви проблеми најчесто ја користевте библиотерапијата?

_____
_____

7. Која литература/приказна тогаш ја користевте?

_____
_____

8. Дали во вашата работа имате поддршка од стручните соработници во училиштето?

а)Да б)Не

Ако вашиот одговор е ДА заокружете од кој добивате најмногу поддршка:

а)педагог б) психолог в) дефектолог г) логопед д) социјален работник

Оценете ја тежината на учителската професија со заокружување од 1 до 10 (1-воопшто не е тешка до 10-многу тешка)

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10

Во табелата пред вас заокружете во која мера се согласувате или не се согласувате со даденото тврдење .

Сметам дека библиотерапијата...

	Воопшто не се согласувам	**Не се согласувам**	**Ниту се согласувам ниту не се согласувам**	**Се согласувам**	**Целосно се согласувам**
Поттикнува читање книги.	1	2	3	4	5
Влијае на способностите на ученикот во решавање на проблеми.	1	2	3	4	5
Идентификува социјално прифатливо однесување.	1	2	3	4	5
Поттикнува прифаќање на различности.	1	2	3	4	5
Го подобрува емоционалниот развој на ученикот.	1	2	3	4	5
Го подобрува когнитивниот развој на ученикот.	1	2	3	4	5
Го подобрува социјалниот развој на ученикот.	1	2	3	4	5
Овозможува увид во сопствени искуства.	1	2	3	4	5
Поттикнува нови вредности и ставови.	1	2	3	4	5
Му помага на ученикот да разбере дека сите имаат некој проблем и дека е можно да се пронајде алтернативно решение за истиот.	1	2	3	4	5
Треба да ја користам во мојата работа со учениците.	1	2	3	4	5

Во следната табела проценете колку од наведените поими ви се познати и во која мера сметате дека се развиени вашите компетенции во однос на тие поими скалирајќи ги од 1 до 5 каде **1=воопшто не сум запознаен/а (компетентен**), 2= малку сум запознаен/а(компетентен), 3= ниту малку ниту многу сум запознаен/а(компетентен), 4=многу сум запознаен/а(компетентен), **5=во потполност сум запознаен/а (компетентен).**

ПОИМИ	**воопшто не сум запознаен/а**	**малку сум запознаен/а**	**ниту малку ниту многу сум запознаен/а**	**многу сум запознаен/а**	**во потполност сум запознаен/а**
Развојна библиотерапија	1	2	3	4	5
Сликовница со селективна примена	1	2	3	4	5
Терапевтска приказна	1	2	3	4	5

Приказна која помага	1	2	3	4	5
КОМПЕТЕНЦИИ	**воопшто не сум компетентен /а**	**малку сум компетентен /а**	**ниту малку ниту многу сум компетентен/ а**	**многу сум компетенте н**	**во потполност сум компетентен/ а**
Развојна библиотерапија	1	2	3	4	5
Сликовница со селективна примена	1	2	3	4	5
Терапевтска приказна	1	2	3	4	5
Приказна која помага	1	2	3	4	5

Проценете и скалирајте од 1 до 5 **(1- воопшто не сум стекнал/а до 5- во потполност сум стекнал/а)** во која мера сте ги стекнале вашите компетенции за примена на библиотерапија(приказни и сликовници) во наставата при што заокружете го бројот кој најмногу одговара и се совпаѓа со вашето животно искуство.

Во текот на:	**Воопшто не сум стекнал/а**	**Малку сум стекнал/а**	**Ниту малку ниту многу сум стекнал.а**	**Многу сум стекнал/а**	**Во потполност сум стекнал/а**
Преддипломски студии	1	2	3	4	5
Дипломски студии	1	2	3	4	5
Стручно усовршување	1	2	3	4	5
Самостојно читање стручна литература	1	2	3	4	5
Учество на едукации за влијание на приказни врз развој кај децата	1	2	3	4	5


Ви благодарам на учеството!


Прилог 2: Дескриптивна статистика и фреквенции за секој исказ одделно


Прашање	Просек	Медијана	Модус	Станд. Дев.	Фреквенции				
					1	2	3	4	5
Tezina	8.1	8	8	2.1	/	/	/	/	/
S1	4.2	4	5	0.9	1	1	27	25	48
S2	4.0	4	5	0.9	0	3	32	28	39
S3	4.0	4	5	0.9	0	2	29	34	37
S4	4.0	4	5	0.9	0	4	28	29	41
S5	4.2	5	5	0.9	1	0	26	22	53
S6	4.3	5	5	0.9	1	0	21	27	53
S7	4.2	4	5	0.9	1	1	22	31	47
S8	4.1	4	5	0.9	0	2	29	31	40
S9	4.2	4	5	0.8	0	1	25	31	45
S10	4.2	4	5	0.8	0	1	24	29	48
S11	4.1	4	5	0.9	0	3	27	25	47
P1	2.7	3	3	1.2	21	18	41	11	11
P2	3.1	3	3	1.3	15	16	31	24	16
P3	2.9	3	3	1.3	19	18	33	20	12
P4	3.2	3	3	1.2	12	16	31	25	18
K1	2.7	3	3	1.2	22	20	36	14	10
K2	2.8	3	3	1.2	17	21	36	17	11
K3	2.8	3	3	1.2	19	14	44	16	9
K4	3.2	3	3	1.1	12	9	47	19	15
I1	2.5	3	1	1.4	38	10	29	15	10
I2	2.7	3	1	1.4	32	14	27	12	17
I3	3.0	3	3	1.3	20	12	36	16	18
I4	3.7	4	5	1.1	3	13	23	31	32
I5	3.3	3	3	1.3	10	19	25	24	24


Извор: Пресметка на авторот


Прилог 3: Распоред на дистрибуција на променливите (хистограм)


S_avg
Frequency
30
25
20
15
10
5
0
2.0
2.4
2.8
3.2
3.6
4.0
4.4
4.8
5.2


P_avg
Frequency
16
12
8
4
0
1.0
1.5
2.0
2.5
3.0
3.5
4.0
4.5
5.0
5.5


K_avg
Frequency
25
20
15
10
5
0
1.0
1.5
2.0
2.5
3.0
3.5
4.0
4.5
5.0
5.5


I_avg
Frequency
12
10
8
6
4
2
0
1.0
1.5
2.0
2.5
3.0
3.5
4.0
4.5
5.0
5.5


Tezina
Frequency
32
28
24
20
16
12
8
4
0
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11

Прилог 4: Дескриптивна статистика според независна променлива

Пол

Категорија	Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Женски	Испитаници	85	85	85	85	85
	Просек	8.0	4.1	2.9	2.9	3.1
	Медијана	8.0	4.3	3.0	3.0	3.0
	Минимум	1.0	2.3	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.2	0.8	1.1	1.1	1.1
Машки	Испитаници	17	17	17	17	17
	Просек	8.2	4.1	3.2	2.9	2.8
	Медијана	8.0	4.4	3.3	3.0	3.0
	Минимум	5.0	3.0	1.5	1.3	1.2
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	4.2
	Ст. Дев.	1.4	0.7	1.3	1.2	1.1
Крускал - Валис		0.169	0.074	0.710	0.000	1.016
п - вредност		0.681	0.786	0.399	0.989	0.313

Работен стаж

Категорија	Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
до 5 години	Испитаници	17	17	17	17	17
	Просек	8.1	4.3	2.9	2.8	3.2
	Медијана	8.0	4.5	3.0	2.8	3.0
	Минимум	5.0	3.0	1.0	1.0	1.6
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	1.3	0.7	1.1	1.2	1.1
6 - 10 години	Испитаници	16	16	16	16	16
	Просек	7.6	4.1	2.8	2.9	2.8
	Медијана	8.0	4.2	2.8	3.0	2.9
	Минимум	1.0	2.3	1.8	1.5	1.2
	Максимум	10.0	5.0	4.3	4.0	4.6
	Ст. Дев.	2.9	0.8	0.9	0.7	1.0
11 - 15 години	Испитаници	32	32	32	32	32
	Просек	7.9	4.2	3.0	2.9	3.1
	Медијана	8.0	4.2	3.1	3.0	3.0
	Минимум	2.0	2.9	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	4.6
	Ст. Дев.	2.0	0.8	1.2	1.1	1.0
16 - 20	Испитаници	17	17	17	17	17

години	Просек	8.4	4.0	3.0	2.9	3.0
	Медијана	9.0	4.0	2.8	2.5	3.0
	Минимум	1.0	3.0	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.1	0.8	1.1	1.2	1.1
над 20 години	Испитаници	20	20	20	20	20
	Просек	8.5	4.1	3.2	3.0	3.1
	Медијана	9.5	4.2	3.0	3.0	3.2
	Минимум	4.0	2.8	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.0	0.8	1.1	1.3	1.3
Крускал - Валис		3.045	1.778	0.979	0.451	0.707
п - вредност		0.550	0.777	0.913	0.978	0.951

Област

Категорија	Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
одделенски наставник	Испитаници	56	56	56	56	56
	Просек	8.1	4.2	3.1	3.1	3.2
	Медијана	9.0	4.3	3.0	3.0	3.1
	Минимум	1.0	2.9	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.2	0.7	1.1	1.1	1.0
предметен наставник	Испитаници	46	46	46	46	46
	Просек	8.0	4.1	2.9	2.6	2.9
	Медијана	8.0	4.2	2.8	2.5	3.0
	Минимум	1.0	2.3	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	1.8	0.8	1.1	1.1	1.1
Крускал - Валис		0.966	0.536	1.294	**4.090**	1.392
п - вредност		0.326	0.464	0.255	**0.043**	0.238

Користи библиотерапија во работата

Категорија	Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Да	Испитаници	53	53	53	53	53
	Просек	8.0	4.4	3.4	3.3	3.3
	Медијана	9.0	4.5	3.5	3.3	3.4
	Минимум	1.0	3.0	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.4	0.6	1.0	1.0	1.0

Не	Испитаници	49	49	49	49	49
	Просек	8.2	3.9	2.6	2.5	2.7
	Медијана	8.0	3.9	2.5	2.5	2.6
	Минимум	1.0	2.3	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	1.7	0.8	1.1	1.1	1.1
Крускал - Валис		0.201	**8.434**	**14.634**	**14.079**	**8.726**
п - вредност		0.654	**0.004**	**0.000**	**0.000**	**0.003**

Има поддршка од стручните соработници во училиштето

Категорија	Индикатор	Тежина	Став	Поими	Компет.	Искуство
Да	Испитаници	92	92	92	92	92
	Просек	8.1	4.1	3.0	2.9	3.0
	Медијана	8.0	4.3	3.0	3.0	3.0
	Минимум	1.0	2.3	1.0	1.0	1.0
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	2.0	0.8	1.1	1.1	1.1
Не	Испитаници	10	10	10	10	10
	Просек	7.5	4.2	3.2	3.0	3.2
	Медијана	8.5	4.4	3.4	3.0	3.2
	Минимум	1.0	3.2	1.0	1.0	1.6
	Максимум	10.0	5.0	5.0	5.0	5.0
	Ст. Дев.	3.0	0.8	1.2	1.1	1.1
Крускал - Валис		0.071	0.397	0.475	0.148	0.337
п - вредност		0.790	0.529	0.491	0.700	0.561

Извор: Пресметка на авторот